| Продолжен престој | | Валентина Ивановска | Марија Петреска |

Подрачно училиште

| Листа на одделенски раководители во ПООУ „Јоаким Крчоски" - албански наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Број на ученици** | **Одделенски раководител** | **Замена во отсуство на одделенски раководител** |
| I | 15 | Имране Селмани | Локман Ибраими |
| II | 24 | Локман Ибраими | Себије Мемеди |
| III | 20 | Јашар Исмаили | Емел Селмани |
| IV | 24 | Емел Селмани | Јашар Исмаили |
| V | 14 | Себије Мемеди | Семране Селмани |
| VI | 17 | Бесим Амети | Блерим Ибраими |
| VII | 21 | Блерим Ибраими | Бесим Амети |
| VIII | 19 | Љуљзиме Јусуфи | Нуран Исмаили |
| IX | 13 | Нуран Исмаили | Љуљзиме Јусуфи |

## 8.2.2. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЧАСОВИ НА НАСТАВЕН КАДАР

Централно училиште

| | Име и презиме на наставник | Наставен предмет | Број на редовни часови неделно | Паралелки во кои ќе предава (редовни часови) | Број на изборни часови неделно и предмет | Паралелки во кои ќе предава (изборни часови) | Ќе надополнува во ООУ со број на часови | Вкупно часови неделно (редовни и изборни) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даниела Кимовска | Македонски јазик | 20 | 6-1, 7-1, 7-2, 8-1, 8-2 | / | / | / | **20** |
| 2 | Слаѓана Трајковска Новеска | Македонски јазик | 12 | 6-2, 9-1, 9-2 | / | / | ПУ Никиштане 8 часа | **20** |
| 3 | Јасмина Стојановска | Англиски Јазик | 14 | 2-1, 8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | / | / | ЕМИС - 6 часа | **20** |
| 4 | Маријана Дејкоска | Англиски Јазик | 16 | 1-1, 1-2, 6-1, 6-2, 7-1, 7-2 | 4 часа Вештини на живеење | 9-1, 9-2 | / | **19** |
| 5 | Марија Петреска | Англиски јазик | 20 | 2-2, 3-1, 3-2, 4-1, 4-2, 5-1, 5-2 | / | / | / | **20** |
| 6 | Славица Тренческа | Француски јазик | 16 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2, 8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | 4 часа Унапредување на здравјето | 8-1, 8-2 | / | **20** |
| 7 | Борјанка Стојчевска | Математика<br>Физика | 16<br>4 | 7-1, 7-2, 9-1, 9-2<br>8-1, 8-2 | / | / | / | **20** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Соња Лазороска | Математика<br>Физика | 18<br>4 | 6-1, 6-2, ,8-1, 8-2,<br>9-1, 9-2 | / | / | / | **22** |
| 9 | Ана Настова | Биологија<br>Природни науки | 12<br>8 | 7-1,7-2,8-1,8-2,9-1,9-2,<br>5-1, 5-2, 6-1, 6-2 | / | / | / | **20** |
| 10 | Кире Николоски | Географија | 16 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2,<br>8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | / | / | ООУ„Страшо Пинџур“ 4 часа | **20** |
| 11 | Љупка Христова | Историја<br>Граѓанско образование | 16<br><br>4 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2,<br>8-1, 8-2, 9-1, 9-2<br>8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | / | / | / | **20** |
| 12 | Катица Георгиева | Музичко образование<br>Иновации<br>Училишен хор<br>Училишен оркестар | 8<br><br>2<br>3<br>3 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2,<br>8-1, 8-2, 9-1, 9-2<br>9-1, 9-2<br>8-1, 8-2<br>9-1, 9-2 | 4 часа Проекти од музичка уметност | 7-1, 7-2 | / | **20** |
| 13 | Марија Ставреска | Ликовно образование | 8 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2,<br>8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | / | / | ООУ„Страшо Пинџур“ 12 часа | **20** |
| 14 | Силвана Миленковиќ | Физичко и здравствено образование | 24 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2,<br>8-1, 8-1, 9-1, 9-2 | / | / | / | **24** |
| 15 | Игор Анѓелески | Физичко и здравствено образование | 24 | 1-1, 1-2, 2-1, 2-2,<br>3-1, 3-2, 4-1, 4-2 | / | / | / | **24** |
| 16 | Гордана Костовска | Информатика<br>Техничко образование и информатика | 6<br><br>6 | 6-1, 6-2, 7-1, 7-2<br><br>5-1, 5-2, 6-1, 6-2 | / | / | ООУ„Страшо Пинџур“ 9 часа | **21** |

**Во ООУ„Јоаким Крчоски“- Волково за учебната 2022/2023 има слободни часови по следниве предмети**

| | **Име и презиме** | **Наставен предмет** | **Број на редовни часови неделно** | **Паралелки во кои ќе предава-редовни часови** | **Број на изборни часови неделно** | **Паралелки во кои ќе предава-изборни часови** | **Матично училиште** | **Вкупно часови-редовни и изборни** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Валентина Пешевска | Хемија | 8 | 8-1, 8-2, 9-1, 9-2 | / | / | ООУ „Вера Циривири-Трена“ | **8** |
| 2 | Силвана Савевска | Етика<br>Запознавање на религиите | 2 | 7-1, 7-2 | 4 | 6-1, 6-2 | ООУ „Т. Милошевски“ | **6** |
| 3 | Наставник по физичко образоване | Физичко и здравствено | 6 | 4-1, 4-2 | / | / | / | **6** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | образование | | | | | | |
| 4 | Пантелеј Кондратјук | Македонски јазик (ПУ Никиштани) | 6 | 4, 8, 9 | / | / | ООУ „Д. П. Г. Беровски“ | **6** |

**Подрачно училиште**

| | Име и презиме на наставник | Наставен предмет | Број на редовни часови неделно, | Паралелки во кои ќе предава (редовни часови) | Број на изборни часови неделно и предмет | Паралелки во кои ќе предава наставникот (изборни часови) | Ќе надополнува во ООУ со број на часови | Вкупно часови неделно (редовни и изборни) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Нуране Исмаили | Албански јазик Граѓанско образование | 16<br>2 | 6, 7, 8, 9<br>8, 9 | 2 часа Истражување на родниот крај | 8 | / | **20** |
| 2 | Слаѓана Трајковска | Македонски јазик | 8 | 4, 6, 7 | / | / | / | **8** |
| 3 | Пантелеј Кондратјук | Македонски јазик | 6 | 5, 8, 9 | | | | **6** |
| 4 | Љуљзиме Јусуфи | Англиски јазик | 20 | 2, 3, 5, 6, 7, 8, 9 | / | / | / | **20** |
| 5 | Рабије Мифтари | Англиски јазик<br>Музичко образование<br>Техничко образование<br>Иновации<br>Етика | 5<br>4<br>3<br>1<br>1 | 1, 4<br>6, 7, 8, 9<br>5, 6<br>9<br>7 | 2 часа Етика на религиите<br>2 часа Нашата Татковина | 6<br>9 | / | **18** |
| 6 | Аријета Мемеди | Француски јазик | 8 | 6, 7, 8, 9 | / | / | / | **8** |
| 7 | Блерим Ибрахими | Математика<br>Информатика | 17<br>3 | 6, 7, 8, 9<br>6, 7 | / | / | / | **20** |
| 8 | Насер Азизи | Биологија<br>Природни науки<br>Ликовно образование<br>Хемија | 6<br>4<br>4<br>4 | 7, 8, 9<br>5, 6<br>6, 7, 8, 9<br>8, 9 | 2 часа Унапредување на здравјето | / | / | **20** |
| 9 | Бесим Амети | Географија<br>Историја<br>Физика | 8<br>8<br>4 | 6, 7, 8, 9<br>6, 7, 8, 9<br>8, 9 | / | / | / | **20** |
| 10 | Бурим Љатифи | Физичко и здравствено образование | 24 | 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9 | / | / | / | **24** |

## 8.2.3. РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ

### Централно училиште

Одделенска настава

| НАСТАВНИК | Одд. | ПОНЕДЕЛНИК | | | | | | | ВТОРНИК | | | | | | | СРЕДА | | | | | | | ЧЕТВРОК | | | | | | | ПЕТОК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **КАТЕРИНА ПЕТРЕСКА** | I 1 | 4 | 10 | 1 | 2 | 18 | | | | 2 | 1 | 10 | 5 | | | 1 | 2 | 8 | 4 | 18 | | | 3 | 3 | 2 | 1 | | | | 1 | 2 | 6 | 10 | | | |
| **ЕЛЕОНОРА ТРАЈКОВСКА** | I 2 | 10 | 4 | 1 | 2 | 18 | | | | 5 | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 2 | 8 | 4 | 18 | | | 2 | 1 | 3 | 3 | | | | 1 | 2 | 10 | 6 | | | |
| **ДАНИЦА МИЛЕСКА** | II 1 | | 14 | 2 | 4 | 1 | 8 | | | 2 | 10 | 1 | 3 | 3 | | | 1 | 1 | 2 | 10 | 11 | | 12 | 2 | 10 | 1 | 4 | 8 | | | 2 | 1 | 5 | 6 | 6 | |
| **МАЈА ТОДОРОВСКА** | II 2 | | 3 | 1 | 2 | 4 | 14 | | | 2 | 1 | 8 | 1 | 10 | | | 3 | 10 | 2 | 1 | 1 | | 12 | 2 | 1 | 10 | 4 | 8 | | | 2 | 1 | 5 | 6 | 6 | |
| **ВАЛЕНТИНА ПАНЧЕВСКА** | III 1 | 14 | 1 | 2 | 10 | 4 | 8 | | 2 | 5 | 3 | 1 | 1 | 8 | | 11 | 2 | 1 | 3 | 9 | 10 | | | 1 | 2 | 4 | 9 | 10 | | 12 | 1 | 3 | 2 | 6 | 6 | |
| **СЛАЃАНА СМИЛЧЕСКА** | III 2 | | 1 | 10 | 2 | 4 | 14 | | 11 | 1 | 1 | 3 | 2 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 10 | 9 | 8 | | 1 | 2 | 4 | 9 | 10 | 8 | | 12 | 1 | 2 | 6 | 6 | 3 | |
| **МАЈА ПЕТКОВСКА** | IV 1 | 1 | 2 | 4 | 6 | | | | 2 | 10 | 1 | 17 | 1 | 12 | | 3 | 10 | 1 | 4 | 2 | 11 | | 2 | 1 | 3 | 8 | 18 | 18 | | 1 | 10 | 2 | 17 | 3 | | |
| **ТАЊА АНЃЕЛКОСКА** | IV 2 | 1 | 2 | 4 | 6 | | | | 10 | 1 | 2 | 17 | 1 | 12 | | 10 | 2 | 1 | 4 | 3 | 11 | | 2 | 1 | 8 | 3 | 18 | 18 | | 1 | 2 | 17 | 3 | 10 | | |
| **САЊА АНДЕВСКА** | V 1 | 14 | 1 | 2 | 3 | 10 | 9 | 12 | 3 | 1 | 2 | 5 | 8 | 13 | 11 | 4 | 4 | 7 | 7 | 2 | 1 | | 10 | 2 | 6 | 6 | 3 | 1 | | 1 | 2 | 9 | 5 | 8 | 10 | |
| **ЈОВАНКА КОСТОВСКА** | V 2 | 14 | 1 | 3 | 2 | 9 | 10 | 12 | 1 | 3 | 2 | 5 | 8 | 13 | 11 | 1 | 2 | 4 | 4 | 7 | 7 | | 2 | 10 | 1 | 6 | 6 | 3 | | 10 | 2 | 1 | 9 | 5 | 8 | |
| **МАРИЈА ПЕТРЕСКА** | Англ | | II2 | V2 | V1 | | | | V1 | V2 | III1 | III2 | | | | IV1 | II2 | III2 | III1 | IV2 | | | | | IV1 | IV2 | V1 | V2 | | | | III1 | IV2 | IV1 | III2 | |
| **МАРИЈАНА ДЕЈКОСКА** | Англ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | I1 | I1 | I2 | I2 | | | | | | | | | | |
| **ЈАСМИНА СТОЈАНОВСКА** | Англ | | | | | | | | | | | | II | II1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **АНА НАСТОВА** | Прир.н. | | | | | | | | | | | | | | | V1 | V1 | V2 | V2 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ГОЦЕ КОЛЕЌЕСКИ** | ТО | | | | | | | | | | | | | | | IV1 | IV2 | V1 | V1 | V2 | V2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ИГОР АНГЕЛЕСКИ** | физичко | I2 | I1 | III2 | III1 | | | | | | II1 | I1 | I2 | II2 | | | | III2 | III1 | II2 | II1 | | | | II1 | II2 | III2 | III1 | | | | I2 | I1 | | | |
| **МАРИЈАНА ДЕЈКОСКА** | Изборен предмет | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | IV2 | IV2 | | | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 1 | Работа со компјутери и програмирање | 9 |
| Математика | 2 | Физичко и здравствено образование | 10 |
| Англиски јазик | 3 | Дополнителна настава | 11 |
| Природни науки | 4 | Додатна настава | 12 |
| Општество | 5 | Творештво - изборен | 13 |
| Ликовно образование | 6 | Час за одделенска заедница | 14 |
| Техничко образование | 7 | Слободни ученички активности | 15 |
| Музичко образование | 8 | | |

Предметна настава

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | П О Н Е Д Е Л Н И К | | | | | | | В Т О Р Н И К | | | | | | | С Р Е Д А | | | | | | | Ч Е Т В Р Т О К | | | | | | | П Е Т О К | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ДАНИЕЛА КИМОВСКА** | 7-1 | 7-2 | 6-2 | 6-2 | 6-1 | | | 6-2 | 6-1 | 9-1 | | | | | 9-1 | 7-2 | | 7-1 | | | | 7-2 | 9-1 | 6-1 | 6-2 | 7-1 | | | 7-2 | 7-1 | 6-1 | | 9-1 | 6-2 | |
| **СЛАЃАНА Н. ТРАЈКОВСКА** | | | | | 8-1 | 8-2 | 9-2 | 8-1 | 9-2 | | 8-2 | 8-1 | 8-2 | | | | | | | | | 9-2 | 8-2 | 8-1 | | 9-2 | | | | | | | | | |
| **ЈАСМИНА СТОЈАНОВСКА** | | | 8-1 | 7-2 | 8-2 | 7-1 | 7-2 | | | | | | | | 7-1 | 8-2 | | 7-2 | 8-1 | | | 7-1 | 7-2 | 8-2 | 8-1 | | | | | | | | | | |
| **МАРИЈАНА ДЕЈКОСКА** | 9-2 | 6-1 | | 9-2 | 9-1 | 6-2 | | | | | | | | | 6-2 | | 6-1 | 9-2 | 9-2 | 9-1 | 9-1 | | | | | | | | | | | | 6-2 | 6-1 | |
| **СЛАВИЦА ТРЕНКОСКА** | 6-2 | 9-1 | 9-2 | 6-1 | | | | 9-2 | 9-1 | 8-2 | 8-1 | | 7-2 | 7-1 | | | | | | | | 6-2 | 7-1 | | 7-2 | 8-2 | 6-1 | 8-1 | | | | | | | |
| **БОРЈАНКА СТОЈЧЕВСКА** | 8-2 | 8-1 | 6-1 | 8-2 | 6-2 | | | 6-1 | 8-2 | 8-1 | 6-2 | | | | 9-2 | 6-2 | 8-1 | 9-1 | 8-2 | 6-1 | | 8-2 | 8-1 | | 6-1 | 6-2 | | | 9-2 | 6-1 | 9-1 | 6-2 | | | |
| **СОЊА ЛАЗОРОСКА** | 9-1 | 9-2 | 7-2 | 7-1 | | | | 9-1 | 7-2 | 9-2 | 7-1 | | | | 7-2 | 7-1 | 8-2 | 8-1 | | | | 9-1 | 9-2 | 7-1 | | 7-2 | | | 8-2 | 9-1 | 8-1 | | 9-2 | | |
| **АНА НАСТОВА** | 6-1 | 6-2 | 9-1 | | 9-2 | | | 8-2 | 8-1 | 7-1 | 7-2 | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 9-2 | 9-1 | | | | 7-1 | 7-2 | 8-2 | 8-1 | | | |
| **ВАЛЕНТИНА ПЕШЕВСКА** | | | | | | | | | | | 9-2 | 9-1 | 8-1 | 8-2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | 8-1 | 8-2 | 9-1 |
| **КАТИЦА ГЕОРГИЕВА** | | | | | | 9-2 | 6-1 | | | | | 7-2 | 7-1 | | | | 9-2 | | 9-1 | 7-2 | 7-1 | | | 9-1 | | 6-1 | 6-2 | | | | 7-1 | 7-2 | | 8-1 | 8-2 |
| **МАРИЈА СТАВРЕСКА** | | | | | | | | 7-2 | 7-1 | 6-1 | | 6-2 | | | | | | | | | | | | | 9-2 | 9-1 | 8-1 | 8-2 | | | | | | | |
| **КИРЕ НИКОЛОСКИ** | 7-2 | 8-2 | 7-1 | 9-1 | | 8-1 | | | | | 6-1 | 9-2 | 6-2 | 9-1 | 8-2 | 8-1 | 7-1 | | 7-2 | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 9-2 | 9-1 | | | |
| **ЉУПКА ХРИСТОВА** | 8-1 | 7-1 | 8-2 | 8-1 | | 7-2 | | | | | 9-1 | 8-2 | 9-2 | 8-1 | 6-1 | 9-2 | 9-1 | 6-2 | | | | | | 7-2 | 7-1 | 8-1 | 8-2 | | 9-1 | 9-2 | 6-2 | 6-1 | | | |
| **СИЛВАНА МИЛЕНКОВИЌ** | | | | | 7-1 | 6-1 | 6-2 | | | 7-2 | | 7-1 | 9-1 | | 8-1 | 9-1 | 7-2 | 8-2 | 7-1 | | | 8-1 | 6-1 | 6-2 | 8-2 | | | | 6-2 | 8-2 | 7-2 | 7-1 | 6-1 | 9-1 | 8-1 |
| **ГОЦЕ КОЛЕЧЕСКИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ГОРДАНА КОСТОВСКА** | | | | | 7-2 | 9-1 | 9-1 | 7-1 | 6-2 | 6-2 | | 6-1 | 6-1 | | | | | | | | | | | | | | | | 8-1 | 8-1 | | 8-2 | 82 | 9-2 | 9-2 |
| **СИЛВАНА САВЕВСКА** | | | | | | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 6-1 | 6-2 | 7-1 | 7-2 | | | | | | | | | | | | | | |
| **ИГОР АНЃЕЛЕСКИ** | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | | | | | | 9-2 | | | | | | | 9-2 | | | | | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **Дд- Додатна настава** | | | | | | | 7-1 | | | | | | | 7-2 | | | | | | | 6-2 | | | | | | | 9-1 | | | | | | | 6-1 |
| | | | | | | | 8-1 | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | 8-2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Дп-Дополнителна настава** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 8-1 | 6-1 | | | | | | 7-1 | 9-2 | | | | | | | 6-2 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 8-2 | | | | | | | 7-2 | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9-1 | | | | | | | | |

## Подрачно училиште

Одделенска настава

| НАСТАВНИЦИ | Одд. | ПОНЕДЕЛНИК | | | | | | | ВТОРНИК | | | | | | | СРЕДА | | | | | | | ЧЕТВРТОК | | | | | | | ПЕТОК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| Имране Селмани | I | 1 | 10 | 4 | 8 | | | | 4 | 10 | 1 | 6 | | | | 4 | 10 | 1 | 6 | | | | 1 | 4 | 4 | 12 | | | | 3 | 3 | 4 | 1 | | | |
| Локман Мемеди | II | 1 | 4 | 10 | 6 | 14 | | | 10 | 4 | 1 | 3 | 3 | | | 4 | 1 | 10 | 12 | 1 | | | 1 | 4 | 6 | 12 | 13 | | | 4 | 1 | 5 | 8 | 13 | | |
| Јашар Исмаили | III | 10 | 4 | 1 | 1 | 6 | 14 | | 3 | 3 | 10 | 4 | 1 | 5 | | 10 | 1 | 4 | 6 | 8 | 11 | | 3 | 4 | 1 | 12 | 12 | 13 | | 1 | 4 | 5 | 11 | 13 | | |
| Емел Селмани | IV | 3 | 3 | 4 | 1 | 10 | 14 | | 6 | 1 | 4 | 5 | 15 | 16 | | 1 | 17 | 12 | 4 | 10 | 13 | | 4 | 1 | 6 | 17 | 10 | 16 | | 2 | 2 | 3 | 4 | 1 | 13 | |
| Себије Мемеди | V | 2 | 2 | 4 | 1 | 5 | 10 | 14 | 7 | 7 | 3 | 4 | 1 | 5 | 11 | 6 | 6 | 1 | 4 | 12 | 12 | 13 | 1 | 3 | 3 | 4 | 8 | 10 | 13 | 1 | 4 | 8 | 9 | 11 | | |
| Пантелеј-Којтрадјук | мак. јазик | | V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Рабије Мифтари | англиски | I | IV | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Лулзиме Јусуфи | англиски | II | III | V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Слаѓана Н. Трајковска | мак. јазик | IV | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Насер Азизи | прир.наук | V | | | | | | | | | | | | | | 6 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Рабије Мифтари | тех.образ. | v | | | | | | | 7 | 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Предмет | ознака | Предмет | ознака |
|---|---|---|---|
| Албански јазик | 1 | заштита на средината I -образ. за животни вештини изборен V | 9 |
| Македонски јазик | 2 | Физичко и здраствено образ. | 10 |
| Англиски јазик | 3 | Работа со компјутер-5 одд. | 11 |
| Математика | 4 | Ликовно образование | 12 |
| Музичко образование | 5 | дополнително и додатна | 13 |
| Природни науки | 6 | Одделенска заедница | 14 |
| Техничко образование | 7 | Техничко и информатика | 15 |
| Општество | 8 | изборен IV | 16 |
| Општество и историја | 17 | | |

**Предметна настава**

| | понеделник | | | | | | | вторник | | | | | | | среда | | | | | | | четврток | | | | | | | петок | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| Нуран Исмаили | k8 | 7 | 6 | 9 | | | | 7 | 6 | 8 | | | | | | | | 8 | 9 | 7 | 6 | 8 | 9 | 7 | 6 | 9 | 8 | | | | 7 | 9 | 7 | 8 | |
| Пантелеј Котрадјук | | | | | | 8 | 9 | | | | | | | | | | | | | 9 | 8 | | | | | | | | | | | | | | |
| Арјета Мемеди | | | | | | | | 6 | 7 | 9 | | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | 9 | 7 | 6 | 8 | | | |
| Љуљзиме Бауш Јусуфи | k7 | 6 | 8 | 7 | 9 | 7 | | | | | | | | | 9 | 7 | 8 | 6 | | | | | | | | | | | | | | 6 | 8 | 9 | |
| Математика | k6 | 8 | | 6 | 7 | 6 | | | | 7 | 6 | 6 | 8 | | 8 | 9 | | | | | | | | | 8 | 7 | 9 | 9 | 7 | 6 | 9 | | | | |
| Информатика | | | | | | | 6 | | | | | | | | | | 6 | | | | | | | | | | | | | | | 7 | | | |
| Насер Азизи | | | 7 | 8 | 6 | 9 | | 8 | 8 | 6 | 7 | 9 | | | | | | | 7 | 8 | 9 | 9 | 8 | 6 | | | | | 8 | 9 | 8 | | | | |
| Рабије Мифтари | | | | | | | | 9 | 9 | | 8 | | 7 | 6 | | | | | | | | 6 | 6 | 9 | | | | | | | | | 9 | 6 | 7 |
| Бесим Амети | k9 | 9 | 9 | | 8 | | | | | | 9 | 7 | 9 | 8 | 6 | 8 | 9 | 7 | | 6 | | 7 | 7 | 8 | 9 | 8 | 6 | | 6 | 8 | | | | | |
| Бурим Љатифи | | | | | | | 8 | | | | | | 6 | 9 | | | | 9 | 8 | | 7 | | | | 7 | 6 | 7 | 8 | | | | | 6 | | 9 |
| Слаѓана Новеска | | | | | | | | | | | | | | | 7 | 6 | 7 | | 6 | | | | | | | | | | | | | | | 7 | 6 |
| Дежурни наставници | Љуљзиме Јусуфи | | | | | | | Бесим Амети | | | | | | | Наставник по математика | | | | | | | Нуран Исмаили | | | | | | | Арјета Мемеди | | | | | | |
| | Пантелеј Котрадјук | | | | | | | Рабије Мифтари | | | | | | | Насер Азизи | | | | | | | Бурим Љатифи | | | | | | | Слаѓана Новеска | | | | | | |

***Забелешка:** Распоредот на часови не е конечен. Можно е да претрпи промени. Секоја промена доплониотелно ќе биде вметната во Годишната програма за работа на училиштето.

## 8.3. РАБОТА ВО СМЕНИ

Во централното и подрачното училиште наставата се реализира во две смени. Во централното училиште кога прва смена е предметна настава, наставата започнува во 8.00 часот и завршува во 13.25 часот, а втора смена почнува во 13.30 часот и завршува во 18.10 часот и кога прва смена е одделенска настава, наставата започнува во 8.00 часот и завршува во 12.40 часот, а втора смена почнува во 13.00 часот и завршува во 18.25 часот. Во подрачното училиште прва смена се предметна настава и наставата започнува во 8.00 часот и завршува во 13.00 часот, а втора смена се одделенска настава и наставата започнува во 13.00 часот и завршува во 17.00 часот.

Просторните услови се скромни но доволни, централното училиште располага со 10 универзални училници, 1 адаптирана мала просторија за дневен престој и спортска сала. Во 2 училници се поставени компјутери за учениците. Во централното училиште се јавува недостаток на најмалку две универзални училници (кабинети по биологија и хемија) и наставничка канцеларија со што ќе се запазат нормативите за престој и работа на учениците и наставниците во училиштето.

Подрачното училиште располага со 4 универзални училници и 1 адаптирана училница за учениците од прво одделение. Во овој објект нема фискултурна сала и неопходна е изградба на спортска сала со соблекувални за учениците, со што ќе се осовремени наставата по физичко и здравствено образование која се реализира на спортските терени во училишниот двор.

## 8.4. ЈАЗИК НА КОЈ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА

Наставата во централното училиште се изведува на македонски наставен јазик, додека пак во подрачното училиште наставата се изведува на албански наставен јазик.

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 18 | 9 |
| **Број на ученици** | 342 | 159 |
| **Број на наставници** | 29 | 14 |

## 8.5. ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА

Училиштето реализира проширена програма која опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите од редовна настава и еден час по завршување на редовна настава, од страна на дежурните наставници. За потребите на учениците се организира додатна и дополнителна настава, ученички секции, вонннаставни активности и вонучилишни активности.

Во учебната 2022/2023 година во продолжен престој ќе се згрижуваат ученици од I до III одделение. Во интерес на учениците и училиштето се прифаќаат и ученици од IV и V одделение. Учениците во продолжен престој секојдневно се згрижуваат во две смени, во зависност од реализација на редовната настава. Прва смена започнува со работа од 7.30 часот до13.00 часот, а втора смена од 11.30 часот до 17.00 часот. Учениците првата смена ја започнат со утрински вежби и појадок, а потоа следуваат едукативни активности. Втората смена започнува со ручек, изработка на домашните задачи, помош и поддршка за учениците кои имаат потешкотии во постигнувањето на поставените цели, а потоа следат слободни активности. Организирањето на продолжен престој на учениците има своја поткрепа и во однос на повеќе аспекти: педагошки, психолошки, социјален и здравствен. Педагошкиот аспект опфаќа организација на редовните часови во текот на денот, поголема помош и поддршка на учениците, стручна помош при усвојување на одредени содржини во наставата и учењето за подобрувањеа на постигањата. Психолошкиот аспект се однесува на рамномерното заменување на работата со одмори и намалување на напнатоста. Социјалниот аспект влијае на новите општествено-економски услови. Зголемениот обем на работа и изменетото работно време

на родителите допринесува за помалку слободно време за своите деца. Училиштето превзема соодветни мерки за поддршка во воспитувањето на децата. Учениците кои се вклучени во продолжен престој се самостојни, побрзо учат сами да се грижат за себе, споделуваат работи со други деца и имаат можност да си помагаат меѓусебно во учењето. Целите на продолжен престој се на ученикот/ученичката да:

- Се овозможи живот што е исполнет со различни содржини што поволно ќе влијаат врз развојот на неговата/нејзината личност како и индивидуалните и едноставните потенцијали,
- Да се излезе во пресрет на потребите на учениците за стекнување знаења, развивање на вештини и формирање на ставови, во согласност со целите во наставните индивидуални интереси,
- Се развива како социјално суштество со постојана присутност на социјални интеракции, се овозможува развој и унапредување на социјалните вештини на детето,
- Се задоволуваат и развиваат вештини, интереси и стремежите за самостојна и конструктивна активност и творештво,
- Се развива самодовербата и свеста за одговорност за своите постапки,
- Се оспособува за осомостојување во работата,
- Се мотивира да бара и дава помош во учењето со соучениците,
- Развива правилен однос кон функцијата на ентериерот во просторијата и негово правилно користење,
- Развива навики за ред, дисциплина и хигиена,
- Развива свест за потреба од другарство, соработка и здравите меѓусебни односи со соучениците,
- Развива способност за проценување на позитивните постапки, чувството за правичност,
- Ги почитува правилата на однесување донесени од сите ученици во паралелката, училиштето,
- Стекнува навики за уредно и точно извршување на добиените задачи,
- Се развива способност за тимска работа и работа во група,
- Се подготвува за натамошно образование и доживотно учење.

Активностите се реализираат преку игра и истражувачки активности. Во активностите кои се реализираат во продолжен престој, имплементирани се образовни и едукативни содржини, кои овозможуваат зголемување на знаењата и способностите на учениците. Истражувачките и физичките активности придонесуваат за поголема соработка, поттикнување на креативноста и самодовербата кај сите деца. Учениците реализираат повеќе задачи: пишување домашна работа, решавање нумерички задачи, креирање на решенија за текстуални задачи, анализа на реченици во даден текст, раскажување на даден текст, продолжување на даден текст, граматички вежби, пишување на слободен состав, меморирање на стихотворби и рецитирање, гласно и изразно читање, истражување на инернет, опишување, драматизирање, истражување. Слободните активности се реализираат во училница, во спортска сала, игри во училишниот двор и блиската околина. За време на слободните активности учениците изработуваат изложбени паноа. Со цел да се организираат активностите за проширување на знаењета на учениците, стекнување на различни вештини и за задоволување на нивните интереси наставниците соработуваат со дел од вработените во

институциите и здруженија надвор од училиштето ДКЦ во Скопје, ателјеа, локалната самоуправа, домови на културата, театри, музеи. Во рамките на соработка се утврдуваат термини за посета, потребни средства и времетраење на посетата. За реализација на овие активности и постигнатите резултати, наставниците ги информираат родителите на учениците, стручна служба и директорот на училиштето. Учениците се вклучени во спортски манифестации, еколошки акции, хуманитарни акции, креативни работилници. Посебно внимание се посветува на тимска и групна работа со учениците. Родителите редовно се информираат за сите планирани и реализирани активности во училиштето, постигањата и поведението на учениците. Соработката со родители овозможува подобрување на постигањата на учениците, подобрување на условите за работа и за поголема промоција на постигањата на училиштето.

Училиштето континуирано работи на подобрување на условите за работа во училиштето, опремување на просторо за адекватен и поудобен престој на учениците. Поголема грижа за здравјето на учениците преку разговори, предавања, работилници, игри за лична хигиена, хигиената во училиштето и училницата. Програма за продолжен престој реализира наставник Валентина Ивановска.

| **Активност** | **Време на реализација** |
|---|---|
| Доаѓање на учениците во училиште | 7,00-7,30 |
| Појадок | 7,30 |
| Реализација на наставата (согласно постојаниот распоред) | 8,00 |
| Активности по избор на учениците во катчињата во училницата | 11,30 |
| Додатна настава за неколку ученици од паралелката, а за останатите ученици социјални активности | 12,00 |
| Ручек | 12,40 |
| Подвижни активности (штафетни игри во дворот) | 13,20 |
| Активности во врска со наставата | 13,35 |
| Вежбање на лесно народно оро, како подготовка за приредба | 14,45 |
| Читање сликовница од библиотечното катче | 15,30 |
| Креативни работилници | 16,00 |
| Средување на училницата и заминување од училиште | 17,00 |

## 8.6. КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ

Во ООУ „Јоаким Крчоски“ нема комбинирани паралелки, ниту во централното, ниту во подрачното училиште.

## 8.7. СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ШТО СЕ ИЗУЧУВААТ ВО ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ“, ВОЛКОВО

Сите ученици од I до IX одделение во централното и подрачното училиште го изучуваат англискиот јазик како прв странски јазик, односно 342 ученици во централното и 159 ученици во подрачното училиште. Учениците од VI до IX одделение го учат францускиот јазик како втор странски јазик и тоа 159 ученици во централното и 84 во подрачното училиште.

## 8.8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

Оваа учебна 2022/2023 година, наставата по физичко и здравствено образование во прво, второ, трето и четврто одделениние ќе ја реализираат тандем наставници и тоа наставник по физичко и здравствено образование и наставник кој го води одделението. Во централното училиште наставници кои предаваат во прво одделение се Катерина Петреска и Елеонора Трајковска, во второ се Маја Тодоровска и Даница Милевска, во трето одделение се Слаѓана Смилчевска и Валентина Панчевска и во четврто одделение се Маја Петковска и Тања Ангелкоска а нивни тандем наставник е Игор Ангелески –наставник по физичко и здравствено образование. Во подрачното училиште во прво предава Имране Селмани, второ одделение Локман Мемети, трето одделение Јашар Исмаили и четврто одделение Емел Селмани и нивни тандем наставник ќе биде Бурим Љатифи – наставник по физичко и здравствено образование.

## 8.9. ИЗБОРНА НАСТАВА

Пред крајот на учебна 2022/2023 година учениците и родителите индивидуално се определија за изучување на еден од понудените изборни предмети преку пополнување на анкета. Изучувањето на предмет кој го интересира ученикот ќе овозможи надградувања, продлабочување и систематизирање на знаењата од одредени подрачја на учениците, кои ќе им помогнат во насочување за одбирање на идна професија. Резултатите од извршената анкета во нашето училиште се следниве:

| Изборни предмети кои ќе се изучуваат во централното училиште | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Одделение** | **Изборен предмет** | **Име и презиме на наставник** | **Број на часови** |
| 1. | IV | Образование за животни вештини, Оригами | Маја Петковска, Тања Ангелкоска | 36 |
| 2. | V | Мултикултурни работилници, финансиска писменост | Сања Андевска, Јованка Костовска | 36 |
| 3. | VI | Запознавање со религиите | Силвана Савевска | 72 |
| 4. | VII | Проекти од музичка уметност | Катица Георгиева | 72 |
| 5. | VIII | Унапредување на здравјето | Славица Тренкоска | 72 |
| 6. | IX | Вештини на живеење | Маријана Дејкоска | 72 |
| **Изборни предмети кои ќе се изучуваат во подрачното училиште** | | | | |
| 1. | IV | Творештво | Емел Селмани | 36 |
| 2. | V | Творештво | Себије Мемети | 36 |
| 3. | VI | Етика на религиите | Рабије Мифтари | 72 |
| 4. | VII | Истражување на родниот крај | Ајнур Рамадани | 72 |
| 5. | VIII | Унапредување на здравјето | Насер Азизи | 72 |
| 6. | IX | Нашата татковина | Рабије Мифтари | 72 |

***Забелешка:*** Поради воведување на новата концепција во основното образование за прво и четврто одделение изборните предмети за четврто и петто одделение дополнително ќе бидат внесени (променети) во Годишната програма за работа на училиштето по направениот избот на учениците во почеток од учебната година.

## 8.10. ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, по барање на ученикот, родителот/старателот или по процена на наставникот се организира дополнителна настава. Дополнителната настава се планира согласно потребите на ученикот и има цел да го олесни процесот на совладување на наставните содржини на учениците. За реализација на дополнителната настава предметниот наставник води евиденција и го известува родителот три денови пред нејзиното одржување. Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекувани резултати на одредени теми/области во рамките на наставните програми. Ученици за кои се организира дополнителната настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученици кои покажале слаби резултати од учењето, ученици кои подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето. Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден

час неделно за најмногу три различни предмети одделно. Дополнителната настава на ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати, согласно наставната програма. Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, а согласно со потребите на ученикот. Начинот на работа на наставникот на часот за дополниелна настава е по правило индивидуална/индивидуализирана работа. Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот.

Распоредот на часови за дополнителна настава во Септември ќе биде вклучен во Годишната програма за работа на училиштето како нејзин составен дел.

Реализацијата на дополнителна настава се евидентира во дневник на паралелката и е дел од годишниот глобален план на секој наставник. Училиштето ќе изработува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет на месечна основа и истиот ќе биде истакнат на огласната табла и на веб-страната на училиштето.

## 8.11. ДОДАТНА НАСТАВА

За учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделени наставни предмети се организира додатна настава. Додатната настава има за цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата од одреден предмет, поттикнување на интереси и способности на учениците. Наставникот ја понудува додатната настава на учениците и тие писмено одлучуваат за нејзина посета. Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделение и тоа: напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и ученици кои се пријавуваат за учество на натпревари. Додатата настава ја реализира одделенски наставник, односно наставникот по конкретен наставен предет за кој окажал интерес ученикот. За реализација на додатната настава наставникот: ги идентификува учениците, изготвува програма за додатна настава согласно интересите на ученикот, ја реализира програмата, го следи и контролира напредокот на ученикот и води педагошка евиденција за додатна настава. Наставникот ги планира и ги обезбедува матријално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички матријали. Наставникот исклучиво има интерактивен притстап и користи активни методи на учење како што се: истражувачка активност, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот.

Распоредот на часови за додатна настава во Септември ќе биде вклучен во Годишната програма за работа на училиштето како нејзин составен дел.

Реализацијата на додатна настава се евидентира во дневник на паралелката и е дел од годишниот глобален план на секој наставник. Училиштето ќе изработува распоред за додатна настава за секој наставен предмет на месечна основа и истиот ќе биде истакнат на огласната табла и на веб-страната на училиштет

## 8.12. РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Во текот на учебната година се реализираат индивидуализирани програми за талентирани и надарени ученици и училишна Програма за работа со надарени и телентирани. Индивидуалните програми ги изготвуваат наставниците, тие опфаќаат активности и задачи по предмет во кои ученикот има развиено талент односно развиени една или повеќе способности со кои ги надминува способностите на своите врсници. Подготовките за натпревари и конкурси, збогатување на знаењата на учениците се дел од овие програми.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Состанок на тимот и запознавање со активностите и програмата на Тимот за работа со талентирани и надарени | септември и октомври 2022 | Директор и Тим за работа со талентирани и надарени | Заедничка метода, dискусија, презентација, разговор | Информираност на наставниците за специфики на талентирани и надарени ученици |
| Идентификување на талентирани и надарени ученици | септември и октомври 2022 | Психолог, раководители на паралелка, родители, наставници | Заедничка метода, разговори, чек листи | Правилна идентификација на талентирани и надарени ученици |
| Процена на талентот односно способноста на ученикот | Во текот на првото тромесечие | Психолог, родители, раководители на паралелка, наставници | Индивидуална метода, прашалници, тестови на способности, пронад скала | Правилна проценка на талентот или надареноста на ученикот. |
| Процена на специфични интереси и таленти на ученикот | Во текот на првото тромесечие | Психолог, родители, раководители на паралелка, наставници | Индиуална и групна, разговори, цртеж, прашалници | Проценка на специфичниот талент/надареност на ученикот и давање сугестии-предлози за подобрување |
| Работа со ученикот-стимулирање на таленти, надареност. Поттикнување на самодоверба и поддршка на учениците | Во текот на целата година | Тим за надарени и талентирани, наставници, Стручна служба | Групна работа, индивидуална работа, насочени активности и вежби | Стимулирање на таленти и надареност на учениците. Поттикнување самодоверба на учениците. Подготовка за натпревари |
| Водење на потрфолио за учениците | Во текот на целата година | Тим за надарени и талетирани, раководители на паралелка, наставници и стручна служба | Индивидуална | Увид за напредокот на ученикот. Насоки за унапредување на начинот на работа и по потреба корекции на пристапот |

## 8.13. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Ученици со посебни потреби се ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни економски, културни или јазични средини. Наставните содржини од наставната програма, се адаптираат според способностите, можностите и потребите на овие ученици. Индивидуализирани програми за секој ученик со ПОП ги изработува Индивидуален Тим за ученик во кој се вклучени раководителот на паралелка, предметни наставници кои предаваат на ученикот, стручната служба и родителите на ученикот. Наставниците континуирано ги усовршуваат своите професионални компетенции за инклузија, изработка на ИОП или модифицирана програма и прилагодување на наставата според потребите и способностите на ученикот.

| **Членови на инклузивен тим** | |
|---|---|
| **Координатор** | Марија Петреска |
| **Заменик координатор** | Јасмина Стојановска |
| **Членови** | Ана Настова-родител<br>Јованка Костовска-родител |
| **Стручни соработници** | Директор-Слаѓана Гаврилоска<br>Психолог-Гордана Несторовска<br>Специјален едукатор и рехабилитатор-Симона Лекоска |

Изборот на членови за инклузивниот тим ќе претрпи промени на почетокот на септември 2022 година.

ООУ „Јоаким Крчоски“ екоја учебна година изготвува индивидуален план за работа според способностите и специфичните потреби на секој ученик со посебни образовни потреби. Секое дете е важно и ценето во инклузивниот тим. Инклузивното образование е најважен дел од училишниот развој. Целта е вклучување на учениците со ПОП во редовна настава, индивидуализирана поддршка на учениците со ПОП од страна на учениците, наставниците и стручната служба, зголемена активност и вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби во училиштето. Деталната програма за работа на Инклузивен тим е доставена во прилози.

Во учебната 2022/2023 година ќе се реализираат и следниве програми:

## 8.13.1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ ОД РАНЛИВА КАТЕГОРИЈА

| Цели | Содржина | Реализатор | Време | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Едукација на наставниците за препознавање, идентификување и работа со ученици од ранлива/вуленрабилна категорија | -Дефинирање на ранлива категорија на ученици.<br>-Препознавање на карактеристиките на учениците од ранлива категорија.<br>-Видови на ранливи групи на ученици. | Стручна служба<br>Одделенски раководители | Септември<br>Октомври | -Наставниците и раководителите на паралелки имаат вештини да ги препознаат учениците од ранливите категории |
| Формирање на училишен тим за работа со ранлива група на ученици. | -Определување на приоритети за тековната учебна година.<br>-Распределба на задолженија на членовите на тимот. | Тим за работа со ранлива група на ученици | Септември<br>Октомври | -Утврдување на приоритети за тековната учебна година. |
| Евидентирање на ученици од ранлива/вулнерабилна категорија | -Социометриска постапка<br>-Примена на дијагностички инструменти за процена на социјалниот и психичкиот статус на учениицте<br>-Присуство на родителски средби.<br>-Разговори со одделенски раководители/ родители/ученици | Тим за работа со ранлива група на ученици | Ноември<br>Декември | -Запознавање со структурата и видот на вулнерабилноста кај учениците |
| Организација и реализација на работилници со учениците и нивните семејства од ранливите категории | -Советодавна работа<br>-Едукативни предавања<br>-Техники на учење<br>-Развивање на интринзична мотивација Самодоверба<br>-Подобрување на емоционалниот, социјалниот и когнитивниот статус | Тим за работа со ученици од соц. ранливи категирии<br>Стручна служба | Октомври-Мај | -Помош на учениците во надминување на проблемите.<br>-Стекнување на нови техники на учење, мотивација и самодоверба. |
| Следење и примена на различни техники и методи со цел подобрување на емоционалниот/социјалниот/когнитивниот статус на учениците. | -Утврдување на постапки и соодветни техники и методи за работа | Тим<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Раководит. на паралелка | Континуирано | -Развој на индивидуални способности за подобрување на статусот кај учениците од вулнерабилна категорија. |
| Евалуација на програмата за работа со ученици од ранливите категории | -Утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата.<br>-Конципирање развоен план за работа со ученици од ранлиите категории. | Тим<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Раководител на паралелка | Јуни-Август | -Изработка на индивидуален план за работасо ученици од ранлива категорија.<br>-Подобрување на постигања, мотивација, самодоверба, емоциоонален, социјален и когнитивен статус на ученикот |

## 8.13.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТЕШКОТИИ

| Активност | Реализатор | Форма на работа | Време | Очекувани ефекти | Инструменти/докази |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација на ученици со емоционални потешкотии | Психолог Раководители на паралелки Специјален едукатор и рехабилитатор | Индивидуална работа, Разговори, проективни техники | Септември, октомври 2022 | Евидентирани ученици со емоционални потешкотии | Зададени проективни техники (цртеж, текст метода, плеј метода).<br>Записници од разговори со ученици и наставници |
| Детекција на индивидуални проблеми кај учениците | Психолог Наставници Родители Институции | Индивидуална, групна, Психолошки инаструменти, Разговор, Дискусија | Во текот на учебната година | Утврдени потешкотии кај ученикот | Психолошки инструменти.<br>Записници од разговори со ученици и наставници |
| Следење на напредок и однесување на учениците со емоционални потешкотии | Стручна служба Родители Наставници Раководители на паралелка | Индивидуална, групна, Посети на час, Разговори, Психолошки тестови, Советувања | Во текот на учебната година | Увид во напредокот и постигнувањата на учениците со емоционални потешкотии | Досие на ученик,<br>Записници од разговори со ученици и наставници,<br>Записници од советување ученици и родители |
| Подршка на учениците со емоционални потешкотии | Стручна служба Наставници Раководители на паралелка | Индивидуална, групна, Разговор, Советување, Плеј терапија | Во текот на учебната година | Подобрување на самодоверба и сликата за себе на учениците со емоционални потешкотии | Записници од разговори со ученици и наставници.<br>Записници од применети инструменти и техники во работа со ученикот од стручната служба |
| Јакнење на социјализацијата на учениците со емоционални потешкотии | Стручна служба Наставници Раководители на паралелка | Индивидуална, групна, Разговор, Советување, Психодрама | Во текот на учебната година | Подобрена социјализација и комуникација со врсниците и наставниците | Досие на ученик.<br>Записници од разговори со ученици и наставници.<br>Записници од применети техники во работа со ученикот од стручната служба |
| Евалуација на постигнатите резултати кај учениците со емоционални потешкотии | Стручна служба Наставници Раководители на паралелка Родители | Индивидуална, групна | Мај/јуни | Подобрена социјализација и комуникација.<br>Подобрени постигнувања.<br>Поголема самодоверба на ученикот. | Досие на ученик,<br>Записници од разговори со ученици и наставници.<br>Записници од применети инструменти и техники во работа со ученикот од стручната служба |

### 8.13.3. ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

Во училиштето се идентификувани деца-ученици од социјално загрозени семејства. За нив се посветува грижа од аспект на емоционална заштита на личноста на ученикот и обезбедување на материјална и финансиска помош.

Емоционалната заштита се остварува со учениците (индивидуални или во рамките на заедницата на учениците) при што стручната служба реализира работилници за разрешување стереотопи и предрасуди, заедништво и профаќање.

Материјалната и паричната помош ќе се остварува преку:

- хуманитарни акции на ученичката организација на Црвениот крст,
- хуманитарни акции на други хуманитарни организации,
- разни меѓународни организации,
- Министерството за образование и наука и други институции,
- Обезбедување на тетратки, прибор и друг ученички материјал,
- Донации на облека, обувки и прибор за лична хигиена,
- Бесплатно учество во ученички екскурзии и други вонучилишни и вонаставни активности.

### 8.13.4. ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО

Цели и задачи за учениците:
-да стекнат свесност за негативните емоции кои водат кон насилно однесување,
-да научат ефективно да комуницираат со цел спречување на насилното однесување,
-правовремено реагирање на насилните однесувања и соодветен третман.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување програма за работа | Август | Членови на тимот | Документ-програма | Групна работа, разговор | Создавање квалитетна програма за работа |
| Опсервација и идентификација на ученици со насилно однесување | Во текот на учебната година | Членовите на тимот, Наставници, стручна служба | Листови за евиденција | Набљудување и следење на однесувањето | Детектирање на секој поединечен инцидент и навремено реагирање |
| Анализа на насилното однесување | Крај на учебната година | Членови на тимот | Листови за евиденција | Извештај од анализата (текст метода, статистичка обработка) | Проценка на состојбата во два периоди |
| Работилници со проблематични паралелки и | Во текот на учебната година | Психолог, Наставници | Хартија, фломастери, | Дискусија, игровни активности, демонстрации и симулации на | Самосвест, емпатија, толеранција, почитување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици | | | лепак | ситуации | различностите, самоодговорност, комуникација, градење пријателски однос |
| Групни и индивидуални разговори со учениците | Во текот на учебната година | Стручна служба, наставници, ученици | Евиденција на листови од разговорите | Разговор, советување, разни активности | Советување, разрешување на конфликтите, примена на правила на однесување |
| Соработка со родители | Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, наставници | Евиденција за разговори | Разговор, прашалници | Вклучување на родителите во животот на децата |
| Дежурства на наставници и ученици | Во текот на учебната година | Наставници | / | Опсервација | Зголемена прегледност и превенција на насилното однесување |

***Забелешка:*** Тимовите за реализција на секоја од овие програми дополнително ќе бидат формирани и вметнати во Годишната програма за работа на училиштето.

## 8.14. ТУТОРСКА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Поради обезбедување дополнителна поддршка за учениците по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, туторите-волонтери можат преку туторство за изучување на јазикот на наставата да придонесат за надминување на јазичната бариера кај децата чиј мајчин јазик е различен од јазикот на наставата.

Минатата учебна година училиштето аплицираше до МОН, но не е доделен тутор за ученикот за кој што е потребен. Не е реализирана соработка и не постои заинтересираност кај факултетите или студентите за реализација на туторска поддршка на учениците. Училиштето во почетокот на наредната учебна година ќе изготви програми за работа на туторска поддршка на учениците и ќе ја достави во Годишната програма за работа на училиштето дополнително.

## 8.15. ПЛАН НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР

Образовен медијатор се ангажира за ученици кои потекнуваат од социјално депримирани средини и за ученици кои се надвор од воспитно-образовниот систем. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до МОН.

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Воспитно-образовниот процес претставува целина, во која подеднакво важна и значајна улога играат и наставните, како и воннаставните активности во училиштето. За таа цел, во рамки на воспитно-образовниот процес во училиштето се организираат разновидни воннаставни активности во согласност со интересите и развојот на учениците, а со цел училиштето да стане привлечна и продуктивна средина за правилен социјален и личен развој на учениците. Во училиштата се реализираат повеќе видови задолжителни воннаставни активности кои можат да бидат краткотрајни, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што се: еколошките клубови, спортските клубови, училишниот театар, училишниот хор и оркестар. Воннаставните активности се поле на кое ученикот ги развива своите вештини, ставови и знаења на креативен начин. Овие активности се реализираат преку часови што ги немаат истите дидактички односи како редовната настава, туку повеќе се фокусираат на соработка во услови на рамноправни односи, самоиницијативност и тимска работа, на креативност и одговорност. Со ова, на учениците им се овозможува да изградат позитивен став кон училишната средина и се поттикнува мотивацијата за повисок училиштен успех.

Во рамки на воннаставните активности, во училиштето ќе се реализираат повеќе видови и тоа:

- **Училиштен спортски клуб** (9.1)
- **Секции/Клубови** (9.2)
- **Акции** (9.3)

Учениците доброволно и по сопствен избор ќе земат учество во секоја од воннаставните активности, за кои ќе се води евиденција во дневникот на паралелката.

## 9.1 УЧИЛИШТЕН СПОРТСКИ КЛУБ

Она што го афирмира нашето училиште се големиот број спортски активности и натпревари каде нашите ученици се вистински амбасадори**.** Училишниот спортски клуб**,** основан на 16.02.2015 година, функционира под раководство на наставниците по физичко образование Силвана Миленковиќ (одговорен наставник на училишниот спортски клуб) и Игор Анѓелески. Постоењето на училишниот спортски клуб е од особена важност поради поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско-рекреативните активности во училиштето. Неизбежно е и развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи, како и грижа за здравствената заштита на спортските членови на клубот. Училишниот спортски клуб го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот, помага во стручно усовршување на наставниците и тренери на спортските секции, овозможува соработка со други училишни клубови и врши пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко. Некои од конкретните цели во работата на нашиот училиштен спортски клуб се: подобрување на општата моторичка способност кај учениците, развивање на спортски дух,

применување на фер-игра, подобрување на координација и организација во просторот, подобрување на физичка кондиција и развој и правилен развој на телото кај учениците.

Нашиот училиштен спортски клуб ќе учествува со неколку видови спортови, и тоа: кошарка, ракомет, футсал и одбојка. Во клубот ќе имаат можност да членуваат сите ученици, по сопствен избор, од I до IX одделение. Предвидено е да се настапува и соработува со други училишни клубови на разни турнири, настапи и општински натпревари. На почетокот на учебната година ќе им биде понудена програмата за работа на училишната спортска селекција на сите ученици преку презентација и делење флаери, по што ќе можат да се зачленат сите заинтересирани ученици. Финансирањето за училишниот спортски клуб ќе се врши преку донации, како и со финансиска помош од страна на Федерацијата за спорт на Р.С. Македонија (ФУСМАК). Тимот за следење на реализацијата и евалуација на училишниот спортски тим редовно ќе ја следи неговата работа.

| **Видови спорт** | **Време на реализација** | **Опфатеност на ученици** | **Одговорни наставници** | **Неопходни дидктички средства и материјали/ ресурси** |
|---|---|---|---|---|
| Фудбал | Во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ, Игор Анѓелески | Спортска опрема и реквизити |
| Кошарка | Во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ, Игор Анѓелески | |
| Одбојка | Во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ, Игор Анѓелески | |
| Ракомет | Во тек на учебната година | I до IX одделение | Силвана Миленковиќ, Игор Анѓелески | |

# 9.2 СЕКЦИИ/КЛУБОВИ

Секциите се подолготрајни наставни активности кои се реализираат еднаш неделно во текот на цела учебна година. Во рамки на секциите/клубовите училиштето нуди изборни предмети кои произлегуваат од пројавените интереси на учениците и истовремено ги зема предвид можностите на наставниот кадар што работи во училиштето и на ресурсите со кои располага училиштето. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители или волонтери од заедницата. Целта на работата на секциите/клубовите е проширување и продлабочување на содржините од наставните предмети/области кои ги водат наставници од соодветни предмети/области.

**Секции/Клубови**

| Име на секција/клуб | Општи/конкретни цели | Временска рамка на реализација | Одговорни наставници | Одделенија/ паралелки и вкупен број на учесници во групата |
|---|---|---|---|---|
| **Музичка секција** | -Негување на љубов кон музиката,<br>- развивање на способностите за слушање музика, пеење и изведување ритмички кореографии | 1 час/неделно септември-јуни | Катерина Петреска | I одделение |
| **Ликовна секција** | -Негување на љубов кон ликовната уметност,<br>-развивање на креативноста и способностите за цртање, сликање, печатење, моделирање. | 1 час/неделно септември-јуни | Елеонора Трајковска | I одделение |
| **Музичко-ритмичка секција** | Да се оспособува за активно слушање на музиката<br>- да ги памети, повторува и користи движењата во музичко ритмичките активности<br>- да се запознае со детските музички инструменти | 1 час/неделно септември-јуни | Слаѓана Смилчевска<br>Валентина Панчевска | III одделение |
| **Секција на млади уметници** | -Поттикнување на креативноста и желбата за уметничко творење кај учениците | 1 час/неделно септември-јуни | Валентина Панчевска<br>Слаѓана Смилчевска | III одделение |
| **Креативен англиски клуб** | -Развивање знаења и вештини во употребата на англискиот јазик преку креативна и истражувачка работа во мали групи | 1 час/неделно септември-јуни | Марија Петреска | од II до V одделение |
| **Литературна секција** | -Да се развие културно-уметничката активност на учениците;<br>-да се развие љубовта кон литературното читање;<br>-да се постигне лична афирмација како и афирмација на училиштето и на средината во којашто живее. | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Слаѓана Новеска Трајковска | VI- IX одделение |
| **Црвен крст** | - Потикнување и интерес на учениците за членството во организацијата<br>-мотивирање на учениците за успешна реализација на програмските активности<br>-развивање на хуманост | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Даниела Кимовска | VI- IX одделение Членови на ПЦК |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -унапредување и стекнување основни познавања и вештини во правилното и навремено укажување на првата помош и заштита. | | | |
| **Секција на странски јазици** | -Проширување на знаењето, за странските јазици и корелација помеѓу англискиот и францускиот јазик<br>- комуникација, соработка,тимска работа | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Јасмина Стојановска, Славица Тренкоска | VI- IX одделение |
| **English 4 U** | Проширување на знаењето, за англискиот јазик, вешттини на комуникација, соработка,тимска работа | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Маријана Дејковска | VI- IX одделение |
| **Вредни логичари (математика и физика)** | -Проширување и продлабочување на знаењата<br>- развивање на натпреварувачки дух и афирмација на училиштето | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Борјанка Стојчевска, Соња Лазороска | VI- IX одделение |
| **Секција на историчари** | -Стекнување на знаења, вештини и вредности поврзани со светската и националната историја, демократските вредности, мултикултурали- змот и личниот развој | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Љупка Христова | VI- IX одделение |
| **Секција на млади природници (биолози, географи и еколози)** | -Проширување и продлабочување на знаењата<br>-Проширување, продлабочување и воопштување на стекнатите знаења на учениците во задолжителната настава;<br>-усвојување на нови знаења;<br>-Оспособување на учениците за примена на биолошките знаења во секојдневниот живот;<br>-развивање на свеста кај учениците за одржливиот равој на животната средина;<br>-развивање кај учениците еколошка култура на живеење; | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Кире Николоски<br>Ана Настова | VI- IX одделение |
| **Секција на хемичари** | -Проширување на знаењата | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Валентина Пешевска | VIII-IX одделение |
| **Ликовна секција** | -Континуирано запознавање со значењето, местото и улогата на ликовната уметност во животот и општеството и почитување на своето и ликовното изразување и творење на другите - разбирање и применување на карактеристиките во цртањето, дизајнот, сликањето, графиката и обликувањето<br>- поттик на креативност и развивање на фантазијата | Еднаш до два пати месечно<br>(12 часа годишно) | Марија Ставреска | VI- IX одделение |
| **Музичка секција** | -Да развие критичко чувство за убаво вомузиката и музичките жанрови | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Катица Георгиева | VI- IX одделение |
| **Спортска секција** | -Подобрена општа физичка способност<br>-правилен развој на целото тело кај учениците<br>-развој на спортскиот дух и фер- игра | Во текот на целата учебна година согласно календарот на општинските лиги и турнири | Силвана Миленковиќ<br>Игор Анѓелески | VI- IX одделение<br>I – IV одделение |
| **Сообраќајна секција** | Проширување на знаењата во областа на сообраќајот | 1 час/неделно | Гордана Костовска | V- IX одделение |

## Секции во подрачно училиште

| Име на секција/ клуб | Цели | Време и динамика на реализација | Одговорни наставници, соработници | Одделенија/ паралелки и вкупен број на учесници во групата | Неопходни дидактички средства и материјали/ресурси | Начин на вклучување во секциите /клубовите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Музичка секција** | -Негување на љубов кон музиката,<br>- развивање на способностите за слушање музика, пеење и изведување ритмички кореографии | 1 час/неделно септември- јуни | Имране Селмани | I одделение | ЦД плеер, лап топ, звучници, касетофон, интернет | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Ликовна секција** | -Негување на љубов кон ликовната уметност,<br>-развивање на креативноста и способностите за цртање, сликање, печатење, моделирање. | 1 час/неделно септември- јуни | Имране Селмани | I одделение | Слики, апликации, интернет, компјутер, ЛЦД, блокови, моливи, фломастери, дрвени бои, мрсни бои, водени бои, темперни бои, пластелин, подлоги за моделитање, сликовници, хамери, листови во боја, четки, | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Музичко-ритмичка секција** | Да се оспособува за активно слушање на музиката, да ги памети, повторува и користи движењата во музичко ритмичките активности<br>- да се запознае со детските музички инструменти | 1 час/неделно септември- јуни | Јашар Исмаили | III одделение | Музички систем, CD, лап топ, звучници, YouTube, синтисајзер, слики, фотографии, апликации | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Од отпад до украс** | - Развивање на еколошката свест, препознавање на симболите за рециклирање и селектирање и да го совлада процесот на рециклирање | 1 час/неделно септември- јуни | Емел Селмани | IV одделение | Стара хартија, пластика, картон, текстил, метал и друг отпаден материјал | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Музичко-ритмичка секција** | Да се оспособува за активно слушање на музиката, да ги памети, повторува и користи движењата во музичко ритмичките активности да се запознае со детските музичк инструменти | 1 час/неделно септември- јуни | Емел Селмани | IV одделение | Музички систем, CD, лап топ, звучници, YouTube, синтисајзер, слики, фотографии, апликации | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Еколошка секција** | - Унапредување и заштита на животната средина | 1 час/неделно септември- јуни | Себије Мемеди | V одделение | Интернет,инструменти (за истражување),енциклопедии,дополни т елна литература | Анкетни листови,презентациј а на секцијата |
| **Креативен англиски клуб** | -Развивање знаења и вештини во употребата на англискиот јазик преку креативна и истражувачка работа во мали групи | 1 час/неделно септември- јуни | Рабије Мифтари | од II до V одделение | Дидактички помагала(флеш карти, книга со лепенки, спинер и сл.), интернет, книги, сликовници, групни игри со табла | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| **Литературн а секција** | -Да се развие културно-уметничката активност на учениците;да се развие љубовта кон литературното читање;да се постигне лична афирмација како и афирмација на училиштето и на средината во којашто живее. | 1 час неделно септември- јуни | Нуран Исмаили | VI- IX одделение | Интернет,дополнителна литература,училишна библиотека,лична библиотека,списанија за деца:Другарче,Развигор Наш свет | По избор и желба на учениците и поттик од наставникот (анкетен лист) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Секција на странски јазици** | -Проширување на знаењето, за странските јазици и корелација помеѓу англискиот и францускиот јазик, - комуникација, соработка,тимска работа | Во текот на цела учебна година, 1 час/неделно | Љулзиме ЈУсуфи | VI- IX одделение | Интернет, списанија, енциклопедии, книги, учебници и други помагала | Анкетни листови, доброволно од страна на учениците |
| **Вредни логичари (математика)** | -Проширување и продлабочување на знаењата<br>- развивање на натпреварувачки дух и афирмација на училиштето | Септември 2022 - јуни 2023 година / 1 час неделно | Блерим Ибрахими | VI- IX одделение | Учебници, стручна литература, збирки задачи | Спроведена анкета |
| **Секција на историчари** | -Стекнување на знаења, вештини и вредности поврзани со светската и националната историја, демократските вредности, мултикултурализмот и личниот развој | Од III недела на Септември до I недела на Јуни, 1 час/ неделно | Бесим Амети | VI- IX одделение | Компјутер, интернет, стручна литература, енциклопедии,печатач, листови, маркери во боја | Анкетни прашалници |
| **Секција на географича ри** | -Проширување и продлабочување на знаењата | Септември-јуни | Бесим Амети | VI- IX одделение | Стручна литература, карта, глобус, компјутер, хамер | Анкетни листови |
| **Секција на млади биолози и еколози** | -Проширување, продлабочување и воопштување на стекнатите знаења на учениците во задолжителната настава;<br>-усвојување на нови знаења;<br>-Оспособување на учениците за примена на биолошките знаења во секојдневниот живот;<br>-развивање на свеста кај учениците за одржливиот равој на животната средина;<br>-развивање кај учениците еколошка култура на живеење; | Септември-јуни | Насер Азизи | VI- IX одделение | Учебник, хартија, Енциклопедии, интернет, шеми, модели, нагледни средства изработени од наставник, нагледни средства изработени од ученици, микроскоп, лабораториска опрема, свеж материјал | Анкетни листови |
| **Секција на хемичари** | -Проширување на знаењата | 1 час/неделно | Насер Азизи | VIII-IX одделение | Хемиски супстанци | Според интерес на ученикот ( анкетни листови) |

## 9.3 АКЦИИ

Акциите може да се реализираат во самото училиште, но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од училиштето (пример: акција за чистење во пошироката околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството, посетување и помагање на стари лица или лица со попреченост во соседството итн.). Акциите ги иницира раководниот, наставниот или стручниот кадар и ученичките тела во училиштето. За нивно планирање, организирање и реализирање е одговорно училиштето. Преку учество во акции од еколошки или хуманитарен карактер, учениците се учат на доброволна и општествено корисна работа и ги развиваат своите лични и социјални компетенции.

| **Име на акцијата** | **Цели** | **Одговорни лица** | **Вклучени одделенија/паралелки** |
|---|---|---|---|
| Уредување на училишната зграда и училишен двор | Формирање работни навики кај учениците за одржување и грижа за училиштето и училишниот двор Работна акција | Наставници, технички персонал | Ученици од II до IX одд. |
| Ден на општина Ѓорче Петров | Одбележување на денот на општината | Ученички парламент наставници, Директор | Ученици од III до IX одд. |
| Хуманитарни акција за помош на социјално загрозените семејства | Помош на социјално загрозените ученици Собирна акција | Наставници, Директор, Психолог, Ученички парламент | Ученици од социјални ранливи групи од I до IX одд. |
| Ученичка акција (по една ученичка акција во прво и во второ полугодие) | Унапредување на ученички активизам и демократските процеси во училиштето. Унапредување на Граѓанско образование | Директор Ученчки парламент Стручна служба | ученици од VI до IX одд |
| Акција за собирање на пластични шишиња – соработка со ,,Пакомак,, | Собирање на пластика за почиста животна средина Развој на еколошката свест кај учениците и локалното население | Предметни и одделенски наставници, стручна служба директор, членови на еко-одбор | Ученици од I до IX одд. |
| Акција за собирање на искористени батерии | Рационална употреба на енергијата, намалување на отпадот, промена на навиките | Ана Настова одделенски раководители, директор, членови на еко-одбор | Ученици од I до IX одд |
| Формирање еко -патроли | Вклучување на ученици во еко-патроли и организирање еко акции | Ана Настова, Кире Николоски, Бесим Амети, локман Мемеди членови на еко-одбор | Ученици од II до IX одд |
| Еколошки акции и работилници | Креирање активности за подобрување на | Ана Настова, | Ученици од II до IX одд. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | состојбата, промена на навиките, намалување на отпадот, рационална употреба на водата и енергијата | членови на еко-одбор | |
| Одбележување на „Ден за подршка на лицата со посебни потреби,, | Развивање свест дека и поинаквите од нас имаат исти чувства и потреби | Наставници, стручна служба родители | Ученици,од I до IX одд. |
| Новогодишен базар | Собирање средства за хуманитарни цели | Ученички парламент наставници, директор родители, | Ученици од I до IX одд. |
| Изработка на Новогодишни честитки | Негување на традиција за почитување, честитање и подарување | Наставници Родители | Ученици од I до V одд. |
| Чистење на училишен двор од снег | Формирање работни навики кај учениците. Зголемување на безбедноста во училиштето | Вработени во училиштето, технички персонал | Ученици од II до IX одд. |
| Изработка на честитки за 8-ми Март | Достојно одбележување на празникот на жената и ученички активизам | Одделенски раководители, родители | Ученици од I до V одд. |
| Одбележување на денот на пролетта и екологијата | Подигање на еколошката свест | Вработени во училиштето, локално население | Ученици од I до IX одд. |
| Патронен празник на училиштето | Свечено одбележување на денот на училиштето | Наставници, Директор, Пом. директор родители, стручна служба | Ученици од I до IX одд. |
| Креативни велигденски и бајрамски изработки | Одбелување на верските празници во соживот и заедништво. Запознавање со традицијата и културата на етничките заедници во нашата татковина | Наставници, Стручна служба Директор, Пом. директор родители | Ученици од I до IX одд. |

# 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Учениците во нашето училиште се вклучени на различни начини и нивоа на одлучување за прашања и теми кои ги засегаат во училиштето. Тие можат да партиципираат во скоро сите домени од училишното живеење, поврзани со наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните, физичките услови во училиштето и слично. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште (Службен весник: 161 од 5.08.2019 Закон за основно образование, член 68). За организирано остварување на интересите на учениците во основното образование, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

## План за работа на заедница на паралелка

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката и има задача да одлучува за прашања поврзани со успехот, учењето, престојот во училиште, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира претседател, заменик – претседател (со рамноправна застапеност на половите), постојани тела и повремени тела. Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело, во согласност со сопствените афинитети.

Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост. Самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат. Секој ученик, освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата, доброволно се определува во кое тело сака да биде член. Улогата на постојаните тела во заедницата на паралелката е да учествуваат во планирањето и организирањето на разни прослави и манифестации, екскурзии, собирање прилози и други хуманитарни активности, еколошки активности, спорт и друго. Повремените тела во заедницата на паралелката се формираат по потреба за различни прашања, како на пример носење униформи, изработка на табло, помагање на ученик во учење, разрешување на актуелен проблем и слично. Заради успешно функционирање на заедницата, претседателот свикува состанок прватa недела по изборот на постојаните тела. На првиот состанок тие изготвуваат план за работа, кој се однесува на периодот од една учебна година. Планот за работа содржи предлог-активности во кои ќе бидат вклучени сите членови на заедницата. Планот го сочинуваат активностите што би ги воделе постојаните тела, а со тоа ќе се обезбеди поголема активност на овие тела. Претседателот е должен да свикува минимум еден состанок во месецот на кој ќе се разгледуваат тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа и ќе се договараат идни активности во согласност со потребите на учениците. На овие состаноци во согласност со потребите може да се донесе и одлука за формирање на повремени тела за кои одделенската заедница смета дека е неопходно нивно формирање.

## Програма за одделенска заедница

| Активности | Носител на активноста | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Тема 1: Јас - Личен развој | I-III<br>IV-VI<br>VII-IX | Прирачник за Животни вештини | Работни листови<br>Вежби | Во текот на учебната година | Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој<br>Аналитичко и критичко мислење |
| Тема 2: Јас и ти - Интерперсонални односи | I-III<br>IV-VI<br>VII-IX | Прирачник за Животни вештини | Работни листови<br>Вежби | Во текот на учебната година | Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој<br>Аналитичко и критичко мислење |
| Тема 3: Јас и ти - Општествени односи | I-III<br>IV-VI<br>VII-IX | Прирачник за Животни вештини | Работни листови<br>Вежби | Во текот на учебната година | Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој<br>Аналитичко и критичко мислење |
| Тема 4: Јас и здравјето - Здраво живеење | I-III<br>IV-VI<br>VII-IX | Прирачник за Животни вештини | Работни листови<br>Вежби | Во текот на учебната година | Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој<br>Аналитичко и критичко мислење |
| Тема 5: Јас и околината - Однос со надворешната средина | I-III<br>IV-VI<br>VII-IX | Прирачник за Животни вештини | Работни листови<br>Вежби | Во текот на учебната година | Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој<br>Аналитичко и критичко мислење |

## ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент е составен од претставници од сите паралелки од предметна настава и одговорен раководител (централно училиште Гордана Несторовска и подрачно училиште Јусрен Селмани). Претставниците на Ученичкиот парламент соработуваат со одделенските раководители, директорот на училиштето, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор, како и со родителите. Парламентот од ученици ќе функционира на ниво на заедница, на ниво на училиште и на ниво на паралелка. Заедницата на ниво на паралелка ќе соработува со одделенскиот раководител, каде што паралелката избира свое раководство кое што пак заедно со сите претставници од сите паралелки изготвува програма за работа. Целта на овој парламент е планирање и реализирање на наставните и воннаставните активности во врска со решавање на сите позначајни прашања произлезени од наставата и надвор од неа и унапредување на условите за престој и учење во училиштето.

На состаноците на ученичкиот парламент ќе се разгледуваат прашања и проблеми од секојдневието на учениците, проблеми во наставата, потешкотии во совладување на материјалот, подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците и други тековни актуелни проблеми кои што произлегуваат во и вон училиштето помеѓу учениците, кои што се евидентираат во записничката книга на заедницата. Ученичкиот парламент се вклучува во подготовка на квизови, натпревари, работилници и активности за организирано користење на слободното време. Во текот на учебната година, Ученичкиот парламент посветено ќе ја реализира својата програма за работа, ќе спроведе демократски избори на ново претседателство на парламентот, ќе организира хуманитарни и младински акции, ќе се вклучи во

организација на прослави по повод ден на училиштето и други значајни датуми и ќе земе учество во реализација на програмата за професионална ориентација на учениците.

Претставниците во ученичкиот парламент од сите паралелки ќе реализираат редовни средби со директорот, психологот, специјалниот едукатор и рехабилитатор и одговорните наставници, на кои што се разгледуваат сите видови прашања што ги засегаат учениците. Во соработка со родителите, директорот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор, ученичкиот парламент ќе организира хуманитарни продажни акции, собирни акции за помош на социјално загрозените ученици и активности за помош на децата со посебни потреби.

## ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Ученичкиот правобранител ќе се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Во учебната 2022/2023 година Ученичкиот правобранител ќе се избира со мнозинство гласови од учениците од VII – IX одделение, по пат на тајно гласање ( член 68, став 8). Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права. Задачата промовирање на детските права ученичкиот правобранител ќе ги реализира преку едукативни работилници, дебати, информативни настани, со цел промовирање на детските права во соработка со тимот за поддршка на ученичкото организирање и стручната служба. За втората задача, поддршка и заштита на детските права, ученичкиот правобранител ќе соработува со стручната служба во училиштето, ќе препознава кршење на детските права и истото ќе го пријавува до директорот на училиштето и училиштен одбор (доколку не се превземени активности за нивно надминување). Ученичкиот правобранител може да учествува на состаноците на ученичкиот парламент и другите тела во училиштето доколку се разговара за можни повреди на детските права. Мандатот на ученичкиот правобранител ќе трае 2 години, освен ако за правобранител биде избран ученик од IX одделение, по чиешто завршување ќе се распише нов отворен повик. По завршување на мандатот на ученичкиот правобранител училиштето ќе му додели сертификат на ученикот кој бил правобранител.

## 1

Во учебната 2022/2023 год. нашето училиште планира организација и реализација на вонучилишни активности (екскурзии, излети, настава во природа) низ кои учениците можат да ги прошират и продлабочат своите знаења од повеќе воспитно-образовни подрачја и наставни предмети. Покрај учество во вонучилишни активности, голем број ученици посетуваат специјализирани училишта за одредени вештини од областа на уметноста и спортот (основно музичко -балетско училиште, училишта за танц, спортска академија, училишта за изучување од областа на ИКТ и други) каде имаат можност да се надградуваат и да ги усовршуваат сопствените таленти.

## 11.1 ЕКСКУРЗИИ,ИЗЛЕТИ НАСТАВА ВО ПРИРОДА

ООУ „Јоаким Крчоски“ планира реализација на следните вонучилишни активности: ученички екскурзии, излети (есенски и пролетен) и настава во природа.

Целите на училишните екскурзии, излети и настава во природа се остваруваат преку:

-Посета на локалитети од културно, историско и друго значење

-Истражување на објекти и појави во пририодата како и односите во општествениот живот

-Градење на чувство за припадносткон државата, еднаквост, толеранција и соживот,

-Запознавање на учениците со културата и различните етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат) со примена на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција.

-Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата.

-Дружење, социјализација ,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе

-Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

Во годишната програма за работа на училиштето е приложен планот за организација и изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од нашето училиште.

Училишниот одбор со одлука има формирано стручен тим за подготовка на програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Стручниот тим за изработка на програмата за екскурзии во учебната 2022-2023 година го сочинуваат Директорот на училиштето Слаѓана Гаврилоска и одговорни наставници од централното и подрачното училиште: Кире Николовски, Љупка Христова, Јованка Костовска, Бесим Амети, Себије Мемеди и Нуран Исмаили.

Стручниот тим изготви програма за екскурзии, излети и настава во природа за учебната 2022-2023 година со кој се пранирани следните вонучилишни активности:

- Два излети: есенски и пролетен со ученици од I-IX одделение: есенски излет кој е планиран да се изведе на локација - Марков манастир-Скопје и пролетен излет кој ќе се изведе на локација во манастирот Св.40 маченици во с.Орман, Скопје.
- Два излети со учениците од подрачното училиште од I-IX одделение: есенски на локација Спортско - рекреативен центар - Сарај и пролетен со посета на реката Лепенец во близина на с.Никиштане, Скопје.
- Планирана е екскурзија за учениците од трето одделение до Пробиштип со посета на манастирот св.Гаврил Лесновски с.Лесново.
- Учениците од шесто одделение ќе реализираат дводневна екскурзија до локација Скопје – Струмица – Дојран - Скопје
- Учениците од деветтите одделенија ќе реализираат тридневна екскурзија на релација Скопје - Струмица - Дојран – Кавадарци - Скопје.
- Училиштето има планирано реализација на настава во природа за учениците од петто одделение во траење од 5 дена на релација

Охрид/Струга.

Летни и зимски кампови за учениците се реализираат во рамките на зимскиот и летниот распуст на учениците (доколку има интерес од страна на родителите и учениците). Овие кампови се од особена корист за учениците. За реализација на кампoвите, одговорните наставници доставуваат програма за реализација на летен/зимски камп до училиштето (доколку има интерес и можност да се реализира).

Програмата за реализирање на излети, екскурзии и настава во природа во учебната 2022-2023 година е прикажана во прилози.

## 11.2 ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИЦИ ВКЛУЧЕНИ ВО ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на учебната година ќе биде спроведена анкета со која учениците ќе се изјаснат за своето учество во вонучилишни активности. По анализа на анкетата училиштето ќе изготви листа со податоци за ученици вклучени во вонучилишни активности -ученици кои посетуваат основни музички, балетски, танцови училишта, разни спортски клубови надвор од училиштето. Податоците за тоа каде и во кои активности се вклучени учениците ќе бидат доставени во текот на учебната 2022-2023 година.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Во учебната 2022/2023 година ООУ„Јоаким Крчоски“ ќе организира натпревари со цел да се промовираат постигнувањата на учениците и да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделен наставен предмет. Содржината на натпреварите треба да биде соодветна на возраста на учениците и да се темели на наставниот план и наставната програма за основно образование.

Цели на натпреварите се:

- Вреднување на нивоата на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- Рангирање според постигањата на учениците;
- Откривање на учениците кои се надарени или талентирани за одредена област;
- Збогатување на наставниот процес со проширени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети;
- Подобрување на квалитетот на образованието;
- Поттикнување на натпреварувачкиот дух, тимска работа и развивање на толеранција кај учениците;

Учениците ќе земат учество на училишни, општински, регионални и државни натпревари. Општинските, регионалните и државните натпревари ги организираат акредитирани здруженија на наставници(од страна на МОН) по одделен наставен предмет, сроден предмет или научна област на која припаѓа наставниот предмет.

## ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

- **ПЛАН**
  - Планирано реализирање на училишни натпревари по наставни предмети од 4 до 9 одд.
  - Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.
  - Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со поширoки сознанија.
  - Навремено информирање за одржување на училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување.
  - Спроведување на натпреварите.
  - Истакнување на резултатите.
  - Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг.
- **ПРОПОЗИЦИИ**
  - Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмета.
  - Ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество.
  - Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина.
- **НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ**
  - Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.
  - Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците.
  - Навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар).
  - Усна информација за резулатите пред сите учесници во натпреварот.
  - Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник .
  - Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

**4. СПРОВЕДУВАЊЕ**

- Да се изготви споисок кои ученици ќе учествуваат на натпреварот.
- Да се избере комисија од соодветни предметни - одделенски наставници.
- Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар.
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците.
- Присуство на комисијата на самиот натпревар.

**5.АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ**

- Изборот на учениците за општински натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот на училишниот натпревар.
- Ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата, освен ако учествува на натпревар на македонски јазик.
- Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотии на ученикот.
- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара досие во која се забележуваат подготвителните активности.
- Навремено информирање на учениците и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.
- За секој следен натпревар (регионален односно државен) учениците се определуваат врз основа на постигнатите резултати и ранг-листата од претходните нивоа на натпревари, а во согласност со пропозициите коишто ги пропишува здружението на наставници.

## ПРОТОКОЛ ЗА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Место на одржување на ученички натпревари: Слободна училница и училишна библиотека.

- На натпреварот се пријавуваат ученици по сопствен избор, исто така одделенските – предметните наставници може да извршат избор на ученици кои ќе учествуваат во натпревари.
- На планот кој ќе се приложи да се вметнат време на реализација (датумите на одржување) на натпреварите да се внимава да нема совпаѓање на датуми во ист ден.
- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците по кој предмет ќе се организира натпреварот, кое одделение, часот на одржување и местото на одржување.
- Комисијата за натпревари ќе биде составена од одделенските и предметните наставници.
- Учениците имаат право да се пријават најмногу на три училишни натпревари, односно само по три наставни предмета.
- Учениците кои ќе освојат 1, 2, 3 место да бидат на соодветен начин наградени (задолжително пофалница), наградите да бидат унифицирани за сите ученици.
- Одделенските и предметнте наставници кои реализираат училишни натпревари треба да изготват:
  - список на ученици кои учествуваат во натпревар (три списоци),
  - едниот список да биде вметнат во папката за соопштенија,
  - вториот да се истакне на огласна табла (истите да бидат рангирани според бројот на освоени поени и освоено место)
- Одделенските и предметните наставници кои реализираат училишни натпревари треба да ги предадат на одговорниот на Стручен актив следниве документи:
- Список на учениците кои учествувале во натпревар (трет список).
  Еден празен пример од тестот.
- На одделенските часови учениците да бидат запознаени со протоколот и планот за училишните натпревари.

**Комисии за натпревари**

| **Природна група предмети – одговорен наставник Гордана Костовска** | **Општествена група предмети – одговорен наставник Слаѓана Новеска Трајковска** |
|---|---|
| Членови:<br>- Борјанка Стојчевска<br>- Соња Лазороска<br>- Кире Николоски<br>- Ана Настова<br>- Валентина Пешевска | Членови:<br>- Љупка Христова<br>- Слаѓана Новеска Трајковска<br>- Силвана Миленковиќ<br>- Славица Тренкоска<br>- Јасмина Стојанова<br>- Маријана Дејковска<br>- Катица Ѓеорѓиева<br>- Марија Ставревска |
| **Природна група предмети – подрачно училиште одговорен наставник Блерим Ибрахими** | **Општествена група предмети – подрачно училиште одговорен наставник Љуљзиме Бауш Јусуфи** |
| Членови:<br>- Бесим Амети<br>- Наставник по Математика<br>- Нуране Исмаили<br>- Насер Азизи | Членови:<br>- Бесим Амети<br>- Нуране Исмаили<br>- Љуљзиме Јусусфи<br>- Бурим Латифи |

| **Одделенска настава– одговорен наставник Јованка Костовска** | | **Одделенска настава - подрачно училиште одговорен наставник Имране Селмани** |
|---|---|---|
| Членови:<br>– Маја Петковска<br>– Катерина Петреска<br>– Валентина Ивановска<br>– Даница Милеска<br>– Слаѓана Смилчевска<br>– Марија Петреска | <br>– Јованка Костовска<br>– Тања Анѓелковска<br>– Сања Андевска<br>– Валентина Панчевска<br>– Маја Тодоровска<br>– Игор Ангелески | Членови:<br>- Емел Селмани<br>- Себије Мемеди<br>- Јашар Исмаили<br>- Локман Мемети<br>- Имране Селмани<br>- Бурим Латифи |

Деталното планирање за учество на учениците во натпревари кои ќе се организираат во текот на учебната 2022/2023 година е прикажано во Програма за натпревари доставена во прилозите.

# 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

ООУ „Јоаким Крчоски“ во учебната 2022/23 ја продолжува соработката со подрачното училиште (во кое наставата се изведува на албански јазик) со реализација на активности кои ќе придонесат за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција на образованието. За реализација на предвидените цели и задачи поврзани со мултикултурализмот во рамки на училиштето директорот на училиштето има формирано ТИУ тим. Тимот го сочинуваат:

-Директор-Слаѓана Гаврилоска
-Психолог-Гордана Несторовска;
-Одделенски наставник-Сања Андевска;
-Предметен наставник-Борјанка Стојчевска;
-Одделенски наставник од подрачното училиште Емел Селмани;
-Претседател на ученички парламент-избор со започнување на новата учебна 2022/2023година.
-Ученички правобранител-избор со започнување на новата учебна 2022/2023година.

Активности кои се планираат ќе придонесат за почитување на мултикултурализмот и развој на интеркултурализам, интеракција и унапредување на меѓуетничка интеракција како и надминување на стереотипите и предрасудите.Со заедничка соработка меѓу централното и подрачното партнер училиште, ќе се реализираат активности со ученици од подрачното училиште каде наставата се изведува на албански јазик и централното училиште со настава на македонски јазик. Активностите на двете партнер училишта ќе се реализираат во групи балансирани по пол, верска и етничка припадност. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.

Наставниот кадар, родителите и учениците ќе бидат активно вклучени во сите планирани активности, при што ќе добиваат поддршка од Училишниот одбор и Наставничкиот совет.

# 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во ООУ „Јоаким Крчоски" во учебната 2022/2023 ќе се реализираат следните проекти:

- **„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“**
- **„Со читање до лидерство“**
- **„Контрврзни прашања во наставата“**

- **‚Училиште на 21 век“**

Проектот **„Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“** има за цел воспоставување вредносен систем кој ќе ја измени постоечката култура на прифаќање и нормализирање на корупцијата и промоција на придобивките од доброто владеење и однесување. Учениците ќе можат да ја препознаат корупцијата и да се заштититат од оваа негативна општествена појава заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, истакнувајќи ги позитивните примери.

Целите на програмата се учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност, да се запознаат што значи одолевање на социјален притисок, да знаат во кои облици може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата. Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го разберат штетното влијание на корупцијата во општеството како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува.

Реализатор на програмата е Љупка Христова – наставник по Граѓанско образование, која ќе ги реализира работилниците со учениците од 9 одделение, и Гордана Несторовска – училишен психолог која ќе ги реализира тестирањата на учениците од IX одделение, прегледување и анализа на прашалниците. Наставниот предмет граѓанско образование дава голема можност за проширување на знаењата на учениците со воннаставни активности.

Проектот **„Со читање до лидерство″** има за цел развивање критичкото мислење кај учениците, подобрување на разбирањето на содржината кај учениците, подобрување на раната јазична писменост и читање со разбирање. Со овој проект ќе се реализираат следните цели за трето одделение: Развивање на способноста на учениците за читање со разбирање на прочитаниот текст, одговори на прашања во врска со текстот и самостојно составување на прашања во врска со текстот.

Одговорен наставник за проектот „Со читање до лидерство″ е Елеонора Трајковска, а реализатори на проектот се одделенските наставници од второ до петто одделение, психолог Гордана Несторовска и библиотекар Мишо Колев.

Проектот **„Контроверзни прашања во училишната програма – развивање ефективни практики и пристапи во наставата“** има за цел подигање на свеста за важноста учениците да учат како да се справуваат со контроверзните прашања, оспособување на наставниците да применувааат истражувачки и активни пристапи на учење за справување со контроверзни прашања, развивање на компетенци на учениците за демократска култура преку активно учество во дискуисии, дебати, истражувања со можност на слободно изразување на мислење, генерирање и проценка на аргументи и барање алтернативни толкувања и гледишта.

Проектот е организиран од страна на Институтот за човекови права и Советот на Европа, а во него учество земаат Гордана Несторовска – училишен психолог, Љупка Христова – предметен наставник по историја и граѓанско образование, Јасмина Стојановска – предметен наставник по англиски јазик, Даниела Кимовска – предметен наставник по македонски јазик и Марија Петреска – предметен наставник по англиски јазик.

Проектот **„Училишта на 21-от век“** се реализира од страна на Британски совет во соработка со МОН со цел да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми, како и подобрување на дигиталните вештини на учениците на возраст од 11 – 15 години. Целта на овој проект е да се добие повеќе практично знаење во делот за кодирање и да се добијат идеи за да се подобрат наставните часови.

Во рамките на оваа програма е обуката „Критичко размислување и решавање проблеми“ во која учество земаат Гордана Костовска – предметен наставник по информатика, Соња Лазороска – предметен наставник по математика и физика, Даниела Кимовска – предметен наставник по македонски јазик и Јасмина Стојановска – предметен наставник по англиски јазик.

Цели на програмата се: стекнување меѓународно препорачано основно теоретско знаење за критичкото размислување и решавање проблеми (КРРП), истражување препорачани докази за тоа како може да се предава и оценува КРРП, добивање практични примери за тоа како да се развива КРРП во училиште, препознавање можности во рамките на училиштето за развивање на вештини за КРРП, развивање на водство, проектен менаџмент и техники за самооценување со вметнување на КРРП во пракса. Целта на проектот е самонасочено размислување кое создава нови и иновативни идеи и решава проблеми, но и се прави критичко анализирање на искуствата од учењето и процесите, како и носење ефективни одлуки.

# 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 15.1 ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Анализата за централното и подрачното училиште утврди дека најголем број од учениците кои се оценуваат описно целосно ги постигнуваат целите, имаат голем напредок и успешно ги постигнуваат целите и наставните содржини во сите предмети. Сите ученици од прво одделение успешно се социјализирани и се прилагодија на наставата која се реализираше со физичко присуство и дел од учениците следеа настава од далечина.

| **Успех и постигнувања на учениците кои се оценуваат описно во учебната 2021/2022 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одд | Централно училиште Македонски наставен јазик | | | Подрачно училиште Албански наставен јазик | | |
| | Целосно ги постигнува целите | Делумно ги постигнува целите | Недоволни постигнувања/ со потешкотии | Целосно ги постигнува целите | Делумно ги постигнува целите | Недоволни постигнувања/ со потешкотии |
| I | 20 | 14 | 8 | 15 | 5 | 2 |
| % | 47.62 % | 33.33 % | 19.05% | 68.19 % | 22.72 % | 9.09 % |
| II | 23 | 6 | 4 | 14 | 4 | 2 |
| % | 69.70 % | 18.18 % | 12.12 % | 70.00 % | 20.00 % | 10.00 % |
| III | 18 | 8 | 7 | 9 | 11 | 4 |
| % | 54.55 % | 24.24 % | 21.21 % | 37.50 % | 45.83% | 16.67 % |
| Вкупно | 61 | 28 | 19 | 38 | 20 | 8 |
| % | 56.48 % | 25.93 % | 17.59 % | 57.58 % | 30.30 % | 12.12 % |
| Вкупно описно оценети | 108 | | | 66 | | |

Анализата за централното и подрачното училиште утврди дека голем број од учениците (над 56% ученици) кои се оценуваат описно целосно ги постигнуваат целите, имаат голем напредок и успешно ги постигнуваат целите и наставните содржини во сите предмети. Сите ученици од прво одделение успешно се социјализирани и се прилагодија на наставата која се реализираше со физичко присуство, а мал дел од учениците следеа настава од далечина.

Во централното училиште со настава на македонски јазик вкупно 56.48 % од учениците имаат голем напредок во совладување на наставните содржини и целосно ги постигнуваат целите по сите предмети, 25.93 % ученици имаат напредок во однос на иницијалната состојба и делумно ги постигнуваат целите во поголем број предмети и 17.59 % од учениците напредуваат со потешкотии, имаат недоволни постигнувања на целите, напредуваат со индивидуално темпо и потребна им е помош во совладување на наставата.

Во однос на претходната учебна година нема значајна разлика помеѓу бројот на ученици кои целосно ги постигнуваат целите (57.58 %, минатата година и 56.48% во оваа учебна година.. Бројот на ученици кои делумно ги постигнуваат целите е намален од 32.23 % на 25.93 %. Бројот на ученици со потешкотии во следење на наставата е зголемен од 10.10% на 17.59. Бројот на ученици кои делумно ги постигнуваат целите нема значајна разлика во однос на минатата учебна година.

Во подрачното училиште со настава на албански јазик вкупно 57.58 % од учениците имаат голем напредок во совладување на наставните содржини и целосно ги постигнуваат целите по сите предмети, 30.30 % ученици имаат напредок во однос на иницијалната состојба и делумно ги постигнуваат целите во поголем број предмети и 12.12 % од учениците имаат потешкотии и недоволни постигнувања на целите, напредуваат со индивидуално темпо и потребна им е помош во совладување на наставата. Бројот на ученици кои целосно ги постигнуваат целите е зголемен од 46.56% на 57.58%. Намалување се забележува кај бројот на ученици кои делумно ги постигнуваат целите од 39.65% на 30.30 и бројот на ученици со потешкотии од 13.79% на 12.12.

Анализа на постигнувањата на учениците кои се оценуваат нумерички:

Во централното училиште со настава на македонски јазик средниот општ успех на учениците од IV до IX одделение изнесува 4.28. Во споредба со минатата учебна година 2020/2021 и учебната 2019/2020 успехот бележи мал пад (од 4.38 на 4.28). Средниот општ успех на учениците од IV до IX одделение од централното училиште бележи мали статистички разлики и е на приближно исто ниво со претходните две учебни години. Во подрачното училиште со настава на албански јазик се воочува мал пад на средниот успех на учениците од IV до IX одделение од 4.45 постигнат минатата учебна година на 4.42 постигнат во оваа учебна година. Успехот на учениците од подрачното училиште покажува варијации, но разликите не се статистички значајни.

| Централно училиште | |
|---|---|
| **Задолжителни предмети** | **Среден успех** |
| Македонски јазик | 4,16 |
| Англиски јазик | 4,17 |
| Француски јазик | 3,65 |
| Математика | 4,00 |
| Природни науки | 4,19 |
| Општество | 4,36 |
| Историја | 3,82 |
| Историја и општество | 4,67 |
| Географија | 3,80 |
| Биологија | 3,89 |
| Хемија | 4,07 |
| Физика | 3,75 |
| Информатика | 4,60 |
| Работа со компјутери и програмирање | 4,67 |
| Граѓанско образование | 4,18 |
| Етика | 4,61 |
| Иновации | 4,74 |
| Техничко образование | 4,36 |
| Ликовно образование | 4,50 |
| Техничко образование и информатика | 4,94 |
| Музичко образование | 4,79 |
| Физичко и здравствено образование | 4,93 |
| Германски јазик | 4,00 |
| **Изборни предмети** | |
| Творештво | 4,82 |
| Проекти од музичка култура | 5,00 |
| Проекти од информатиката | 4,84 |
| Запознавање со религиите | 4.07 |
| Програмирање | 4,07 |
| Образование за животни вештини | 5,00 |
| Цртање, сликање и вајарство | 5,00 |

| Подрачно училиште | |
|---|---|
| **Задолжителни предмети** | **Среден успех** |
| Албански јазик | 4,26 |
| Македонски за заедниците | 4,47 |
| Англиски јазик | 4,25 |
| Француски јазик | 3,91 |
| Математика | 4,05 |
| Природни науки | 4,75 |
| Општество | 4,53 |
| Историја и општество | 4,29 |
| Историја | 3,82 |
| Географија | 3,87 |
| Биологија | 3,63 |
| Хемија | 3,58 |
| Физика | 4,16 |
| Информатика | 4,35 |
| Работа со компјутери | 4,80 |
| Граѓанско образование | 4,77 |
| Етика | 4,29 |
| Иновации | 4,42 |
| Техничко образование | 4,86 |
| Техничко образование и информатика | 4,43 |
| Ликовно образование | 4,76 |
| Музичко образование | 4,85 |
| Физичко и здравствено образование | 4,86 |
| **Изборни предмети** | |
| Творештво | **4,60** |
| Нашата татковина | 5,00 |
| Унапредување на здравјето | 3,50 |
| Истражување на родниот крај | 4,76 |
| Мултикултурни работилници | 4,71 |
| Цртање, сликање и вајарство | 4,29 |
| Етика на религиите | 4,25 |

**Споредба на општ училишен успех за три учебни години**
**Настава на македонски наставен јазик – централно училиште**

| Учебна година | Одделение | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Просек на училиште |
| 2019/2020 | 4.63 | 4.51 | 4.30 | 4.26 | 4.06 | 4.48 | 4.37 |
| 2020/2021 | 4.56 | 4.63 | 4.28 | 4.19 | 4.22 | 4.35 | 4.38 |
| 2021/2022 | 4.77 | 4.64 | 4.25 | 4.36 | 4.13 | 4.38 | 4.28 |

**Споредба на општ училишен успех за три учебни години**
**Настава на албански наставен јазик – подрачно училиште**

| Учебна година | Одделение | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Просек на училиште |
| 2019/2020 | 4.86 | 4.80 | 4.54 | 4.38 | 4.29 | 4.50 | 4.58 |
| 2020/2021 | 3.74 | 4.53 | 4.09 | 4.36 | 4.43 | 4.38 | 4.45 |
| 2021/2022 | 4.50 | 4.66 | 4.30 | 4.35 | 4.25 | 4.47 | 4.42 |

Од целокупната статистичка анализа на успехот на учениците во централното и подрачното училиште може да заклучиме дека истиот покажува минимални статистички незначајни разлики во однос на минатата учебна година. За релативно висок постигнат успех во централното (4.28) и подрачното училиште (4.42) голем придонес има прилагодувањето на наставата според интересите и потребите на учениците и редовна реализација на дополнителната настава (на која покрај присуствуваа ученици слаб успех, ученици кои биле подолго отсутни поради болест и ученици со позитивни оцени на кои наставниците им помагаа во совладување на потешки делови од материјалот). Училиштето настојува учениците да усвојат знаења применливи во секојдневниот живот и повисоки нивоа на знаења кои ќе им овозможат вертикална проодност во средните училишта.

Во текот на учебната година 2022/2023 ќе се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Ќе се прави анализа на успехот по предмети и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати и ќе се организира дополнителна настава. Како и досега, особено внимание ќе се посветува на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои подолго отсуствуваат од настава, надарените и учениците со потешкотии во учењето на кои континуирана поддршка ќе им обезбедуваат наставниците и стручната служба. Училишниот психолог континуирано ќе реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Специјалниот едукатор и рехабилитатор ќе ги детектира учениците со потешкотии и со посебни потреби. Со нив ќе реализира индивидуални вежби, поддршка и ќе дава придонес за постигнување на целите на секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Надарените ученици ќе

се идентификуваат и преку додатната настава ќе им се овозможи да ги прошират и продлабочат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширката општествена јавност како на пример: драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби, проекти, работилници и слично.

Стручните активи во согласност со својата програма за работа, ќе реализираат нагледни часови, вклучување во реализација на Отворен ден за Граѓанско образование и успешна реализација на приоритетите: Обезбедување услови и опрема за реализација на настава, Зафати за подобрување на условите за работа во централното училиште, Редовна употреба на изготвените училишни процедури и програми, Унапредување на демократските процеси во училиштето со вклучување на учениците во работата на Наставнички совет, Одделенски совет и Училишен одбор. Стручната служба и стручните активи особено внимание ќе посветат на следење и унапредување на реализација на наставата, подобрување на училишниот успех и подобрување на резултатите од учењето на учениците.

Во прилозите на оваа годишна програма се доставени планирањата на Тимот за евалуација на на годишната програма и План за поддршка на учениците за подобрување на резултатите.

## 15.2 ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Училиштето им помага на учениците и родителите/старателите при избор на средно училиште, согласно особеностите, способностите, афинитетите и интересите на учениците. Во Тимот за професионална ориентација на учениците се вклучени стручната служба, одделенските раководители на учениците од VIII и IX одделение и наставниците по Граѓанско образование кои имаат континуирана поддршка од Директорот на училиштето.

Програмата за професионална ориентација ќе ја реализираат одделенските раководители на учениците од осмо и деветто одделение, наставниците по Граѓанско образование, училишниот психолог, специјалниот едукатор рехабилитатор во соработка со учениците од осмо и деветто одделение и нивните родители. Во реализација на Програмата за професионална ориентација ќе се вклучат и претставници од средните училишта (кои ќе ги информираат учениците и родителите за услови за запишување во средните училишта, наставни предмети и насоки и можности за натамошно школување по завршување на средното училиште). Училишниот Тим за професионална ориентација ќе им помогне на учениците во водење и прибирање на материјали за ученичкото портфолио.

Во врска со следењето на индивидуалните афинитети на учениците, давањето помош на учениците и родителите во избор на средно училиште, психологот користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците. Исто така ќе ја реализира програмата за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение. Во рамки на програмата психологот ќе реализира разговори и советувања со учениците и нивните родители односно старатели. Исто така ќе реализира психолошки работилници за професионална ориентација согласно изготвена програма, следење и откривање на ученици со специфични интереси, идентификување на интереси и психолошки карактеристики на учениците од IX одделение. Психологот употребува алатки за утврдување способности и професионални интереси, спроведува анкетирање за продолжување на образованието, учествува во запознавање на учениците со различни професии преку предавања од лица вработени во и надвор од училиштето, индивидуално професионално советување и професионална

ориентација на ученици од IX одделение согласно утврдените способности, интереси и можности на ученикот. Доколку дозволат условите, Тимот за професионална ориентација ќе организира средби со личности од различни занимања и претставување на средните училишта.

Деталната програма за професионална ориентација на учениците е дадена во Прилог

## 15.3 ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ОД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Според законот за основно образование се забранува секаков вид на дискриминација како и секој вид насилство во основното образование и воспитание. За успешно спроведување на законските одредби во нашето училиште се предвидуваат активности за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација. Училишниот Тим за намалување на насилството во училиштето е составен од вкупно 5 членови:

- Гордана Несторовска психолог,
- Јусрен Селмани помошник директор,
- Славица Тренкоска предметен наставник ,
- Сања Андевска одделенски наставник,
- Маја Тодоровска оделенски наставник.

Во учебната 2022/2023 ќе продолжи реализацијата на програмата за намалување на насилството во училиштето, со цел да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите. Програмата ќе се реализира во соработка со Советот на родители, Ученички парламент, ученици, наставниот кадар и стручната служба, а по потреба ќе се вклучат и надворешни соработници. Планирани се едукативни работилници со ученици, родители и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, вклучување на надлежните институции и експерти за определените области на дејствување, организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката. Планот за „Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба, запуштање, спречување дискриминација“ – е поставена во прилог. на Годишната програма.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1 ВИДОВИ ОЦЕНУВАЊЕ И КАЛЕНДАР НА ОЦЕНУВАЊЕТО

Оценувањето претставува значајна компонентна во воспитно-образовниот процес. Постигнувањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки согласно член 138 од Законот за Основно образование. Кај учениците од I, II и III одделение постигнувањата во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава анализа на постигнувањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и психофизичкиот развој на детето. Успехот и напредокот на учениците во училиштето ќе се анализира во однос на иницијалната состојба, постигнатиот успех и напредокот согласно индивидуалните способности и капацитети. Овие ученици на крајот на прво полугодие добиваат известување за успехот со описни оценки, и на крајот на учебната година добиваат свидетелство со описни оценки. Во IV, V и VI одделение постигнувањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Во однос на спомнатите критериуми, со цел споредбена статистичка обработка и добивање точен преглед на напредокот на учениците, анализата ќе се реализира во три нивоа: 1). Ученици кои ќе покажат голем успех и напредок, 2). Ученици кои ќе покажат добар успех и напредок, 3). Ученици кои ќе покажат слаб успех и напредок (со потешкотии). Овие ученици на крајот на прво полугодие добиваат известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добиваат сведителство со бројчани оценки и оценка за општ успех. Во VII, VIII и IX одделение постигањата на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки или со описни оцени (согласно ИОП). Овие ученици на крајот на прво полугодие добиваат известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива сведителство со бројчани оценки и оценка за општ успех или описни оцени за ученици со ПОП.

Секој предметен наставник во својата годишна програма за работа го планира формативното и сумативното оценување, оценувањето на учениците со попреченост и начинот на известување на родителот/старателот. Општиот успех на учениците се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправниот испит. Оценувањето на учениците се врши согласно стандардите за оценување во наставните програми, а оценувањето со бројчани оценки се врши согласно критериумите за бројчано оценување и упатство за оценување на учениците во услови на настава преку далечинско учење односно учење од дома (доколку има потреба).

Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија. Испитната комисија ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветен предмет. Членовите на испитната комисија ќе бидат избрани во текот на учебната 2022/2023 година и податоците ќе бидат дополнително доставени во годишната програма.

Во текот на учебната 2022/2023 ќе бидат формирани Комисиите за повторна проверка на знаењата на учениците, за одделенски испит, за поправен испит и испит за побрзо напредување на ученици.

Учениците кои ја следат наставата според ИОП, во првиот период ( I, II и III одделение) се оценуваат описно, а во вториот и третиот период (од IV до IX одделение) може да се оценуваат и описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма се оценуваат описно во сите периоди согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати.Начинот на оценување на учениците со посебни образовни потреби се прилагодува согласно нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент. Начинот на оценување на учениците со посебни образовни потреби го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Одделенските наставници и раководителите на паралелки континуирано во текот на учебната година ги известуваат учениците за нивното напредување и постигање по секој одделен наставен предмет. Исто така одделенските наставници/класните раководители на паралелките го известуваат и родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие, односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје и крај на наставна година, преку доставување на евидентни листови.

План за писмено поверување

| IV одделение | Македонскијазик | Математика | Англиски јазик | Природни науки | Историја и општество | Техничко образование и информатика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| септември | | 4 седмица Тематски тест | | | | |
| октомври | 1 седмица тест | | | 1 седмица Тематски тест | 1 седмица Тематски тест | |
| ноември | 3 седмица тест | | 1 седмица тематски тест | 3 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| декември | 4 седмица проверка на знаењата-јазик | 4 седмица Тематски тест | | 4 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| Февруари | 3 седмица -проверка на знаења-глаголи | | 1 седмица тематски тест | | 4 седмица Тематски тест | |
| март | 4 седмица- проверка на знаења-видови реченици | | 4 седмица тематски тест | 3 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| април | | 1 седмица Тематски тест | | | 1 седмица Тематски тест | |
| мај | 2 седмица Тест граматика | 2 седмица Колку знам за дропки | 4 седмица тематски тест | 2 седмица Тематски тест | | |
| јуни | 1 седмица Годишен тест | 1 седмица проверка на знаења-мерни единици | | 1 седмица Тест | | |

| V одделение | Македонскијазик | Математика | Англиски јазик | Природни науки | Историја и општество | Техничко образование и информатика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| септември | | 4 седмица Тематски тест | | | | |
| октомври | 1 седмица тест | | | 1 седмица Тематски тест | 1 седмица Тематски тест | |
| ноември | 3 седмица тест | | 1 седмица тематски тест | 3 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| декември | 4 седмица проверка на знаењата | 4 седмица Тематски тест | | 4 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| Февруари | 3 седмица -проверка на знаења | | 1 седмица тематски тест | | 4 седмица Тематски тест | |
| март | 4 седмица- проверка на знаења | | 4 седмица тематски тест | 3 седмица Тематски тест | 3 седмица Тематски тест | |
| април | | 1 седмица Тематски тест | | | 1 седмица Тематски тест | |
| мај | 2 седмица Тест граматика | 2 седмица Тест | 4 седмица тематски тест | 2 седмица Тематски тест | | |
| јуни | 1 седмица Годишен тест | 1 седмица проверка на знаења | | 1 седмица Тест | | |

| VI одделение | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Француски јазик | Историја | Географија | Природни науки | Информатика | Музичко образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| октомври | | Прва писмена | 4 седмица тематски тест | Тематски тест 4 седмица | | тематски тест 2 седмица | 1 седмица Тематски тест | | | | |
| ноември | Прва писмена работа 3 седмица | | | | | тематски тест 4 седмица | IV седмица Тематски тест | IV седмица тест | | | |
| декември | Контролен тест 4 седмица | Втора писмена | 3 седмица тематски тест | Тематски тест 2 седмица | Полугодише н тест 3 седмица | тематски тест 4 седмица | | II седмица Тематски тест | 2 седмица | Полугодише н тест 2 седмица | 2 седмица |
| февруари | | | | | | | Тематски тест 4 седмица | | | | |
| март | Втора писмена работа 3 седмица | Трета писмена | 4 седмица тематски тест | Тематски тест 4 седмица | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| април | Контролен тест 1 седмица | | | | | | Тематски тест 2 седмица | | | | |
| мај | Трета писмена работа 3 седмица | Четврта писмена | тематски тест 4 седмица | | | тематски тест 2 седмица | | | 3 седмица | Тест 2 седмица | 3 седмица |
| јуни | | | | | Годишен тест 1 седмица | | | | | | |

| VII одделение | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Француски јазик | Историја | Географија | Биологија | Информатика | Музичко образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| октомври | контролна задача 4 седмица | Прва писмена | тематски тест 4 седмица | Тематски тест 4 седмица | | контролен тест 1 седмица | I седмица Тематски тест | | | | |
| ноември | контролна задача 3 седмица | | | I седмица | | тематски тест 4 седмица | Тематски тест 2 недела | IV седмица тест | | | |
| декември | писмена раб. 1 седмица | Втора писмена | 3 седмица тематски тест | Тематски тест 2 седмица | 3 седмица полугодишен тест | | | IIседмица Тематски тест | 2 седмица | Полугодишен тест 2 седмица | 2 седмица |
| февруари | | | | | | тематски тест 1 седмица | | | | | |
| март | Втора писмена работа 3 седмица | Трета писмена | тематски тест 3 седмица | Тематски тест 2 седмица | | | Тематски тест 2 седмица | | | | |
| април | | | | | | тематски тест, 4 седмица | | | | | |
| мај | Трета писмена работа 3 седмица | Четврта писмена | тематски тест 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | Годишен тест 4 седмица | | Тематски тест 2 седмица | | 3 седмица | тест 2 седмица | 4 седмица |
| јуни | | | | | | | | | | | |

| VIII одделение | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Француски јазик | Историја | Географија | Биологија | Физика | Хемија | Музичко образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| октомври | Контролна задача 4 седмица | Прва писмена | Тематски тест 1 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | | тематски тест 4 седмица | Тематски тест 1 седмица | | | | | |
| ноември | Писмена работа 4 седмица | | | | | тематски тест 4 седмица | I седмица Тематски тест | | 4 седмица | | | |
| декември | Полугодишен тест 3 седмица | Втора писмена | Тематски тест 2 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | Полугодиш ен тест 2 седмица | | Тематски тест 3 седмица | Контролен тест | | Втора седмица | Полугодише н тест 2 седмица | 3 седмица |
| февруари | | | | | | тематски тест 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | | | | | |
| март | Писмена работа 3 седмица | Трета писмена | Тематски тест 3 4седмица | Тематски тест 2 седмица | | тематски тест 4 седмица | | | | | | |
| април | | | | | | | IV седмица Тематски тест | | | | | |
| мај | Писмена работа 1седмица | Четврта писмена | Тематски тест 4 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | III седмица Годишен тест | тематски тест 3 седмица | | Контролен тест | 1 седмица | 3 седмица | Тест 2 седмица | 3 седмица |

| IX одделение | Македонски јазик | Математика | Англиски јазик | Француски јазик | Историја | Географија | Биологија | Физика | Хемија | Иновации | Музичко образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| октомври | Контролна задача 2 седмица | Прва писмена | Тематски тест 1 4 седмица | Тематски тест 4 седмица | | контролен тест 2 седмица | 2 недела Тематски тест | | | | | | |
| ноември | Прва писмена работа 3 седмица Контролна задача 4 седмица | | | | | тематски тест 3 седмица | Тематски тест 4 седмица | | 1 седмица | | | | |
| декември | Полугоди- | Втора | Тематски | Тематски | Полугоди | | Тематски | Контро | | 3 седмица | 2 седмица | Полугодише | 3 седмица |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | шен тест 3 седмица | писмена | тест2 4 седмица | тест 3 седмица | шен тест 4 седмица | | тест 3 седмица | лен тест | | | | н тест 2 седмица | |
| февруари | Контролна задача 4 седмица | | | | | тематски тест 2 седмица | 4 седмица Тематски тест | | | | | | |
| март | Втора писмена работа 2 седмица Контролна задача 4 седмица | Трета писмена | Тематски тест 3 4 седмица | Тематски тест 3 недела | | | | | | | | | |
| април | | | | | | контролен тест 1 седмица тематски тест 4 седмица | Тематски тест 2 седмица | | 4 седмица | | | | |
| мај | Трета писмена работа 3 седмица Годишен тест 4 седмица | Четврта писмена | Тематски тест 4 4 седмица | Тематски тест 3 седмица | Годишен тест 3 седмица | | | Контро лен тест | | 3 седмица | 3 седмица | Тест 2 седмица | 4 седмица |

## 16.2 ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Формиран е Тим за следење, анализа и поддршка за оценување составен од: Слаѓана Гаврилоска – директор, Гордана Несторовска – психолог, Гордана Костовска и Бесим Амети - претседатели на стручен актив на природна група предмети, Слаѓана Новевска Трајковска и Љуљзиме Бауш Јусуфи – претседатели на стручен актив на општествена група предмети, Маја Петковска и Имране Селмани – претседател на стручен актив одделенска настава.

Преку интерно проверување наставниците од одделенска и предметна настава ги оценуваат постигнувањата на учениците. Секој наставник согласно своите годишни планирања врши проверка на постигнувањата на ученикот (писмени задачи, тестови, наставни листови) Оценките се соопштуваат на родителска средба која се одржува три дена по одржување на Наставнички совет на кој се утврдуваат оценките на учениците. Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишната оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до Наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.

Работните должности на наставникот опфаќаат настава и други видови на организирана настава со учениците, (подготовка за настава, прегледување и оценување на писмени задачи и други изработки потребни за остварување на воспитно образовниот процес).

Во текот на својата работа наставниците се должни професионално да се усовршуваат преку следење на различни програми за обука и професионален развој.

Преку следењето и учеството на различни обуки и споделување на знаењето, наставниците се стекнуваат со знаења, вештини , стануваат покреативни во извршувањето на воспитно образовниот процес, а со тоа и креатори на развојот на квалитетно оценување. Многу важно е и споделувањето на добри пракси во однос на оценувањето, во рамките на стручни активи, дисеминации на наставниот кадар, интеграција на наставни предмети и одделенија преку кои би се проследиле различни начини на оценување.

Планот за поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во работењето, поддршка на наставници кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување, како и план за споделување на добра пракса во рамките на училиштето во врска со оценувањето ќе бидат изработени и приложени во текот на учебната 2022/2023 година.

## 16.3 СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Директорот и стручната служба реализираат посети на наставните часови и вонnаставните активности, четири пати во текот на наставата година. Исто така во текот на учебната година ќе се следи работата на вонnаставните активности како клубовите, секциите, организирани посети надвор од училиштето. Директорот и стручните соработници имаат изготвено посебни инструменти за полето на интерес и набљудување на наставните часови, изготвуваат извештаи со препораки за подобрување на квлитетот на наставата. Дадено е во прилог Планирање за Следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовна работа.

## 16.4 САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

За да се утврди квалитетот на работата на основното училиште на секои две години согласно Законот за основно образование се изготвува самоевалуација.

Училишна комисија за спроведување на самоевалуацијата е во состав: Гордана Несторовска - стручен соработник, Љупка Христова - предметен наставник, Валентина Ивановска - одеделенски наставник, Сања Андевска - одделенски наставник и Ламбе Крстески - родители и истиот има задача да го следи и утврди квалитетот на работата на основното училиште.

Предмет на самоевалуацата се седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. Комисијата за спровдување на самоевалуација формира тимови од наставници кои ќе работат на секое подрачје.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза;
- фаза на реализација
- фаза на известување и усвојување

За таа цел се користи целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите за секое подрачје. Во тек е изготвување на нова самоевалуација на работата училиштето. Пред завршување на наставната година се зададени прашалници за ученици, родители и вработени во училиштето, во тек е анализа на одоговорите на испитаниците и анализи на работењето на училиштето по дадените седум подрачја .

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

**ПРОГРАМА ЗА ЛИЧНА И КОЛЕКТИВНА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ**

| Планирана програмска активност | Време | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање | 09.2022 | Тим за заштита и спасување | Стручна литература, скица | Консултации | Успешна реализација и размена на искуства |
| Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација | 10.2022 | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за набљудување (камери) | Демонстрација | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непогода |
| Предавање на вработените за активностите на тимовите | 11.2022 | Тим за заштита и спасување | Материјал за презентација | Консултации | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 12.2022 | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош (санитетски материјал) | Демонстрација | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност за евакуација во случај на природни и други несреќи | 12.2022 | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за набљудување (камери) | Практична вежба | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непогода<br>Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности во првото полугодие | 01.2023 | Тим за заштита и спасување | Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди | Консултации, стручни активи записници | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 02.2023 | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Експедитивност и ефикасност на тимот за прва помош во случај на елеметарна непогода |
| Вежбовна активност за евакуација во случај на природни и други несреќи | 03.2023 | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за набљудување (камери) | Практична вежба | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непогода<br>Навремено напуштање на училишната зграда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Евалуација на спроведените активности | 05.2023 | Тим за заштита и спасување, вработени и ученици | Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди | Консултации, стручни активи, записници | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |




**План за евакуација во ООУ "Јоаким Крчоски" – Волково – I Кат**




**План за евакуација во ООУ “Јоаким Крчоски” – Волково – Сутерен**




**План за евакуација во ПООУ “Јоаким Крчоски” – Никиштани**

# 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Училишната програма за грижа на здравјето има главна цел заштита и унапредување на здравјето на учениците и формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината (согласно дефиниција на Светска здравствена организација).

Во рамки на програмата се реализираат активности за унапредување на целокупното здравје на учениците, превенција од болест, едукација за здравата исхрана, телесни и психолошки промени поврзани со развојот на учениците, превенција од заразни и незаразни болести, унапредување на социо-емоционалното здравје, активности за заштита на физичко, социјално и ментално здравје, подигање на училишниот активизам, промоција на спортски активности и здраво живеење. Дел од програмата реаализира во соработка со родителите кои се вклучуваат во активности за превенција и унапредување на здравјето на учениците и промоција на здравјето во локалната средина.

Во учебната 2022/2023 година грижата за здравјето на учениците ќе се реализира согласно здравствената состојба во државата. Доколку се влоши епидемиолошката состојба, училиштето ќе работи со целосно почитување на протоколите и пепораките од Комисијата за заразни болести, Министерство за здравство и преораки од МОН.

Во соработка со Поликлиника Ѓорче Петров се реализираат систематски прегледи на здравјето и усната празнина, активности за задолжителна имунизација на учениците а во Европската очна болница се реализираат бесплатни офталмолошки прегледи за идните првачиња. Стручната служба и наставниците реализираат едукативни предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности, бодба против ХИВ/СИДА и СПИ. Во текот на учебната година тековно ќе ре рализираат едукативни работилници од Програмата „Образование за животни вештини", со цел подобрување на физичкото и менталното здравје на учениците, советувања и разговори за превенција и подобрување на целокупното здравје на учениците.

Во реализација на училишната програма за грижа за здравјето се вклучени вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители, ученици, родители, Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница. Во реализација на систематски прегледи и вакцинаци, училиштето води грижа истите да се реализираат во термини кога учениците не се на настава за да не се попречува реализацијата на наставата во училиштето.

## 18.1 ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во оваа програма е опфатена целокупната грижа за хигиената во училиштето (училниците, спортската сала, ходниците и тоалетите) и приодните патеки до училиштето. Сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, одделенски раководители и ученици свесно се грижат и помагаат хигиената да се задржи на високо ниво.

## 18.2 СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

Програмата за грижа за здравјето на учениците опфаќа реализација на систематски прегледи на здравствената состојба на ученици од III,IV,V,VI и VII одделение и прегледи на забите и оралната празнина. Систематските прегелди се реализираат во Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна возраст. За успешна реализиацја на систематските прегледи во нивна организација и реализација се вклучуваат вработени од училиштето, стручна служба, одделенски раководители, наставници, родителите на учениците и медицинскиот кадар во Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна возраст. Со цел превенација на целокупното здравје и спречување на болести, покрај систематски прегеди во училиштето се реализираат и предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето.

За навремена и успешна превенција и унапредување на здравјето на учениците, училиштето соработува со Поликлиника Ѓорче Петров како надлежна установа за спроведување здравствена заштита и вршење систематски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, реализација на систематски прегледи на учениците и советување ученици и родители за зачувување на физичко и орално здравје. Согласно календарот за имунизација даден од Министерство за здравство, организирано се врши имунизација на учениците од централното и подрачното училиште во Поликлиника Ѓорче Петров каде учениците се упатуваат со одделенските раководители во присуство на родителите. Во реализација на систематските прегледи и вакцинаци и училиштето води грижа истите да се реализираат во термини кога учениците не се на настава. На тој начин не се попречува реализацијата на наставата во училиштето.

| **ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНОТО И ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време** | **Реализатор** | **Извори/ ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Превенција на здравјето на забите на учениците: систематски стоматолошки прегледи | 09.2022 | Поликлиника Ѓорче Петров, Училишна стоматологија | Е – дневник Покана за преглед | Прегледи на заби и здраствена едукција за правилна орална хигиена на ученици од VI одд. | Формирање правилни навики за хигиена на устата и забите. Превенција и рана детекција на болести на заби и вилица |
| Систематски и стоматолошки прегледи на учениците и грижа за нивното здравје | 10.2022 | Поликлиника Ѓорче Петров, Училишна медицина | Е – дневник Покана за преглед | Систематски и стоматолошки прегледи на учениците од VII одд. | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |
| Превенција на здравјето на забите на учениците: систематски стоматолошки прегледи | 02.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров, Училишна медицина | Е – дневник Покана за преглед | Стоматолошки прегледи на учениците. IV одд. и здраствена едукција за правилна орална хигиена | Формирање правилни навики за хигиена на устата и забите. Превенција и рана детекција на болести на заби и вилица |
| Систематски прегледи на учениците и грижа за нивното здравје | 02.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров. Училишна медицина | Е – дневник Покана за преглед | Систематски прегледи на учениците. III оддеение и совети за превенција од болести | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Систематски и стоматолошки преглед на учениците и грижа за нивното здравје | 11.2022 | Поликлиника Ѓорче Петров. Училишна медицина | Е – дневник<br>Покана за преглед | Систематски и стомаолошки прегледи на учениците. V одд и совети за превенција од болести | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |

## 18.3 ВАКЦИНИРАЊЕ

Согласно календар за имунизација даден од Министерство за здравство, организирано се врши имунизација на учениците од I, II и IX одделение од централното и подрачното училиште. За тааа цел учениците организирано се упатуваат на имунизација во Поликлиниката со одделенските раководители во присуство на родителите. Во реализација на вакцинацијата и училиштето води грижа истите да се реализираат во термини кога учениците не се на настава. На тој начин не се попречува реализацијата на наставата во училиштето.

| ПРОГРАМА ЗА ВАКЦИНАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНОТО И ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **време** | **реализатор** | **извори/ ресурси** | **методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Ревакцинација на учениците во поликлиника Ѓорче Петров според календарот за имунизација на Министерство за здравство | 12.2022 | Поликлиника Ѓорче Петров. Училишна медицина | Е – дневник<br>Покана за имунизација | Имунизација на учениците од IX одделение од централно и подрачно училиште | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |
| Вакцинација на учениците во поликлиника Ѓорче Петров според календарот за имунизација на Министерство за здравство | 02.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров. Училишна медицина | Е – дневник<br>Покана за имунизација | Имунизација на учениците од II одделение од централно и подрачно училиште | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |
| Вакцинација на учениците во поликлиника Ѓорче Петров според календарот за имунизација на Министерство за здравство | 05.2023 | Поликлиника Ѓорче Петров. Училишна медицина | Е – дневник<br>Покана за имунизација | Имунизација на учениците од I одделение од централно и подрачно училиште | Унапредување на здравјето на учениците и превенција од заболувања |

## 18.4 ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА- ОБРОК ВО УЧИЛИШТЕТО

Правилник за стандарди за исхрана и за оброци во основните училишта.
Во согласност со годишната програма за едукација за здрава исхрана, училиштето има склучено договор со добавувач на ладен оброк – ужинка.Училиштето има организирано исхрана на учениците од I до IX одделение со ладен оброк – ужинка .

Во планираните програмски активности за едукација на учениците за здрава исхрана, на 16-Октомври се одбележува светскиот ден на храна. Во одбележувањето на овој ден, традиционално се реализира активност од кампањата „Здрава храна за детство без маана" реализирани од одделенските наставници и одговорниот наставник Ана Настова. Стручната служба и одделенските раководители планираат реализиацација на работилници за здравствена едукација на учениците.Планирана е реализиација и на активнсти за ОЖВ на тема "Здрава храна за добро здравје".Учениците кои носат оброк/храна од дома треба да внимаваат истото да биде соодветно спакуван или готов

производ, притоа водејки сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца. Храната која се подготвува во училишните кујни за децата со продолжен престој, треба да биде со стриктно почитување на правилата за добра производствена и хигиенска пракса утврдена со Закон за безбедност на храна, како и HACCP стандардите . Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.

| **Ден** | **Ужинка** | **Енергет. Вредност Ккал** | **Белковини гр** | **Масти гр** | **Јаглени хидрати гр** | **Минерали** | | **Витамини** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I недела** | | | | | | **калциум** | **железо** | **А** | **Б1** | **Б2** | **Ц** |
| Понеделник | Ладен сендвич | 290 | 10.2 | 10.5 | 38.5 | 255 | 0.7 | 375 | 0.1 | 0.3 | 2.6 |
| Вторник | Геврек со сирење и јогурт | 235 | 9.6 | 9.1 | 16.8 | 245 | 0.3 | 420 | 0.1 | 0.3 | 1.4 |
| Среда | Кифла шунка, кашкавал | 292 | 10.1 | 7.0 | 45.4 | 204.3 | 0.3 | 210 | 0.1 | 0.3 | 1.5 |
| Четврток | Баничка со сирење | 315 | 10.2 | 13.1 | 34.2 | 266 | 1.1 | 364 | 0.1 | 0.4 | 2.3 |
| Петок | Крофна со џем | 332 | 9.8 | 11.7 | 32.5 | 287 | 0.9 | 370 | 0.1 | 0.3 | 2.0 |
| **II недела** | | | | | | | | | | | |
| Понеделник | Кифла пица фил | 292 | 10.1 | 7.0 | 45.4 | 204.3 | 0.3 | 210 | 0.1 | 0.3 | 1.5 |
| Вторник | Сирењак и јогурт | 235 | 9.6 | 9.1 | 16.8 | 245 | 0.3 | 420 | 0.1 | 0.3 | 1.4 |
| Среда | Потковица со спанаќ и кашкавал | 285 | 9.3 | 7.3 | 29.3 | 215 | 0.3 | 225 | 0.1 | 0.3 | 1.6 |
| Четврток | Панцерота | 325 | 9.5 | 11.3 | 33.2 | 235 | 0.5 | 354 | 0.1 | 0.3 | 2.6 |
| Петок | Крофна со крем | 332 | 9.8 | 11.7 | 32.5 | 287 | 0.9 | 370 | 0.1 | 0.3 | 2.0 |

| **ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време** | **Реализатор** | **Извори ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
| Организирање исхрана на учениците од I до IX одделение со ладен оброк ужинка | 09.2022<br>06.2023 | Домаќин<br>Одделенски раководител<br>Совет на родители | Склучен договор со добавувач на ладен оброк – ужинка | Реализација на здрав оброк во договор со фирма за производство и дистрибуција на храна | Подобрување на општата психофизичка и здравствена состојба на учениците<br>Формирање навики за здрава исхрана |
| Одбележување на 16-Октомври светскиот ден на храна | 10.2022 | А.Настова<br>Одделенски раководители<br>Родители | е-дневник<br>Извештаи | Реализација на активност од кампањата „Здрава храна за детство без маана“ | Едукација на учениците за здрава исхрана , подигање на училишниот активизам , вклучување на родителите во училишните активности |
| Едукација на учениците на тема Здрава храна за добро здравје - Животни вештини | 03.2023 | Одделенски наставници<br>Психолог | е-дневник<br>Извештаи | Разговор со ученици<br>Психолошки работилници | Формирање здрави навики за исхрана на учениците<br>Подигање на јавна свест |

# 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

Учиилштето Јоаким Крчоски со гордост го промовира влијанието на училишната клима врз целолокупната училишна работа и креирање на училишната култура. Училишна клима - соработка, почитување и заедништво на сите вработени се препознатлив сегмент од работењето на современо училиште. Професионален однос и почитување меѓу вработените, учениците и родителите, активности на училиштето и постигнувања на учениците се вредности кои овозможуваа промоција на училиштето во Општината и во пошироки рамки. Најважен субјект во училиштето е ученикот со примарно место и улога во училницата и наставниот процес. Правата, обврските, задачите и должностите кои максимално се ги почитуваат и исполнуваат, развивајќи ги сите позитивни страни на личноста и идентитетот. Преку реализација на воспитно-образовниот процес, позитивна комуникација, ученикот се насочува да формира, осознава, развива, подобрува и применува способности за: работна дисциплина и навики, исполнителност, да развива морални вредности и морална свест, да развива естетски вредности, да осознае и почитува. Препознавање вредности на добро здравје и правилен телесен развој, преку физичка активност, правилна исхрана, другарување, почитување на другите со различен пол, верска и етичка припадност. Нашето училиште континуирано работи и ги надградува современите демократски погледи кон светот. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работење, постигнувања на учениците во различни области, успешна инклузија и мултиетничка интеграција, постојана грижа за безбедност и добросостојба на сите ученици. Во своето работење во еколошки чиста средина, училиштето успешно реализира мисија и визија, континуирано води грижа за здравјето на сите ученици физичко, ментално и социјално здравје и унапредување на културата на живеење и однесување. Се поттикнува и практикува родова еднаквост, мултикултурализам и меѓуетничка интеграција. Училиштето овозможува услови за младински активизам, ги поттикнува учениците за ангажирање во заедницата и реализација на хуманитарни акции за помош на наши ученици и други сограѓани, актвности на ученички парламент, активности иницирани од учениците и поддржани од училиштето. Учениците, родителите и заедницата се успешно вклучени во училишниот живот и секојдневната работа на училиштето.

## 19.1 ДИСЦИПЛИНА

Примена на Кодексот на училиштето со усвоени правила на однесување и истите се почитуваат од учениците и вработените. Вработените се грижат за почитување на правилата на однесување на учениците за време на престој во училиште и за време на патување со училишниот автобус. Во училиштето постои позитивна работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Сите вработени се грижат за безбедност и однесување на учениците при приемот во училиште, за време на одморите и заминувањето на учениците.

За подобрување и одржување на дисциплината на сите субјекти во училиштето се изготвува план според кој за секој работен ден се определуваат одговорни – дежурни наставници и ученици за дежурство во училишниот ходник и двор. Дежурниот наставник е задолжен да се грижи за редот и да води писмена евиденција за тековни случувања за време на часови и одмори. Се определуваат дежурни ученици кои исто така треба да водат писмена евиденција за тековните случувања во училишниот ходник и да ги евидентираат сите субјекти кои ќе го

посетат училиштето. Дежурните ученици се одговорни за навремено ѕвонење помеѓу часовите за ред, дисциплина, хигиена и обезбедување непречена реализација на наставата. Ученикот е должен навремено да пристигне во училиште, (10 минути пред почеток на првиот час), на време да влезе во просториите на училиштето и училницата, без го нарушува мирот во училиштето. Ученикот има обврска за време на наставата дисциплинирано и активно да го следи секој час, да внимава, да биде концентриран и да ги извршува зададените работни задачи. За време на одмори меѓу часовите, училниците, ходниците и дворот на училиштето, ученикот треба да се однесува примерно и да води грижа за другите ученици и за себе, да служи за пример со својот изглед и културно однесување.

Во училиштето се реализираат советувања, разговори и работилници за насочување на учениците се се однесуваат совесно, учтиво и одговорно. Учениците соработуваат меѓу себе (соработка ученик-ученик), соработуваат со наставниот кадар и оваа соработка се воочува во сите аспекти од престој и работа на учениците во училиште и надвор од училиштето (за време на редовна, додатна и дополнителна настава, вонnаставни активности, посети на институции). Училиштето има изготвено и соодветно применува правилник за изрекување педагошки мерки, а во училиштето дисциплината и поведението на учениците се на задоволително ниво и мал е бројот на настани со несодветно однесување и изречени педагошки мерки.

Училиштето во соработка со Ученичкиот парламент планира да подготови и реализира низа добро осмислени активности со цел надминување на појавата на закани, говор на омраза, навреди и провокации меѓу соучениците. Во училиштето нема пишани графити со негативни пораки. Во случаи кога учениците ќе забележат графити и пораки со негативна содржина истите пријавуваат во училиште и содржините се отстрануваат од училишниот технички кадар.

**ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ДИСЦИПЛИНА**

| Планирани активности | Време на реализација | Реализатор | Извори, ресурси | Методи, постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Презентација на Кодексот на однесување во училиштето | Септември, октомври 2022 | Тим за Училшна клима | Училишен кодекс на однесување | Презентација, промоција | Прифаќање и применување на кодексот на однесување |
| Дежурство на наставници | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручна служба | Евидентни листи за дежурство на наставници | Дежурство во училишен хол и училишен двор за време на одморите | Дисциплинирано однесување на учениците |
| Дежурство на ученици | Во текот на целата учебна година | Ученици, Ученички парламент | Евидентни листи за дежурство на ученици | Дежурство во училишен хол и училишен двор | Зголемување на одговорноста на учениците за поголема дисциплина |
| Упатување на ученици на разговор со стручна служба | Во текот на целата учебна година | Одделенски раководители, стручна служба | Протокол за упатување на ученици на разговор со стручна служба | Разговор, консултација со стручна служба | Дисциплинирано однесување на учениците, почитување на кодексот на однесување и соработка со учениците и вработените |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пофалба на ученици од Училишниот парламент | На полугодие и на крајот од учебната година | Ученици, Ученички парламент | Евиденција за постигнати резултати во подобрувањето на училишна дисциплина | Увид во книгата на училиштето, евиденција на однесување на ученици | Пофалба на ученици, подобрено однесување и дисциплина |

## 19.2 ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Еко уредениот училишен простор, двор е резултат на заедничка работа и залагање на сите инволвирани во училиштето. Во убаво уреден и организиран простор, секој ученик и вработен се чувствува убаво, при што создаваат креативни идеи. Учениците имаат одговорен однос кон просториите во кои се реализираат активностите на училиштето, кон инвентарот, средствата и наставните материјали. Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредување и одржување на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, катчињата со ученички изработки во училишниот хол, тековно одржување на хигиената во училишниот двор и чување на училишниот инвентар. Низ активности за меѓутеничка интеграција во образованието училиштето училиштето посветува внимание на уредување на ходници и заеднички простории во училиштата со балансиран приод, водејќи сметка за мултикултурализмот во централното и подрачното училиште.

Наставниот кадар успешно ја користи пофалбата како начин на мотивирање на учениците Училиштето има изграден начин на успешно промовирање на постигнувањата на сите ученици како во рамки на училиштето, така и во пошироката локална средина. Училиштето има позитивен систем на вредности кон постигнување успех во учењето и промовирање на личните постигнувања на сите ученици. Креативните изработки од учениците, пофалници, дипломи и признанија се изложени во училиштето. Во училиштето се поттикнува креативност, логичко мислење и се стимулираат потенцијалите на учениците преку настава, работа на секции, вонаставни активности и психолошки работилници.

Училишниот тим од вработени и претставници на ученичкиот парламент даваат целосен допринос во естетско и функционално уредување на просторот.

Тим за училишна клима, работи на естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Валентина Ивановска, Игор Ангелески, Емел Селмани, Сузана Боцевска, Тодор Чакаловски и Аниса Адеми

| **План за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирани активности | Време на реализација | Реализатор | Извори, ресурси | Методи, постапки | Очекувани ефекти |
| Креирање на ЕКО - училница | Октомври 2022 | Родители, вработени во училиштето | Рециклирани материјали од училиштето | Уредување ЕКО училница | Функционална училница на отворено |
| Уредување на училишен хол | Декември 2022 | Ученици, наставници | Ученички изработки | Изложба со ученички изработки | Уреден училишен хол |
| Еколошка | Март 2023 | Родители, наставници, | Цветни и зимзелени насади | Работа во | Збогатување на цветните површини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| работилница | | вработени во училиштето | | училишниот двор | и формирање на еколошка свест кај учениците |
| Креативна работилница | Април 2023 | Ученици, родители, вработени во училиштето | Декоративни трајни бои, четки, заштитни ракавици | Цртаме на подот во училишен двор | Развивање на креативност на учениците и подигање еко свест |

## 19.3 ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

Училиштето ги насочува учениците да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и воннаставни активности со балансирани хетерогени групи ученици од централно и пордачно училиште кои следат настава на два различни наставни јазици во два училишни објекти. Училиштето обезбедува меѓуетничка соработка на учениците и вработените од централното и подрачното училиште и соработка со други основни училишта од Скопје во кои се реализира настава на македонски и албански јазик.

Училиштето има изготвено етички кодекси на учениците, наставиците, вработените и родителите. Во оваа учебна година планирана е изработка на нови училишни процедури и програми: процедура за превенција од дискриминација и сексуално вознемирување, помош на ученици под ризик, помош на ученици од социјално ранливи категории, превенција од зависности, како и програма заспречување на омраза, провокации и навреди помеѓу учениците, постапка за пријавување и заштита на ученик/жртва на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Дефинирана е еко мисијата на училиштето „Развивање свесност за значењето на здрава и чиста животна средина“ која поттикнува правила на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Во текот на учебната 2022/2023 година учениците ќе учествуваат во активности поврзани со Екологија, со цел еколошка едукација на учениците и подобрување на состојбата на животната средина. На јасен и декларативен начин се покажува посветеност на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи, одржување на чиста средина заштитена од секаков вид на загадување, во согласност со Еко кодекс.

Училиштето планира активности за меѓусебно запознавање на ученици од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите, унапредување на процесот на меѓуетничка соработка и социјална инклузија во училиштето. Согласно Програма за меѓуетничка интеграција на училиштето ,се планира реализација на активности за промоција на мултикултурализам во редовната настава и во воннаставните активност.

Училиштето има усвоен кодекс на однесување истакнат на видно место, во кој се поставени принципи и правила на однесување на учениците, родителите и вработените во училиштето (раководен кадар, наставници, стручни соработници, административно-технички кадар). Кодексот е изработен со учество на наставен кадар, ученици, родители и претставници од административно-техничкиот кадар и е усвоен со транспарентна процедура. Училиштето се применуваат пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот кои се спроведуваат во практика. Во училиштето на видно место е истакнат и се применува и Еко кодекс, изработен од ученици, родители и наставен кадар во соработка со Еко одборот.

## 19.4 ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е препознатливо по поволна клима за работа и позитивни меѓучовечки односи, меѓусебно почитување помеѓу ученици, родители, наставници и сите вработени во училиштето. Се води политика на активно вклучување на сите кои се инволвирани во училишниот живот. Најголем број од анкетираните ученици, родители, наставници се чувствуваат прифатени во училиштето. Професионалната соработка меѓу вработените е на високо ниво во рамки на училиштето, помеѓу централното и подрачното училиште и со останати училишта на ниво на Општина Ѓорче Петров. Наставниот кадар реализира континуирана професионална соработка и активности за кариерен развој преку редовна и квалитетна работа на стручните активи.

Раководниот и наставниот кадар имаат меѓусебна соработка, почит и доверба и тоа допринесува во одржување на позитивна атмосфера во училиштето. Позитивната атмосфера исоработка меѓу сите училишни структури, наставници и ученици се воочува уште при првата посета на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да водат грижа за училиштето и инвентарот и пред се да се грижат едни за други (при патување од дома до училиште, првоз со училишниот автобус, во училиште и при посети на институции надвод од училиштето). Грижата за другите ученици е мотив за реализација на бројни хуманитарни акции во училиштето и ученички активизам за собирање материјални средства, храна и облека за ученици на кои им е потребна помош. Сите ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и социјален статус) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Планирана е реализација на состаноци, работилници, дебати за унапредување на комуникацијата помеѓу учениците во училиштето. Со цел подигнување на меѓусебната соработка и доверба се планира реализација на заеднички прослави на верски празници, заеднички посети или излети, одржување на заеднички тројазични часови, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите. Оваа учебната година еден од приоритетите е подобрување на поддршката и вклученост на ученици и родители во активности на училиштето. Учитиштето работи на поголема поддршка на родителите преку реализација на едукативни работилници за унапредување на родителските компетенции и запознавање со Правата на децата.

Училишната клима влијае на современата наставата која е флексибилна, интерактивна, прилагодена на потребите и интересите на учениците и стимулативна за активно учество на учениците. При реализацијата на наставата наставниците не се поставуваат како неприкосновени авторитети, во улога на пренесувачи на знаења, туку прават сѐ учениците да ги доживуваат како партнери и олеснувачи на процесот на учење.

За позитивна училишна клима во училишто во голема мера придонесува и соработката со родителите/старателите која се постигнува со нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето не само како претставници во Советот на родители или Училишниот одбор, туку и како волонтери во разни случувања во училиштето, во улога на предавачи на теми за кои се стручни или како учесници во заеднички акции и други настани заедно со своите деца.

Тимот за училишна клима е во состав од ученици, наставници, родители Валентина Ивановска, Игор Ангелески, Емел Селмани, Сузана Боцевска, Тодор Чакаловски и Аниса Адеми. Училишниот тим прави анализа на критични точки во комуникацијата меѓу одредени

структури и предложува со конкретни активности за подобрување квалитетот на коминикацијата и се зајакнува меѓусебната доверба и соработка.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1 ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИ

Во интерес на унапредување на професионалниот развој на образовниот кадар во нашето училиште извршена е анализа на потребите и анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета од обуки). Податоците од извршеното анкетирање на интересите за обуки на наставниот кадар се направени брз основа на обуките понудени во Каталог на обуки за наставниците и Каталог на обуки за стручните соработници.

Детектирање на потреби за професионален развој на наставниот кадар

| **Задача** | **Активност** | **Време** | **Носител** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирање и анализа на искуствата на наставниците од реализација на настава во претходната учебна 2021/2022г | Разговори, анализи и идентификација на можности за подобрување на знаењето на наставниот кадар за поголема ефикасност | септември 2022 | Тим за професионален развој, Стручна служба наставници | Утврдување на состојбата за потребите за професионален развој на наставниот кадар, за учење на далечина | Стручна служба и Претседатели на стручни активи |
| Анализа на искуствата од реализација на настава според нови наставни планови и програми во учебната 2021/2022 и во 2022/2023 година. | Анкети, анализи, идентификација на можностите за унапредување на реализацијата на новите наставни програми во прво и четврто одд. | Учебна 2022-2023 | Тим за професионален развој, Стручен актив одделенска настава | Утврдување на состојба за потреби за професионален развој на наставен кадар, за осовременување на настава | Стручна служба и Претседатели на активи |
| Избор обуки од Каталог на обуки за наставници и Каталог на обуки за стручни соработници | Стручните активи прават анализа на понудените обуки и ја споредуваат со анализа на потребите од обуки на наставниот кадар | Учебна 2022-2023 | Тим за професионален развој, наставници - соработници | Избор на обуки од каталогот на овластени провајдери согласно на потребите и интересите на наставниот кадар | Директор и Претседатели на стручни активи |

## 20.2 АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и дисеминации од проектите кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачното училиште. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа

произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Во согласност со потребите на наставниот кадар ќе бидат избрани и посетени обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

Активности за професионален и кариерен развој

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на новата концепција во основното образование во I, II, IV и V одд. | Обезбедување услови за имлементација на новата концепција во основно образование | 09. 2022 | Тим за професионален развој, наставници | Обезбедување услови за реализација на новата концепција во основно образование во I, II, IV и V одд.. | Претседатели на стручни активи |
| Личен професионален развој на наставниот кадар за реализацијата на ефикасна настава | Мотивирање на наставниот кадар, информирање, за професионален и кариерен развој | Учебна 2022/2023 година | Тим за професионален развој, Стручна служба | Унапредување на знаења, вештини и професионални компетенции на наставен кадар<br>Осовременување на наставата | Психолог<br>Претседатели на стручни активи |
| Унапредување на работа на стручните активи со реализација на нагледни часови | Реализација на нагледни часови со употреба на современи наставни форми и методи, анализа на часот, препораки за подобрување | Учебна 2022/2023 година | Стручни активи<br>Стручна служба | Професионален развој на наставен кадар. Осовременување на наставата. Реализација на настава според потребите и интересите на учениците | Тим за професионален развој |
| Унапредување на работа на стручните активи со интегрурање на наставните содржини | Планирање, најава и реализација на нагледни / Интегрирани часови (од различни подрачја и наставни предмети) | Учебна 2022/2023 година | Наставници, стручна служба<br>стручни активи | Осовременување на наставата. Реализација на настава според потребите и интересите на учениците. Унапредување на тимска и колегијална поддршка | Претседатели на стручни активи |
| Обезбедување на соодветна стручна литература, дидактички материјали и технологија, за стручно усовршување на наставниците и стручната служба | Набавка на стручна литература, дидактички материјали и технологија, за осовременување на наставата и нивна употреба во настава и вонннаставни активности | Учебна 2022/2023 година | Директор, наставници, Стручни соработници | Осовременувањ на воспитно образовната работа. Поефикасна настава прилагодена на потребните и интересите на учениците. Подобри постигнувања на учениците. | Директор, Претседатели на стручни активи |

## 20.3 ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

За сопствено стручно усовршување секој наставник и стручен соработник прави личен план за професионален развој за тековната учебна година. Планот за личен професионален развој се прави врз основа на самоевалуација во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посета на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој на училиштето.Тимот за професионален развој го сочинуваат претседатели на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручните соработници во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на Бирото. Наставникот кој од објективни причини не може да реализира дел од планираните активности во личниот план за професионален развој има право во консултација со директорот на училиштето да направи измена во личниот план за професионален развој. При изработка на личен план за професионален развој за наредната учебна година, покрај анализи на потребите за професионален развој ќе се земат во предвид и обуките кои се понудени во Каталогот на овластени провајдери изготвен од БРО.

### Личен професионален развој - планирани посети на обуки

| **Потребни обуки – теми**<br>Акредитирани обуки од Каталог на обуки издаден од БРО (по избор) | Број на наставници |
|---|---|
| ПРОГРАМА 16 (НАСТАВНИЦИ): Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво | 27 |
| ПРОГРАМА 14 (НАСТАВНИЦИ): Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми | 11 |
| ПРОГРАМА 13 (НАСТАВНИЦИ): Настава базирана на проблемски пристап | 1 |
| ПРОГРАМА 17 (НАСТАВНИЦИ): Дизајнирање објективни тестови на знаење | 2 |
| ПРОГРАМА 15 (НАСТАВНИЦИ): Настава за развивање критичко мислење кај учениците | 6 |
| ПРОГРАМА 22 (НАСТАВНИЦИ): Справување со врсничкото насилство и кибернасилство | 2 |
| ПРОГРАМА 29 (НАСТАВНИЦИ): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) | 1 |
| ПРОГРАМА 12 (НАСТАВНИЦИ): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата | 1 |
| ПРОГРАМА 26 (НАСТАВНИЦИ): Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици | 1 |
| ПРОГРАМА 7 (НАСТАВНИЦИ): Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште | 2 |

| **Потребни обуки – теми избрани од стручните соработници**<br>Акредитирани обуки од Каталог на обуки издаден од БРО (по избор) | Број на стручни соработници |
|---|---|
| ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој. | 1 |
| ПРОГРАМА 2 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо - емоционална клима на час. | 2 |
| ПРОГРАМА 4 Инклузивно образование во пракса | 1 |

## 20.4 ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионалното искуство преку активности на Тим за професионален развој, работа на стручните активи, организирање на нагледни часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех. Тимот за професионален развој се ангажира во обезбедување услови и мотивирање за континуиран професионален и кариерен развој на наставниот кадар.

Стручните активи изработуваат детален план за реализација на активности за продлабочување на стручните знаења на наставниот кадар. Овие планирања се поставени во прилози на оваа Годишна програма.

## 20.5 КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Наставниците во основните училишта може да напредуваат во звања.

Категоријата наставник се добива со полагање на стручен испит за наставник. Наставникот може да напредува во звањата наставник-ментор и наставник-советник. Професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото и Центар за стручно образование и обука. Бројот на наставници кои може да се стекнат со звања наставник-ментор или наставник-советник за секоја општина, општина во градот Скопје, односно град Скопје за секоја фискална година го определува министерот, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Стручен соработник во основно образование може да биде лице кое има завршено најмалку четири години соодветно високо образование и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС, е државјанин на Република Северна Македонија и го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој се изведува наставата. Квалификациите со кои се стекнуваат стручните соработници за професијата стручен соработник во основно училиште припаѓаат на VI A ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации. Видот на стручната подготовка на стручните соработници во основното е определен со Нормативот за стручни соработници во основното образование, утврден од страна на министерот, на предлог на Бирото и Центар за стручно образование и обука.

План за поддршка на воспитно образовниот кадар за нивно кариерно напредување

| Активности | Кој ги врши Поддршката /следењето | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со Законот за наставници и стручни соработници и правилникот за професионален развој | Директор, Стручна служба | септември-октомври 2022 | Поттикнати наставници за професионален напредок |
| Поддршка на наставниците и стручните соработници | Директор Стручна служба | Учебна 2022/2023 год. | Мотивирани наставници и стручни соработници за напредување |
| Поттикнување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој и овозможување услови за реализација на предвидените активности | Директор | Учебна 2022/2023 год. | Зголемена соработка меѓу раководниот орган и наставен кадар, поголема ангажираност за кариерен напредок на наставниците и стручните соработници |
| Посета на часови, нивна анлаиза и давање препораки за унапредување на работата. | Директор, Стручна служба | Учебна 2022/2023 год. | Унапредување за работата и професионален развој на наставен кадар |

# 21. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ, СТАРАТЕЛИТЕ

## 21.1. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Родителите/старателитете присуствуваат на индивидуални средби со наставниците во приемни денови во предметна и одделенска настава согласно истакнат распоред на огласна табла. Распоредот за приемни денови се истакнува на почетокот од месец септември согласно распоредот за часови. Исто така, родителите се вклучуваат во давање идеи, предлози, донесување одлуки преку Советот на родители и Училишниот одбор. Советот на родители донесува свој план за работа, според кој ги одржуваат состаноците на кои дискутираат за различни аспекти од работата на училиштето, избираат претставници - членови од Советот на родители кои влегуваат во комисии поврзани со најразлични активности, на пример: избор на агенција за екскурзии, избор на фирма за обезбедување ужинка за учениците итн.

**Програма за конкретните облици на соработка со родителите**

| Активност | Учесници | Време на реализација | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Родителски средби | Родители од паралелка и одделенски раководител | Најмалку четири пати во годината | По потреба ќе се одржуваат и други родителски средби на кои може да присуствуваат други наставници, стручна служба и директор |
| Состаноци на Совет на родители | Членови на совет на родители претставници на училиштето | По иницијатива на претседателот на совет на родители | Покрај членови на совет на родители може да присуствуваат и други родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во организирање на хепенинзи | Наставници, ученици, родители | По повод на одредени значајни датуми | / |
| Учество во проекти кои се реализираат во училитето | Родители, ученици, наставници и стручна служба | Континуирано | Во зависност од проектот |
| Учество во хуманитарни акции | Родители, ученици, наставници, локално население | Во текот на годината | / |
| Професионална ориентација- запознавање со професиите на родителите – родител предавач | Родели од различни професии | Второ полугодие | Првенствено се однесува за учениците од деветто одделение |
| Создавање здрави навики-здрава исхрана | Родител здравствен работник, наставници | Во текот на годината | / |
| Естетско и холтикултурно уредување на училишниот двор | Наставници, ученици, родители | септември-октомври, мај-јуни | / |
| Отворен ден за граѓанско образование | Наставници, ученици, родители | Октомври – Ноември Април - Мај | Унапредување на граѓанската свест и култура |

## 21.2. ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Согласно со планот за вклученост на родителите во секаков вид планирања, родителите континуирано се вклучени во процесот на учење, реализација на наставни и вонннаставни активности преку давање поддршка на наставниците за работа со учениците со попреченост, надарените и талентираните ученици, за професионална ориентација на учениците, во прибирање дидактички помагала и други наставни средства и материјали, како и учество во реализација на часовите. Во тој контекст, родителите земаат учество во одржување состаноци со наставниците, одржуваат предавања од областа на својата стручност пред учениците за нивна професионална ориентираност, учествуваат во активности по повод патрониот празник на училиштето, спортски натпревари, работилници на различни теми, приредби и базари.

**План за начините на информирање на родителите**

| Цел за информирањето/Активност | Начините на информирање | Носители на активност |
|---|---|---|
| Соопштение за почеток и услови за упис на деца во прво одделение | Соопштенија, ВЕБ страна на училиштето, флаер, постер | Комисија за упис на ученици во прво одд. |
| Информација за потреби од набавка на помагала и материјали за престојната учебна година (потребни за секој ученик) | Подготвен пишан материјал за родителите | Одделенски и предметни наставници |
| Контактирање со родителите кои не ги запишале своите деца во училиште, а припаѓаат на реон на училиштето | Препорачани писма, Телефонски разговор | Комисија за упис на ученици во прво одд. |

| | | |
|---|---|---|
| Информација за примените ученици | Соопштение | Комисија за упис на ученици во прво одд. |
| Детска недела | Објава на видни места во училиштето | Одговорни наставници за детска организација |
| Информација за приемни денови | Огласна табла директна електронска комуникација наставник родител | Психолог, предметни и одделенски наставници |
| Информација за изборни предмети | Преку анкетни листови | Психолог, предметни и одделенски наставници |
| Здравствена заштита (систематски, вакцини) | Со писмена изјава | Стручна служба, Раководители на паралелки |
| Додатна и дополнителна настава | Огласна табла | Стручна служба и наставници |
| Хуманитарни акции | Објава на видни места во училиштето | Тим за социјална заштита и Ученички парламент |
| Ученички приредби и натпревари | Објава на видни места во училиштето | Одговорни тимови |
| Отворен ден на граѓанско образование | Објава на видни места во училиштето | Одговорни наставници, Психолог<br>Наставници по Граѓанско образование |

Училиштето формира тим за изготвување на брошура кој е составен од наставен кадар, родители и ученици. Брошурата ќе нуди информации за работата на училиштето како и за идните планови и приоритети во воспитно образовната работа. Ќе биде подготвено печатено и електронско издание објавено на страната на училиштето.

## 21.3. ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Во рамки на соработка со родителите, се планира нивно вклучување во хуманитарни акции, продажни изложби, работни акции, спортски натпревари, прошетки, екскурзии, културни манифестации, приредби, конкурси. Ќе се реализира и соработка со родителите при обработка на наставни содржини блиски до нивните професионални ангажирања. Времето на нивната реализација е во текот на целата учебна година. Родителите се информираат за состојбите во процесот на учење пред се на родителските средби и на приемните денови. Се планира и користење на интернетот како алатка за информирање на родителите за состојбите во процесот на учење и работа на училиштето, информирање преку мејлови, веб страна и вибер групи со родителите.

**План за едукативни работилници и обуки за родителите/старателите**

| Работилници/обуки | Реализатор | Време на реализација | Со кој ќе се реализира |
|---|---|---|---|
| Правила на однесување и одржување на хигиена во училница и училиштен двор согласно епидемиолошката состојба | Стручна служба, наставници и родител-лекар или здравствен работник | Во текот на годината | Совет на родители |
| Надминување на стереотипи и предрасуди, создавање на поволна клима за соработка во паралелката | Стручна служба | октомври | Родители во паралелки во кои се појавува потреба |
| Со правилна исхрана до подобро здравје | Стручна служба и наставници | ноември | Совет на родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Психолошки работилници за родители „Како до подобра добросостојба на децата (wellbeing)„ | Стручна служба | ноември до мај | За претставници на Совет на родители и останати заинтереирани |
| Советодавна поддршка на родителите | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници | по потреба | Родители на ученици со потешкотии |
| Информација по реализирани активности од програма за професионална ориентација на учениците | Психолог | мај | Совет на родители |
| Анализи на успех, редосност и поведение на учениците Предлог мерки за подобрување на состојбата | Стручна служба и тим за следење на успехот | мај | Совет на родители |

# 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Пред почетокот на учебна 2022/2023 година, ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково изготвува план за реализација на комуникација со јавноста и соработка со други основни училишта, со локалната заедница, институциите од областа на културата, институциите од областа на образованието, невладини организации, спортски друштва, здравствени организации, медиуми и друго.

***Соработка со локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население):***

Континуирано се унапредува и продлабочува комуникацијата и соработката со Општина Ѓорче Петров, бидејќи е од суштествено значење константниот проток на информации помеѓу двете страни. Општината Ѓорче Петров, нејзиниот Градоначалник Александар Стојкоски и општинските советници ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште. Претставник во Училишен одбор од општината е Игор Јовановски, кој очекуваме да даде значаен придонес во унапредувањето на работата на училиштето со неговото присуство на јавни настани кои ги реализира училиштето и со постојано следење на сите училишни активности. Општината Ѓорче Петров, нејзиниот Градоначалник г-дин Александар Стојаноски и општинските советници континуирано ќе ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште. Комисијата за образование при Општина Ѓорче Петров во соработка со Тања Бајрактарова - советник за образование, раководител на сектор за јавни дејности Соња Палчевска Ќосева, Илија Исакоски - советник за спорт и физичка култура реализират континуирана соработка со директорите на основните училишта, со цел промовирање на успесите на учениците. Училиштето планира соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализацијата на училишните проекти. Училиштето остварува успешна усна, писмена и електронска комуникација и реализација на состаноци, средби, дебати и трибини.

- ***Соработка со институции од областа на културата***:
  Оваа соработка ќе се реализира преку следење на објавени литературни и ликовни конкурси, натпревари, посети на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, домови на културата, кино сали и слично.
- ***Соработка со институции од областа на образованието:***
  Преку својата работа нашето училиште остварува соработка со останатите училишта од општината Ѓорче Петров и градот Скопје, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС - Сектор за основно образование, урбаните заедници, зравствените

ординации во локалната средина преку работилници, квизови на знаења, турнири, спортски натпревари, еколошки акции, реализација на наставни часови при посета на институциите и останати форми на соработка. Цел на планираните активности се другарување помеѓу учениците, размена на знаења и поттикнување на мултикултурната соработка и соживот на претставниците од сите заедници кои живеат во локалната средина.

**Училиштето комуницира и соработува со повеќе субјекти:** Во текот на учебната 2022/2023 година перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС - Сектор за основно образование. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (писмена, електронска, усна), преку посета на училиштето и организирање обуки и семинари.

- ***Соработка со невладини организации:***
  Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето, како и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи се планира соработка со голем број невладини организации меѓу кои: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Нула отпад, Здружение за дислексија Ајнштајн, Црвен крст - Карпош, Мировен корпус и Корени.
- ***Соработка со спортски друштва:***
  Нашето училиште со цел да го афирмира спортот помеѓу учениците соработува со голем број спортски друштва, како што се: Р.К. Вардар, Федерација на училишен спорт на Македонија, Општински училишен спорт Ѓорче Петров. Активностите на спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на општински, регионални и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.
- ***Соработка со здравствени институции:***
  Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно - образовниот процес, училиштето на овој план ќе соработува со голем број здравствени институции: Поликлиника Ѓорче Петров - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, Приватни здравствени установи во локалната средина, Центар за јавно здравје и др. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано се заштитува здравјето на нашите ученици.
- ***Соработка со медиуми:***
  Како современо училиште континуирано ја промовираме својата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите. На овој начин ученичкото творештво и ученичките постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација. Планирана е соработка со повеќе печатени и електронски медиуми: МТВ, Сител, Телма, Канал 5, Алфа, списанијата за деца и млади: „Развигор“, „Другарче“, „Наш свет“, дневниот печат и слично. Одговорно лице за остварување контакт со медиумите е Слаѓана Н. Трајковска во соработка со Даниела Кимовска, Слаѓана Смилчевска и Тања Анѓелкоска.

Активностите поврзани со училишните проекти, учество во иновативни проекти, реализиација на ЕКО – програмата и останатите училишни активнсоти ќе бидат презентирани на сајтот на училиштето и општината.

**Акциски план за комуникацијата со јавноста и промоција на училиштето**

| Реден број | Содржина | Активност | Време на реализација | Носители на активност | Очекувани исходи | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на Денот на училиштето | Пригодни активности, по повод прославата на патрониот празник | март 2023 год. | Директор, стручна служба, наставници, ученици | Успешно реализирање на активностите по повод Денот на училилиштето; Промоција на активности во училиштето. | Одделенски и предметни наставници |
| 2. | Организирање Еко активности и учество во проекти на општинско ниво ПЕП – проекти | Еко акции Еко активности Еко кампањи | Во текот на учебната година | Еко одбор, Општина Ѓорче Петров, МОН Еко патроли | Успешна реализација на ЕКО активностите; Развивање еколошка свест; Одржување на хигиена. | Еко одбор |
| 3. | Формирање спортски тимови и соработка со спортски друштва | Спортски натпревари Избор на талентирани ученици од одделни спортови. Организирање училишни натпревари Учество на натпревар надвор од училиштето | Во текот на учебната година | Одделенски наставници, наставници по физичко и здравствено образование, ученици | Успешно учество во спортските натпревари; Развивање на спортски дух кај учениците; Развивање на позитивно чувство на припадност и меѓусебно помагање. | Силвана Миленковиќ – наставник по физичко и здравствено образование |
| 4. | Соработка со здравствени институции | Организирање едукативни активности за родители и локално население Предавања | Во текот на учебната година | Поликлоника ,,Ѓорче Петров,, Центар за Јавно дравје, стручна служба, одделенски раководители | Подигнување на свеста за грижа за сопственото здравје и зачувување на колективното здравје | Стручна служба, класни раководители |
| 5. | Соработка со Црвен Крст | Хуманитарни активности | Во текот на учебната година | Стручна служба, наставници, ученици | Релизација на планирани и хуманитарни активности; Подигнување на свеста кај учениците. | Одговорен наставник Даниела Кимовска |
| 6. | Соработка со Еколошки друштва | Управување со отпад и зачувување на планетата Земја | Во текот на учебната година | Наставници, ученици | Стекнување на знаења за начинот за рециклирање на отпадот. | Директор |
| 7. | Посета на културни настани | Театарски претстави Изложби ,Концерти Промоции на книги Саеми | Во текот на учебната година | Наставници, ученици | Да се стекнат нови искуства и знаења; Да се поттикнува и негува љубовта кон театарската, филмската, музичката уметност и книгата. | Стручни активи |
| 8. | Соработка со печатените и електронските медиуми | Учество во ТВ емисии Интервјуа Разговори | Во текот на учебната година | Наставници, ученици | Воспоставена успешна соработка со медиумите; Успешно претставување на училиштето. | Одговорни наставници: Слаѓана Н. Трајковска Даниела Кимовска Слаѓана Смилчевска Тања Анѓелкоска |
| 9. | Реализација на активности во соработка со Општина | Промоција на училиштето во рамки на општината | Во текот на учебната | Директор, стручна служба, | Успешна промоција на работата на училиштето. | Одговорни лица од Општина Ѓорче Петров, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ѓорче Петров | Учество во активности на Општи Ѓ. Петров<br>Одбележување на Денот на општината | година | наставници | Зајакнување на соработката и довербата помеѓу училиштето и општината. | директор,<br>стручна служба |
| 10. | Соработка со полициска станица ,,Ѓорче Петров,, во разни подрачја кои се дел од образовниот процес | Предавања за сообраќајна култура, за општата безбедност и за заштита од пороци на современо живеење | Се реализира според планирањата на наставниците и стручната служба | Училиште,<br>вработени во полициска станица<br>Ѓорче Петров | Стекнување на поголема сообраќајна култура;<br>Спречување на малолетничка деликвенција и зависности. | Директор,<br>стручна служба, наставници |
| 11. | Учество на натпревари и конкурси од секаков вид, во рамки на сите области | Училишни, регионални и државни натпревари | континуирано | Наставници,<br>ученици | Да се развие меѓусебна соработка;<br>Да се поттикнат учениците да ја градат сопствената самодоверба. | Одговорни наставници |
| 12. | Ссоработката со јавни и приватни средни училишта од подрачјето на град Скопје | Професионално информирање за мрежа на средни училиште, видови професии и можности за натамошен кариерен напредок на учениците | мај 2023 г. | Стручна служба,<br>класни раководители,<br>ученици од IX одделение | Учениците да се запознаат и подетално да се информираат со работата на средните училишта;<br>Да се поттикне нивниот професионален развој. | Директор,<br>стручна служба |
| 13. | Соработка со основните училишта на град Скопје | Соработка во рамки на образовни цели<br>Организирање на натпревари<br>Манифестации од заеднички интерес | Во текот на учебната година | Директор,<br>стручна служба,<br>наставници | Поттикнување на соработка со основните училшта. Промоциј на работата на училиштето и постигањата на учениците во пошироката јавност | Директор |
| 14. | Соработка со невладини организации | Соработка во рамки на образовни цели<br>Организирање работилници<br>Предавања | Континуирано | Директор,<br>наставници,<br>ученици,<br>стручна служба | Да се прошират знаењата на учениците од разни области. Да се мотивираат учениците за учество во активности во соработка со граѓанскиот сектор и НВО | Директор,<br>стручна служба,<br>наставници |

# 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се реализира согласно изготвен план за следење на реализацијата на планираните активности од приоритетните подрачја од програмата кој ќе го реализраат управата на училиштето, стручната служба, претседатели на стручни активи, назначени наставници и тимови.

| План за следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
| Подрачја на промени, приоритети, цели | Увиди во реализираните активности, следење на реализација на краткорочните активности, увиди, разговор, прашалник.<br>Време на реализиацација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Помошник директор<br>Секретар<br>Стручна служба | Директор<br>Училишен одбор<br>Претседатели на стручни активи |
| Програми и организација на работата на основното училиште.<br>Следење на реализација на проширена програма (прифаќање на учениците 1 час пред и по настава), следење на реализација на настава по сите наставни предмети, посети и анализи на наставни часови, следење на реализација на изборна настава, додатна и дополнителна настава, работа со талентирани ученици. | Следење на проширена програма - начин на прифаќање на учениците, организација и редовност на наставен кадар за прифаќање ученици, увиди во наставен час по сите наставни предмети, посети и анализи на наставни часови со настава од далечина, скали на проценка на активностите, посета и анализа на часови од изборна настава, увиди на час и прашалник за ученици за реализација на додатна / дополнителна настава, увиди во работа со надарени и талентирани, разговори со наставници и ученици околу работа со талентирани и надарени ученици, скали на проценка, увиди во дневник на паралелка. Време на реализација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Стручна служба<br>Претседатели на стручни активи | Директор<br>Наставничкои совет<br>Совет на родители |
| Воннаставни активности<br>Секции клубови<br>Акции | Следење на редовност во работа на секции/клубови, следење на реализација на планирани активности, прашалници за ученици/наставници/родители за задоволство од реализираните активности, увиди во евиденција во дневник на паралелка, увиди во извештаи од реализивани акции, контрола на реализација на акции, посета на подготовки за акции. Време на реализација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Директор<br>Претседатели на стручни активи | Наставнички совет |
| Ученичко организирање<br>Следење на работата на ученички парламент и ученик правобранител и утврдување на потреби за обезбедување помош и поддршка | Следење и помош во работата на ученички парламент и ученик правобранител од страна на одговорните наставници, посети на активности, разговори, дебати за начини на унапредување на работата, прашалници, анкетни листи, анализи на извештаи. Време на реализација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Раководители на паралелки | Директор<br>Наставнички совет<br>Совет на родители<br>Училишен одбор |
| Вонучилишни активности<br>Следење на реализација на екскурзии и настава во природа | Следење на постапка на избор на туристичка агенција – реализатор, увиди во услови и документација за превоз на учениците, телефонски разговори и извештаи од текот на активноста, анализа на извештаи од реализираните активности, комуникација со водич и доктор на екскурзијата, евалуациски листи. Време на реализација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Одговорен за екскурзијата / настава во природа | Директор<br>Училишен одбор<br>Совет на родители |
| Унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција | Следење на активностите предвидени според планот за активности во насока на унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите. Соработка на централото училиште со подрачното училиште при реализација на активностите. Време на реализација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Одговорни наставници | Директор<br>Психолог,<br>Родители на учениците<br>Институции (доколку има вклучени) |
| Проекти кои се реализираат во училиштето | Поединечно следење на сите проекти кои се реализираат во училиштето и институциите со чија поддршка и помош се реализираат истите. Начинот на реализација, динамиката, евентуалните проблеми при реализацијата и постигнатите резултати. Време на реализација: Јануари 2023, Јуни 2023 | Вклучени наставници, инстутуции со кои се соработува за проектот | Директор Општина<br>МОН и други спонзори вклучени за финансиска поддршка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поддршка на учениците | Следење на постигнувањата на учениците по наставни предмети и области во учебната 2022/2023 година преку конкретни активности од стручната служба за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите;<br>Запознавање на учениците со различни занимања, следење и откривање на ученици со специфични способности и интереси, средби со личности со различни занимања, реализација на работилници, професионално советување на учениците, претставување на средни училишта и сл;<br>Следење на реализираните превентивни програми, едукативните работилници со родители, ученици и наставници за помош при евентуални проблеми од секаква природа (социјални, психолошки, здравствени). Време на реализиација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Одговорни наставници<br>Одделенси раководители<br>Стручна служба<br>Тим за евалуација и надворешни соработници<br>Членови на тимот за професионална ориентација на учениците. | Директор<br>Родители |
| Оценување | Следење на описното и бројчаното оценување по одделенија. Следење на активностите со кои ќе се стимулира имплементирање на стандарди во оценување, како и на планирањето на формативно и сумативно оценување на секој предметен наставник, запазување на временските рамки за нивна реализација, следење на примената на стандардите при оценувањето на учениците со попреченост и континуирана соработка со родителите со цел на време да се отстранат евентуалните проблеми и непречено да се остварат што добри резултати.<br>Следење и анализа на работата на наставниците. Се утрдуваат процедурите за поплаки и жалби по добиени оцени. Поодршка на наставниците кои покажале слаби резултати во работењети и поддршка и афирмација на наставниците иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување. Следење на наставниците од страна на директорот и стручните соработници, со изработените инструменти преку посета на наставните часови и вонннаставние активности. Следење на спроведувањето на самоевалуацијата на училиштето за утврдување на квалитетот на работата на училиштето. Време на реализиација: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Членови на комисија за повторна проверка на заењето на учениците<br>Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување.<br>Директор Стручни соработници<br>Членови на училишната комисија, Тим за самоевалуација на училиштето | Директор<br>Наставнички совет<br>Совет на родители |
| Грижа за здравјето<br>Хигиена во училиштето | Следење на спроведувањето на хигиената во училиштето, редовност во реализација на превентивни програми, работилници и реализација на задачи на вработените и учениците во однос на унапредување на здравјето. Време на реализиција: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Хигиеничари<br>Вработени<br>Ученици | Директор |
| Училишна клима<br>Дисциплина<br>Односи меѓу сите структури | Следење на училишна клима, дисциплина на учениците, односи меѓу вработените, контрола во училиштето во ходници, училници, санитарни јазли и други простории, како и во училишниот двор од отварање до затварање на училиштето во текот на денот. Водење на писмена евиденција за тековните збиднувања за време на одморите.<br>Анализа на критичните точки во комуникација помеѓу одредени структури во училиштето преку конкретни активности: состаноци, работилници, дебати, заеднички прослави, екскурзии и слично, со цел да се подобри квалитетот на комуникацијата и да зајакне меѓусебната доверба и соработка. Време на реализиција: Ноември 2022, Јануари 2023, Март 2023, Јуни 2023 | Дежурни наставници<br>Тим од претставници од сите структури | Директор<br>Стручна служба |
| Професионален и кариерен развој на наставен кадар<br>Активности за професионален развој | Се следи организација на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и стручните соработници, изготвување акциони планови за истите, начин на спроведување на дисеминација од проекти и обуки, изготвени извештаи, се прави | Стручни лица<br>Наставници<br>Надворешни | Директор<br>Стручни соработници<br>Стрчна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СЛАВИЦА ТРЕНКОСКА** | 6-2 | 9-1 | 9-2 | 6-1 | | | | 9-2 | 9-1 | 8-2 | 8-1 | | 7-2 | 7-1 | | | | | | | | 6-2 | 7-1 | | 7-2 | 8-2 | 6-1 | 8-1 | | | | | | | |
| **БОРЈАНКА СТОЈЧЕВСКА** | 8-2 | 8-1 | 6-1 | 8-2 | 6-2 | | | 6-1 | 8-2 | 8-1 | 6-2 | | | | 9-2 | 6-2 | 8-1 | 9-1 | 8-2 | 6-1 | | 8-2 | 8-1 | | 6-1 | 6-2 | | | 9-2 | 6-1 | 9-1 | 6-2 | | | |
| **СОЊА ЛАЗОРОСКА** | 9-1 | 9-2 | 7-2 | 7-1 | | | | 9-1 | 7-2 | 9-2 | 7-1 | | | | 7-2 | 7-1 | 8-2 | 8-1 | | | | 9-1 | 9-2 | 7-1 | | 7-2 | | | 8-2 | 9-1 | 8-1 | | 9-2 | | |
| **АНА НАСТОВА** | 6-1 | 6-2 | 9-1 | | 9-2 | | | 8-2 | 8-1 | 7-1 | 7-2 | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 9-2 | 9-1 | | | | 7-1 | 7-2 | 8-2 | 8-1 | | | |
| **ВАЛЕНТИНА ПЕШЕВСКА** | | | | | | | | | | | 9-2 | 9-1 | 8-1 | 8-2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | 8-1 | 8-2 | 9-1 |
| **КАТИЦА ГЕОРГИЕВА** | | | | | | 9-2 | 6-1 | | | | | 7-2 | 7-1 | | | | 9-2 | | 9-1 | 7-2 | 7-1 | | | 9-1 | | 6-1 | 6-2 | | | | 7-1 | 7-2 | | 8-1 | 8-2 |
| **МАРИЈА СТАВРЕСКА** | | | | | | | | 7-2 | 7-1 | 6-1 | | 6-2 | | | | | | | | | | | | | 9-2 | 9-1 | 8-1 | 8-2 | | | | | | | |
| **КИРЕ НИКОЛОСКИ** | 7-2 | 8-2 | 7-1 | 9-1 | | 8-1 | | | | | 6-1 | 9-2 | 6-2 | 9-1 | 8-2 | 8-1 | 7-1 | | 7-2 | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 9-2 | 9-1 | | | |
| **ЉУПКА ХРИСТОВА** | 8-1 | 7-1 | 8-2 | 8-1 | | 7-2 | | | | | 9-1 | 8-2 | 9-2 | 8-1 | 6-1 | 9-2 | 9-1 | 6-2 | | | | | | 7-2 | 7-1 | 8-1 | 8-2 | | 9-1 | 9-2 | 6-2 | 6-1 | | | |
| **СИЛВАНА МИЛЕНКОВИЌ** | | | | | 7-1 | 6-1 | 6-2 | | | 7-2 | | 7-1 | 9-1 | | 8-1 | 9-1 | 7-2 | 8-2 | 7-1 | | | 8-1 | 6-1 | 6-2 | 8-2 | | | | 6-2 | 8-2 | 7-2 | 7-1 | 6-1 | 9-1 | 8-1 |
| **ГОЦЕ КОЛЕЧЕСКИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ГОРДАНА КОСТОВСКА** | | | | | 7-2 | 9-1 | 9-1 | 7-1 | 6-2 | 6-2 | | 6-1 | 6-1 | | | | | | | | | | | | | | | | 8-1 | 8-1 | | 8-2 | 82 | 9-2 | 9-2 |
| **СИЛВАНА САВЕВСКА** | | | | | | | | | | | | | | | | 6-1 | 6-2 | 6-1 | 6-2 | 7-1 | 7-2 | | | | | | | | | | | | | | |
| **ИГОР АНЃЕЛЕСКИ** | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | | | | | | 9-2 | | | | | | | 9-2 | | | | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Дд- Додатна настава** | | | | | | | 7-1 | | | | | | | 7-2 | | | | | | | 6-2 | | | | | | | 9-1 | | | | | | | 6-1 |
| | | | | | | | 8-1 | | | | | | | | | | | | | | 9-2 | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | 8-2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Дп-Дополнителна настава** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 8-1 | 6-1 | | | | | | 7-1 | 9-2 | | | | | | | 6-2 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 8-2 | | | | | | | 7-2 | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9-1 | | | | | | | | |

# ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ

Одделенска настава

| НАСТАВНИЦИ | Одд. | ПОНЕДЕЛНИК | | | | | | | ВТОРНИК | | | | | | | СРЕДА | | | | | | | ЧЕТВРТОК | | | | | | | ПЕТОК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII | I | II | III | IV | V | VI | VII |
| **Имране Селмани** | **I** | 1 | 10 | 4 | 8 | | | | 4 | 10 | 1 | 6 | | | | 4 | 10 | 1 | 6 | | | | 1 | 4 | 4 | 12 | | | | 3 | 3 | 4 | 1 | | | |
| **Локман Мемеди** | **II** | 1 | 4 | 10 | 6 | 14 | | | 10 | 4 | 1 | 3 | 3 | | | 4 | 1 | 10 | 12 | 1 | | | 1 | 4 | 6 | 12 | 13 | | | 4 | 1 | 5 | 8 | 13 | | |
| **Јашар Исмаили** | **III** | 10 | 4 | 1 | 1 | 6 | 14 | | 3 | 3 | 10 | 4 | 1 | 5 | | 10 | 1 | 4 | 6 | 8 | 11 | | 3 | 4 | 1 | 12 | 12 | 13 | | 1 | 4 | 5 | 11 | 13 | | |
| **Емел Селмани** | **IV** | 3 | 3 | 4 | 1 | 10 | 14 | | 6 | 1 | 4 | 5 | 15 | 16 | | 1 | 17 | 12 | 4 | 10 | 13 | | 4 | 1 | 6 | 17 | 10 | 16 | | 2 | 2 | 3 | 4 | 1 | 13 | |
| **Себије Мемеди** | **V** | 2 | 2 | 4 | 1 | 5 | 10 | 14 | 7 | 7 | 3 | 4 | 1 | 5 | 11 | 6 | 6 | 1 | 4 | 12 | 12 | 13 | 1 | 3 | 3 | 4 | 8 | 10 | 13 | 1 | 4 | 8 | 9 | 11 | | |
| **Пантелеј-Кодтрадјук** | **мак. јазик** | | V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Рабије Мифтари** | **англиски** | I | IV | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лулзиме Јусуфи** | **англиски** | II | III | V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Слаѓана Н. Трајковска** | **мак. јазик** | IV | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Насер Азизи** | **прир.наук** | V | | | | | | | | | | | | | | 6 | 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Рабије Мифтари** | **тех.образ.** | v | | | | | | | 7 | 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Предмет | ознака | Предмет | ознака |
|---|---|---|---|
| Албански јазик | 1 | заштита на средината I -образ. за животни вештини изборен V | 9 |
| Македонски јазик | 2 | Физичко и здраствено образ. | 10 |
| Англиски јазик | 3 | Работа со компјутер-5 одд. | 11 |
| Математика | 4 | Ликовно образование | 12 |
| Музичко образование | 5 | дополнително и додатна | 13 |
| Природни науки | 6 | Одделенска заедница | 14 |
| Техничко образование | 7 | Техничко и информатика | 15 |
| Општество | 8 | изборен IV | 16 |
| Општество и историја | 17 | | |

Предметна настава

| | **понеделник** | | | | | | | **вторник** | | | | | | | **среда** | | | | | | | **четврток** | | | | | | | **петок** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** |
| **Нуран И.** | k8 | 7 | 6 | 9 | | | | 7 | 6 | 8 | | | | | | | | 8 | 9 | 7 | 6 | 8 | 9 | 7 | 6 | 9 | 8 | | | | 7 | 9 | 7 | 8 | |
| **Пантелеј К.** | | | | | | 8 | 9 | | | | | | | | | | | | | 9 | 8 | | | | | | | | | | | | | | |
| **Аријета М.** | | | | | | | | 6 | 7 | 9 | | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | 9 | 7 | 6 | 8 | | | |
| **Лулзиме Ј.** | k7 | 6 | 8 | 7 | 9 | 7 | | | | | | | | | 9 | 7 | 8 | 6 | | | | | | | | | | | | | | 6 | 8 | 9 | |
| **Математика** | k6 | 8 | | 6 | 7 | 6 | | | | 7 | 6 | 6 | 8 | | 8 | 9 | | | | | | | | | 8 | 7 | 9 | 9 | 7 | 6 | 9 | | | | |
| **Информатика** | | | | | | | 6 | | | | | | | | | | 6 | | | | | | | | | | | | | | | 7 | | | |
| **Насер А.** | | | 7 | 8 | 6 | 9 | | 8 | 8 | 6 | 7 | 9 | | | | | | | 7 | 8 | 9 | 9 | 8 | 6 | | | | | 8 | 9 | 8 | | | | |
| **Рабије М.** | | | | | | | | 9 | 9 | | 8 | | 7 | 6 | | | | | | | | 6 | 6 | 9 | | | | | | | | | 9 | 6 | 7 |
| **Бесим А.** | k9 | 9 | 9 | | 8 | | | | | | 9 | 7 | 9 | 8 | 6 | 8 | 9 | 7 | | 6 | | 7 | 7 | 8 | 9 | 8 | 6 | | 6 | 8 | | | | | |
| **Бурим Л.** | | | | | | | 8 | | | | | | 6 | 9 | | | | 9 | 8 | | 7 | | | | 7 | 6 | 7 | 8 | | | | | 6 | | 9 |
| **Слаѓана Н. Т..** | | | | | | | | | | | | | | | 7 | 6 | 7 | | 6 | | | | | | | | | | | | | | | 7 | 6 |

**Забелешка:** Распоредот на часови не е конечен. Можно е да претрпи промени. Секоја промена доплониотелно ќе биде вметната во Годишната програма за работа на училиштето.

## ПРИЛОГ 15. Програма за воннаставни активности

При планирањето, организирањето и спроведувањето вонннаставни активности во нашето училиште, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, за да секој ученик има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците, ќе се евидентира од страна на одговорниот наставникот и соучениците.

| Име на секција/клуб | Општи/конкретни цели | Време и динамика на реализација | Одговорни наставници (соработници) | Одделенија/ паралелки и вкупен број на учесници во групата | Неопходни дидактички средства и материјали/ресурси | Начин на вклучување во секциите/клубовите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Музичка секција | -Негување на љубов кон музиката, - развивање на способностите за слушање музика, пеење и изведување ритмички кореографии | 1 час/неделно септември-јуни | Катерина Петреска | I одделение | ЦД плеер, лап топ, звучници, касетофон, интернет | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| Ликовна секција | -Негување на љубов кон ликовната уметност, -развивање на креативноста и способностите за цртање, сликање, печатење, моделирање. | 1 час/неделно септември-јуни | Елеонора Трајковска | I одделение | Слики, апликации, интернет, компјутер, ЛЦД, блокови, моливи, фломастери, дрвени бои, мрсни бои, водени бои, темперни бои, пластелин, подлоги за моделитање, сликовници, хамери, листови во боја, четки, ножици, лепак и др. | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| Музичко-ритмичка секција | Да се оспособува за активно слушање на музиката - да ги памети, повторува и користи движењата во музичко ритмичките активности - да се запознае со детските музички инструменти | 1 час/неделно септември-јуни | Слаѓана Смилчевска Валентона Панчевска | III одделение | Музички систем, CD, лап топ, звучници, YouTube, синтисајзер, слики, фотографии, апликации | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| Секција на млади уметници | -Поттикнување на креативноста и желбата за уметничко творење кај учениците | 1 час/неделно септември-јуни | Валентона Панчевска Слаѓана Смилчевска | III одделение | Блок, хамер, хартија во боја, водени и темперни бои, мрсни бои, слики, природни материјали, рециклиран материјал, интернет и сл | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| Креативен англиски клуб | -Развивање знаења и вештини во употребата на англискиот јазик преку креативна и истражувачка работа во мали групи | 1 час/неделно септември-јуни | Марија Петреска | од II до V одделение | Дидактички помагала(флеш карти, книга со лепенки, спинер и сл.), интернет, книги, сликовници, групни игри со табла | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |
| Литературна секција | -Да се развие културно-уметничката активност на учениците; -да се развие љубовта кон литературното читање; -да се постигне лична афирмација како и афирмација на училиштето и на средината во којашто живее. | 1 час неделно септември-јуни | Слаѓана Новеска Трајковска | VI- IX одделение | Интернет,дополнителна литература,училишна библиотека,лична библиотека,списанија за деца:Другарче,РазвигорНаш свет | По избор и желба на учениците и поттик од наставникот (анкетен лист) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Црвен крст | - Потикнување и интерес на учениците за членството во организацијата<br>-мотивирање на учениците за успешна реализација на програмските активности<br>-развивање на хуманост<br>-унапредување и стекнување основни познавања и вештини во правилното и навремено укажување на првата помоши заштита. | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Даниела Кимовска | VI- IX одделение<br>Членови на ПЦК | ЛЦД прожектор;<br>материјали за прва помош и заштита;<br>прирачници;<br>одделенски дневници;<br>годишна програма;<br>извештаи | Анкетни листови |
| Секција на странски јазици | -Проширување на знаењето, за странските јазици и корелација помеѓу англискиот и францускиот јазик<br>- комуникација, соработка,тимска работа | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Јасмина Стојановска, Славица Тренкоска | VI- IX одделение | Интернет, списанија, енциклопедии, книги, учебници и други помагала | По пат на анкетни листови, доброволно од страна на учениците |
| English 4 U | Проширување на знаењето, за англискиот јазик,<br>вешттини на комуникација, соработка,тимска работа | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Маријана Дејковска | VI- IX одделение | Интернет, списанија, енциклопедии, книги, учебници и други помагала | По пат на анкетни листови, доброволно од страна на учениците |
| Вредни логичари (математика и физика) | -Проширување и продлабочување на знаењата<br>- развивање на натпреварувачки дух и афирмација на училиштето | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Борјанка Стојчевска, Соња Лазороска | VI- IX одделение | Учебници, стручна литература, збирки задачи | Спроведена анкета |
| Секција на историчари | -Стекнување на знаења, вештини и вредности поврзани со светската и националната историја, демократските вредности, мултикултурали-змот и личниот развој | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Љупка Христова | VI- IX одделение | Компјутер, интернет, стручна литература, енциклопедии,печатач, листови, маркери во боја | Анкетни прашалници |
| Секција на млади природници в(биолози, географи и еколози) | -Проширување и продлабочување на знаењата<br>-Проширување, продлабочување и воопштување на стекнатите знаења на учениците во задолжителната настава;<br>-усвојување на нови знаења;<br>-Оспособување на учениците за примена на биолошките знаења во секојдневниот живот;<br>-развивање на свеста кај | 1 час/неделно<br>септември-јуни | Кире Николоски, Ана Настова | VI- IX одделение | Стручна литература, карта, глобус, компјутер, хамер учебник,<br>хартија,<br>енциклопедии,<br>интернет,<br>шеми,<br>модели. | Анкетни листови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците за одржливиот равој на животната средина;<br>-развивање кај учениците еколошка култура на живеење; | | | | | |
| Секција на хемичари | -Проширување на знаењата | 1 час/неделно септември-јуни | Валентина Пешевска | VIII-IX одделение | Хемиски супстанци | Според интерес на ученикот<br>( анкетни листови) |
| Ликовна секција | -Континуирано запознавање со значењето, местото и улогата на ликовната уметност во животот и општеството и почитување на своето и ликовното изразување и творење на другите - разбирање и применување на карактеристиките во цртањето, дизајнот, сликањето, графиката и обликувањето<br>- поттик на креативност и развивање на фантазијата | Еднаш до два пати месечно<br>(12 часа годишно) | Марија Ставреска | VI- IX одделение | Прибор за работа;<br>ученички творби;<br>репродукции;<br>стручна литература;<br>икт | Ликовната секција се формира од учениците кои имаат талент, желба и посебни творечки способности<br>(анкетен лист) |
| Музичка секција | -Да развие критичко чувство за убаво вомузиката и музичките жанрови | 1 час/неделно септември-јуни | Катица Георгиева | VI- IX одделение | Звучници,интернет, синтисајзер, ЛЦД проектор. | Анкетни листи и специфична дарба (поседување музикалност) |
| Спортска секција | -Подобрена општа физичка способност<br>-правилен развој на целото тело кај учениците<br>-развој на спортскиот дух и фер-игра | Во текот на целата учебна година 2022/2023 г. согласно календарот на општинските лиги и турнири | Силвана Миленковиќ<br>Игор Анѓелески | VI- IX одделение | Спортска сала;<br>спортска опрема;<br>спортски справи и реквизити | Анкетен лист и селекција на најдобрите поединци по спортови |
| Сообраќајна секција | Проширување на знаењата во областа на сообраќајот | 1 час/неделно септември-јуни | Гордана Костовска | VI- IX одделение | Компјутер, сообраќајни знаци и опрема, велосипед | Анкетни листови, презентација на активностите на секцијата |

## Училиштен спортски клуб

| Видови спорт | Време на реализација | Опфатеност на ученици | Одговорни наставници | Неопходни дидктички средства и материјали/ ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Фудбал | Во тек на учебната година | VI, VII, VIII, IX одделение | Силвана Миленковиќ | Спортска опрема, рекет, пинг-понг рекет, табла. |
| Кошарка | Во тек на учебната година | VI, VII, VIII, IX одделение | Силвана Миленковиќ | |
| Одбојка | Во тек на учебната година | VI, VII, VIII, IX одделение | Силвана Миленковиќ | |
| Шах | Во тек на учебната година | VI, VII, VIII, IX одделение | Силвана Миленковиќ | |
| Пинг-понг | Во тек на учебната година | VI, VII, VIII, IX одделение | Силвана Миленковиќ | |

# ПРИЛОГ 16. Годишна програма за Додатна настава во ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет. Додатната настава можат да ја следат следните категории ученици од прво до деветто одделние:

- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма,
- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.

Додатната настава ја реализира одделенскиот наставник т.е. наставник по конкретниот наставен предмет, за кој покажал интерес ученикот.

ООУ „Јоаким Крчоски“-Волково ќе ги обезбеди потребните просторни и материјално-технички услови за непречена реализација на додатна настава. Училиштето ќе изготвува распоред на месечно ниво за додатна настава за секој наставен предмет, кој ќе биде објавен на огласна табла и на својата интернет страница. Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали.

Динамика на активностите: Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставникот му нуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава. Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

Наставникот ќе ги врши изборот (идентификација) на ученици и ќе изготви програма за реализација на додатна настава која ја надополнува со предлози на ученикот.

Начинот на работа на наставникот на часот за додатна настава е индивидуализирана работа. Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот односно, тој да ја насочува работата на ученикот за постигнување на планираните очекувани резултати. Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично. Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот.

Додатната настава се евидентира во образец на педагошката евиденција поточно во делот Педагошка евиденција за додатна настава.

| ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНА НАСТАВА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Очекувани ефекти** |
| 1. | Идентификување ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет. | септември, октомври 2022 дополнително до мај 2023 | Предметни наставници | Детекција на ученици кои во постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата.<br>Детекција на напредни ученици.<br>Детекција талетирани и надарени ученици и на ученици кои имаат интерес и способности за учество на натпревари. |
| 2. | Наставникот му нуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава. | септември 2022 до мај 2023 | Предметни наставници Родители | Родителот и ученикот се запознаети со утврдените високи постигнувања, способности и потенцијали на ученикот неопходни за следење на додатна наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за начин, динамика, форми и услови за реализација на додатна настава со ученикот. Во договор со родителот, ученикот носи одлука за следење додатна настава. |
| 3. | Изготвување програма за додатна настава согласно интересите на ученикот | септември – октомври 2022 | Предметни наставници | Изготвување програма за реализација на додатна настава со ученик согласно утвдредните интереси на ученикот. Определување содржини, форми и методи за реализација на додатна настава со ученикот. |
| 4. | Реализација на програма за додатна настава | септември 2022 до мај 2023 | Предметни наставници Ученици | Унапредување на специфилни интереси, знаења и постигнувањата на ученикот по одредените содржини. Унапредување на самодовербата. Подготовки на ученикот за учество на натпревари. |
| 5. | Следење и контрола на напредокот на ученикот | од септември 2022 до мај 2023 | Предметни наставници Родители | Утврден напредок или детектирани потреби за измени, прекинување или унапредување на реализација на додатната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период особено пред учество на натпревари. |
| 6. | Водење педагошка евиденција за додатна настава | учебна 2022/2023 г | Предметни наставници | Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степен на реализација на програмата за додатна настава. |
| 7. | Евалуација на реализацијата на додатна настава | јуни 2023 | Стручни активи | Утврден ефект од реализација на додатна настава.<br>Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за следната учебна година. |

## ПРИЛОГ 17. Годишна програма за Дополнителна настава во ООУ „Јоаким Крчоски“ Волково

Дополнителна настава се организира за ученици од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамки на наставните програми по одредениот предмет. Дополнителна настава ќе се организира за: ученици со помали предзнаења за одреден наставен предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученици кои имаат слаби оцени или покажале слаби резултати од учењето, ученици со потешкотии во учењето и ученици кои подолго отсуствувале од настава.

**Цели на активностите:**

Да се надоместат празнините во знаењето или надополни пропуштениот материјал или материјалот со кој ученикот има потешкотии по одреден предмет или одредена содржина од предметот и учениците успешно да се вклучат во изучување на материјалот по сите наставни предмети.
Надополнување на празнините кои се јавуваат во редовната настава кај одредени ученици и го оневозможуваат нивниот напредок.
Надминување на психолошки проблеми поврзани со учење и следење настава, проблеми од емотивна природа, проблеми предизвикани поради подолго време отсутност од настава, несоодветни услови за учење дома итн.

**Динамика за ралзација на дополнителната настава:**

- Учениците од прво до петто одделение може да следат најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно.
- Учениците од шесто до деветто одделение може да следат најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно.
- Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма.

Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот.
ООУ „Јоаким Крчоски“- Волково ќе ги обезбеди потребните просторни и материјално-технички услови за непречена реализација на дополнителната настава. Училиштето ќе изготви распоред на месечно ниво за дополнителна настава за секој наставен предмет и истиот ќе биде објавен на огласна табла и на својата интернет страница.
За реализација на дополнителната настава ќе се оствари соработка со родителот/старателот, истиот навремено ќе биде информиран за потребата ученикот да следи дополнителна настава и за распоред за реализирање на дополнителната настава. Од родителот/старателот е потребна писмена согласност за ученикот да следи дополнителна настава. Во текот на реализација на дополнителната настава родителот/старателот ќе биде информиран редовно за напредокот на ученикот и ќе му бидат дадени совети и насоки за натамошен напредок на ученикот за конкретно подрачје/област од одреден наставен предмет.
Наставникот планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Наставникот ја организира и реализира дополнителната настава со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение. Доколку има помалку ученици, а за кои има проценка од наставникот, наставникот за тие ученици ќе организира и реализира дополнителна настава, со цел да се постигнат очекуваните резултати согласно наставната програма.
Наставникот ја реализира дополнителната настава придржувајќи се на наставната програма за конкретниот наставен предмет, согласно потребите на учениците и изработената индивидуална програма за дополнителна настава. Начинот на работа на наставникот на часот за

дополнителна настава е индивидуална/ индивидуализирана работа. По потреба, наставникот може да организира реализација на дополнителна настава со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати.
Работата на наставникот се усогласува со стилот на учење на ученикот, се користат содветни дидактички средства и материјали, се применува интерактивен пристап и се користат активни методи на учење.

Наставникот континуирано ќе го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото ќе го информира родителот, односно старателот.

Дополнителната настава се евидентира во образец на педагошката евиденција поточно во делот Педагошка евиденција за дополнитетелна настава.

| ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Очекувани ефекти** |
| 1. | Следење на ученикот во наставата, неговиот напредок во усвојување на знаењата | од септември 2022 до мај 2023 | Предметни наставници | Детекција на ученици кои во тек на наставата не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од теми/области во рамки на одредениот предмет. |
| 2. | Известување на родители за потреба од следење на дополнителна настава на нивните ученици | од септември 2022 до мај 2023 | Предметни наставници Родители | Родителот е запознает со слабиот напредок, потешкотии и слаби резултати во следење на наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за потреба од реализација на дополнителна настава со ученикот, цели, форми и динамика на реализација. Родителот дава согласност за вклучување на ученикот во дополнителна настава. |
| 3. | Идентификација на содржини во кои ученикот има потешкотии и послаб напредок во совладување на содржините | од септември 2022 до Мај 2023 | Предметни наставници | Изготвување програма за реализација на дополнителна настава со ученикот по одредениот предмет. Определување содржини, форми и методи за реализација на дополнителната настава со ученикот. |
| 4. | Реализација на програма за дополнителна настава | од септември 2022 до јуни 2023 | Предметни наставници Ученици | Подобрување на успехот и постигнувањата на ученикот по одредениот предмет/содржина. Унапредување на самодоверба, внимание, концентрација и способности за учење на ученикот. |
| 5. | Следење на напредокот на ученикот | од септември 2022 до јуни 2023 | Предметни наставници Родители | Утврдени потреби за продолжување или прекинување на реализација на дополнителната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период. |
| 6. | По потреба ревидирање на програмата за дополнителна настава со ученикот | од октомври 2022 до април 2023 | Предметни наставници | Направени промени во програмата за дополнителна настава со ученикот, внесени нови содржини, форми, методи и временска рамка кои ќе овозможат поголем напредок и подобар успех на ученикот. |
| 7. | Водење евиденција за реализација на дополнителна настава | учебна 2022/2023 година | Предметни наставници | Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степен на реализација на програмата за дополнителна настава. |
| 8. | Евалуација на реализацијата на дополнителната настава | јуни 2023 | Стручни активи | Утврден ефект од реализација на дополнителната настава. Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за дополнителна настава за следната учебна година. |

# ПРИЛОГ 18. Програми за вонучилишни активности

ООУ „Јоаким Крчоски“

Волково, Ѓорче Петров
Скопје

Програма
за организирање екскурзии и излети за учениците од I до IX одделение
за учебна 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

Преку училишните екскурзии учениците имаат можност за проширување на знаењата, откривање и истражување на културно историските локалитети, стопанските објекти, природните реткости и убавини на својата татковина, која е богата со природни убавини и културно - историски споменици.

ООУ „Јоаким Крчоски“, Волково, Општина Ѓорче Петров за учебната 2022/2023 година бара согласност за реализација на следните три екскурзии со учениците од централното и подрачното училиште, два излети со учениците од централното училиште и два излети со учениците од подрачното училиште:

**1. Екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште до Пробиштип: Посета на манастир „Св.Гаврил Лесновски“- с. Лесново;**

**2. Една тридневна екскурзија за учениците од IX одделение на следната релација Скопје – Струмица – Дојран – Кавадарци – Скопје:**

Раководител на екскурзијата е Борјанка Стојческа – наставник назначен од директорот на училиштето. Одговорни лица на дводневната екскурзија ќе бидат наставниците кои се одделенски раководители на шестите одделенија во централното училиште Борјанка Стојческа и Љупка христова., како и лице од избраната агенција.

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“- Елеуса и „Св.Леонтиј“ - Водоча. Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, сместување во хотел, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Вечера и ноќевање во хотелот.

**Трет ден:** Појадок во хотелот. Патување кон Кавадарци и ручек, посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**3. Една дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на следната релација Скопје – Струмица – Дојран – Скопје:**

Раководител на екскурзијата е Кире Николовски – наставник назначен од директорот на училиштето. Одговорни лица на дводневната екскурзија ќе бидат наставниците кои се одделенски раководители на шестите одделенија во централното училиште Кире Николовски и Славица Тренкоска., како и лице од избраната агенција.

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“- Вељуса и „Св.Леонтиј“ - Водоча. Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Попатна посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**4. Два излети со учениците од I до IX одделение од централното училиште**:

- есенски излет со посета на Манастир „40 Маченици“ во Орман, Скопје;
- пролетен излет со посета на Марков манастир, Скопје

**5. Два излети со учениците од I до IX одделение од подрачното училиште:**

- есенски со посета на реката Лепенец во близина на с. Никиштани, Скопје;

- пролетен со посета на Спортско - рекреативен центар во Сарај,Скопје.

Во прилог доставуваме детално разработени програми за сите екскурзии и излети.

**6. Настава во природа со учениците од V одделение во траење од 5 дена ќе се реализира во Охрид/Струга.**

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање есенски излет
за учениците од I до IX одделение од централното училиште
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

**Есенски излет за учениците од I до IX одделение**
**Еднодневен есенски излет со посета на манастирот „40 Маченици„ во Орман, Скопје.**

**Цели на излетот:**

Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците.

**Задачи на излетот:**

Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
Создавање на позитивна клима, развивање на другарство, меѓусебно почитување и толеранција;
Развивање еколошка свест за заштита на природата и чување на чиста околина.

**Очекувани исходи:**

Учениците да се запознат со непосредната околина;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Стекнување навика за применување еколошки навики при посета и престој во природата.

**Содржини и активности:**

Поаѓање во 9.00 часот од училиште. Пешачење до манастирот „40 Маченици„ во Орман, Скопје по што ќе имаат слободно време за спортско - рекреативни активности. Враќањето е во попладневните часови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководителот на излетот е Силвана Миленковиќ, предметен наставник кој го именува директорот на училиштето. Одговорни лица се наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение. Наставниците се грижат околу безбедноста на учениците во текот на патувањето до одбраното место и назад до училиште, како и редот, дисциплината во автобусот и уредноста при посетата на локалитетот.
Учениците од I до IX одделение ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на излетот и треба да добијат писмена согласност од родителите со цел навремено да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите, излетот нема да се реализира. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители.
За време на реализација на излетот учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**

Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во септември/ октомври, 2022 година.

**Техничка организација:**

По добивање мислење за реализација на излетот од Совет на родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишен одбор, кој дава свое одобрение за изведување на излетот.
По добивање на согласностите од родителите директорот на училиштето ја најавува екскурзијата во полициска станица и во локалитетот. По добиена согласност од одговорниот на локалитетот училиштето го организира и реализира излетот во договорениот термин.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за целите и планираните активности за излетот.

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - Пом. Директор
Јованка Костовска - наставник
Кире Николовски – наставник

Борјанка Стојчевска - наставник
Себије Мемеди - наставник
Нуран Исмаили - наставник
Бесим Амети – наставник

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање пролетен излет
за учениците од I до IX одделение од централното училиште
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

**Еднодневен излет за учениците од I до IX одделение**
**Еднодневен пролетен излет со посета на Марков манастир во Скопје;**

**Цели на излетот:**

Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците.

**Задачи на излетот:**

Развивање на интерес за природата и градење еколошки навики;
Создавање на позитивна клима, развивање на другарство, меѓусебно почитување и толеранција;
Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Очекувани исходи:**

Учениците да се запознат со непосредната околина;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Стекнување навика за рекреација и престој во природата;
Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики.

**Содржини и активности:**

Поаѓање во 9:00 часот од училиште. Патувањето ќе биде со автобус од Волково до Марков манастир каде што учениците ќе се рекреираат и забавуваат. Враќањето ќе биде во попладневните часови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководителот на излетот е Силвана Миленковиќ предметен наставник кој го именува директорот на училиштето. Одговорни лица се наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение. Наставниците се грижат околу безбедноста на учениците во текот на пешачењето до одбраното место и назад до училиште, како и редот, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот.
Учениците од I до IX одделение ќе бидат навреме писмено информирани околу реализацијата на излетот (значењето и целта) и треба да добијат писмена согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 50% од родителите, излетот нема да се реализира. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители.
За време на реализација на излетот учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетениот локалитет, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**

Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец април / мај, 2023 година.

**Техничка организација:**

По добивање на мислење за реализација на излетот од Совет за родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава свое одобрение за изведување на излетот.

Со одлука на Училишниот одбор се формира Комисија од пет члена (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилник за начин на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.

На барањето за понуди Комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на Училишниот одбор и комисијата составена од пет членови и тоа три од Совет на родители и два од редот на наставниците.

Од најприфатливата понуда, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата.

Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата (превоз на учениците);
- Услови за превоз (превозот на учениците да биде со квалитетен туристички автобус, кој има исправен микрофон и е климатизиран);
- Начин на плаќање;
- Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), лекар;
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со доволен број седишта, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.

Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за излетот.
Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за излетот преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - Пом. Директор
Јованка Костовска - наставник
Кире Николовски – наставник

Борјанка Стојчевска - наставник
Себије Мемеди - наставник
Нуран Исмаили - наставник
Бесим Амети – наставник

ООУ „Јоаким Крчоски“
Волково, Ѓорче Петров
Скопје

Програма
за организирање еднодневна екскурзија
за учениците од III одделение
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилник за начин на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ја изготви следната програма за екскурзии на учениците во учебната 2022/2023 година:

**Еднодневна научна екскурзија за учениците од III одделение**

Екскурзија за учениците од III одделение од централното училиште до Пробиштип: Посета на манастир ,,Св.Гаврил Лесновски,,- с. Лесново.

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

Проширување на знаењата од предметите: Македонски јазик, Ликовно образование, Општество, Природни науки;
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Запознавање со културата, работата и начинот на живеење на луѓето во овој крај.

**Задачи на екскурзијата:**

Запознавање со природните богатства во источниот регион на Република Северна Македонија;
Запознавање со историски и верски објекти и проширување на предзнаењата на учениците;
Запознавање со културата и начинот на живот на луѓето во посетените краеви;
Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.

**Очекувани исходи:**

Учениците да се запознат со природните богатства во источниот регион на Република Северна Македонија;
Учениците дознаваат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност, точност и грижа за себе и за другите;
Учениците ја запознаваат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
Стекнување навика за посета на верски објекти и културни споменици и обележја во Република Северна Македонија;
Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики, социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, точност, уредност и грижа за себе.

**Содржини и активности:**

Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање, одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање.

Поаѓање во 8.00 часот од училиште. Патувањето продолжува до Пробиштип (разгледување на градот). Потоа се продолжува кон с. Лесново со посета на манастир „Св.Гаврил Лесновски“. Враќањето е во попладневните часови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на екскурзијата е одделенскиот наставник Слаѓана Смилчевска, одделенски наставник именуван од директорот. Реализатори се одделенските наставници кои предаваат во паралелките од III одделение Слаѓана Смилчевска и Валентина Панчевска од централното училиште во Волково и одговорно лице од избраната агенција.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локациите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените предели. Учениците изработуваат портфолио составено од реферат за посетените места. Раководителот на екскурзијата се грижи околу сместувањето на учениците во автобусите. За редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето се грижат одделенските наставници кои предаваат во паралелките од III одделение.

Родителите на учениците од III одделение ќе бидат навремено писмено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна писмена согласност од родителите за посетената екскурзија. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани за реализацијата на екскурзијата, значењето и целта на истата и треба да добијат согласност од родителите како навремено да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 30% од родителите екскурзијата нема да се реализира. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на екскурзијата:**

Екскурзијата е еднодневна, време на реализација е во месец април-мај, 2023 година.

**Техничка организација:**

По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од Совет за родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава свое одобрение за изведување на екскурзијата.

Со одлука на Училишниот одбор се формира Комисија од пет членови (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

- да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.
На барањето за понуди Комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.
Постапката се спроведува со одлука на Училишниот одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).
Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот се содржани следните елементи:
- Поединечна и вкупната цена на услугата (превоз на учениците);
- Услови за превоз (превозот на учениците да биде со квалитетен туристички автобус, кој има исправен микрофон и е климатизиран);
- Начин на плаќање;
- Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), задолжително лекар;
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број автобуси со соодветен број на седишта, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, бројот на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзиите.
Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - пом. Директор
Јованка Костовска – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник

Кире Николовски – наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили – наставник
Бесим Амети – наставник

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање дводневна екскурзија
за учениците од VI одделение
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ја изготви следната програма за дводневна екскурзија на учениците во учебната 2022/2023 година:

**Дводневна научна екскурзија за учениците од VI одделение**

Се планира дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на следната релација: Скопје-Струмица-Дојран-Стоби-Скопје

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“- Вељуса и „Св.Леонтиј“ - Водоча. Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Попатна посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

Проширување на знаењата од предметите: Географија, Македонски јазик, Ликовно образование, Историја;
Посета и истражување на посетените историски и верски објекти;
Запознавање со културата, соживотот, работата и начинот на живеење на луѓето во Источна Македонија;

**Задачи на екскурзијата:**

Изучување на историските и на верските објекти во источниот регион на Република Северна Македонија;
Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
Развивање на позитивен став на учениците кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
Поттикнување и манифестирање на меѓусебно почитување, другарување, одговорност и грижа за себе и другите.

**Очекувани исходи:**

- Учениците се запознаени со градовите Струмица, Неготино и Дојран, културно - историските локалитети и природните убавини на овие краеви;
- Учениците знаат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
- Успешна социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
- Учениците се запознаени со културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
- Стекнување навика за посета на верски објекти и културни споменици и обележја;
- Учениците применуваат еколошки навики, меѓусебно се почитуваат, се однесуваат одговорно кон себе и кон другите.

**Содржини и активности:**

Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Време на поаѓање, термини за одмор и исхрана, сместување со едно ноќевање во хотел, време за три оброци во хотелот со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Волково. Во вид на писмена информација учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за дводневна екскурзија).

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица"- Вељуса и „Св.Леонтиј" - Водоча.
Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Попатна посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на екскурзијата е Кире Николовски, наставник именуван од директорот. Одговорни наставници се одделенските раководители и наставници кои предаваат во паралелките во VI одделение и одговорно лице (водич) од избраната агенција. Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локалитете, видот на патиштата, населението и историјата на посетените места. Учениците изработуваат портфолио (реферати, фотографии) од екскурзијата. Раководителот се грижи околу сместувањето на учениците во автобусите и во хотел. Наставниците се грижат околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓање до враќање.

Учениците ќе бидат навремено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна добиена писмена согласност од родителите. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивните специфични потреби). За да може успешно да се реализира екскурзијата потребни се најмалку 70% позитивна согласност од родителите. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

Времетраење на екскурзијата:

Екскурзијата е дводневна, време на реализација е во месец октомври/ноември, 2022 година.

**Техничка организација:**

По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од Совет на родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишен одбор кој дава одобрение за изведување на екскурзијата.
Со одлука на училишниот одбор се формира Комисија од пет членови (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.
Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да биде најприфатлива цена;

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности според предвидените критериуми утврдени од страна на училиштето.
На барањето за понуди Комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.
Постапката се спроведува со одлука на Училишен одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).
Од најприфатливата понуда, директорот склучува договор, во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата.
Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

- Поединечна и вкупна цена на услугата;
- Услови за сместување, мени за исхрана и превоз;
- Начин на плаќање;
- Водичи, број на наставници според бројот на ученици и доктор;
- Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, бројот на ангажирани аутобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзиите.
Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - пом. Директор
Јованка Костовска – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник

Кире Николовски – наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили – наставник
Бесим Амети – наставник

ООУ ”Јоаким Крчоски”

Волково, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање тридневна екскурзија
за учениците од IX одделение
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

Стручниот тим за организирање и реализација на екскурзии под раководство на директорот на училиштето и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности ја изготви следната програма за тридневна екскурзија на учениците од IX одделение во учебната 2022/2023 година:

**Тридневна научна екскурзија за учениците од IX одделение**

Се планира тридневна екскурзија за учениците од IX одделение на следната релација Скопје – Струмица – Дојран –Кавадарци- Скопје:

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“- Елеуса и „Св.Леонтиј“ - Водоча. Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, сместување во хотел, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Вечера и ноќевање во хотелот.

**Трет ден:** Појадок во хотелот. Патување кон Кавадарци и ручек, посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

Совладување и проширување на знаењата од предметите: Историја, Географија, Биологија и Физика;
Посета и истражување на историски и верски објекти;
Примена на вештини и ставови за непосредно запознавање со културата, животот, работата и начинот на живеење на луѓето во посетениот крај.

**Задачи на екскурзијата:**

Истражување на историските и верските објекти во источниот регион на Република Северна Македонија;
Градење на чуство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
Развивање на позитивен однос на учениците кон историските, националните, културните и естетските вредности на посетениот крај;
Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, толеранција и соработка;
Запознавање со културата на луѓето и нивниот начин на живеење.

**Очекувани исходи:**

Учениците да се запознат со градовите Струмица, Дојран и Кавадарци и културно - историските локалитети и природните убавини на овој крај;
Учениците дознаваат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
Учениците да ја запознаат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот;
Стекнување навика за посета на верски објекти и културни споменици и обележја;
Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики, одговорност, точност, уредност и грижа за себе.

**Содржини и активности:**

Пред изведување на екскурзијата најдоцна седум дена пред поаѓање одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања и агенда за програмата што ќе се реализира. Родителите се должни да дадат податоци за здравствената состојба на учениците на одделенските раководители, а тие за истите го известуваат лекарот пред непосредно поаѓање. Време на поаѓање, термини за одмор и исхрана, сместување со две ноќевања во хотел, време за шест оброци во хотелот со мени на исхрана, термин за пристигнување назад во Волково. Во вид на писмена информација учениците добиваат и препорака за неопходната гардероба, здравствена книшка и прибор за лична хигиена кои треба да ги понесат со себе (неопходни за тридневна екскурзија).

**Прв ден:** Поаѓање од училиште во 8:00 часот, патување кон Струмица со попатна посета на Неготино и ТЕЦ Неготино. Пристигнување во Струмица и посета на Колешински водопади и манастирите „Успение на Пресвета Богородица“- Елеуса и „Св.Леонтиј“ - Водоча. Сместување во хотел во Струмица, вечера и прошетка (ноќевање).

**Втор ден:** Појадок во хотелот и патување кон Дојран со посета на Вардарски рид, сместување во хотел, ручек и прошетка покрај Дојранско Езеро. Вечера и ноќевање во хотелот.

**Трет ден:** Појадок во хотелот. Патување кон Кавадарци и ручек, посета на Археолошкиот локалитет Стоби. Враќање во Скопје во попладневните часови.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на екскурзијата е Борјанка Стојчевска, наставник именуван од директорот. Одговорни наставници се одделенските раководители на паралелките од IX одделение: Борјанка Стојчевска и Љупка Христова како и одговорно лице (водич) од избраната агенција. Екскурзијата ќе биде придружувана од лекар кој ќе се грижи за здравјето на учениците.

Наставниците попатно ќе им објаснуваат на учениците за значењето на објектите, локациите, видот на патиштата, населението и историјата на посетените предели. Учениците изработуваат портфолио составено од реферати за посетените места. Раководителот се грижи околу сместувањето на учениците во автобусите и сместувањето во хотел. Наставниците се грижат околу редот, дисциплината и уредноста при посетата на културно - историските споменици како и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

Учениците ќе бидат навремено и писмено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целите на истата при што е неопходна добиена писмена согласност од родителите за посетената екскурзија. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на екскурзијата, значењето и целта на истата и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Доколку не се добиени согласности од најмалку 70% од родителите екскурзијата нема да се реализира. За учениците кои не одат на екскурзија училиштето ќе организира редовна настава.

За време на реализација на екскурзијата учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената во автобусот и посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на екскурзијата:**

Екскурзијата е тридневна, време на реализација е во месец октомври/ноември, 2022 година.

**Техничката организација:**

По добивање на мислење за реализација на екскурзијата од Совет за родители, Совет на Општина и БРО, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја одобрение за изведување на екскурзијата.

Со одлука на Училишниот одбор се формира Комисија од пет членови (три члена од редот на Совет на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Комисијата преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта.

Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат. Училиштето ќе ги постави следните критериуми:

- да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години;
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;
- да понуди најприфатлива цена.

Комисијата за прибирање понуди врши рангирање и предлог за избор на најповолен понудувач за изведување на екскурзии и други слободни активности по критериум најниска цена.

На барањето за понуди комисијата ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.

Постапката се спроведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет членови (три од Совет на родители и два од редот на наставниците).

Од најприфатливата понуда со најниска цена, директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на екскурзијата. Во договорот точно се дефинирани следните елементи:

-Поединечна и вкупна цена на услугата;

-Услови за сместување, исхрана и превоз на учениците со квалитетен туристички автобус (да има исправен микрофон и да биде климатизиран);

-Начин на плаќање;

-Водичи, број на наставници (според број на ученици кои ја посетуваат екскурзијата), лекар;

-Поволности за ученици од социјално загрозени семејства.

Непосредно пред патувањето директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани аутобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на екскурзијата доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансиските износи потребни за екскурзијата.
Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на уплатница со одредената сума (преку жиро сметка).

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - пом. Директор
Кире Николовски – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник
Јованка Костовска – наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили – наставник
Бесим Амети – наставник

ПООУ ”Јоаким Крчоски”

Никиштани, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање есенски излет
за учениците од I до IX одделение
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

**Еднодневен излет за учениците од I до IX одделение**
**Посета на реката Лепенец во близина на с. Никиштани, Скопје.**

**Цели на излетот**

Одмор и рекреација на учениците во еколошки чиста природна средина;
Другарување, социјализација и меѓусебно зближување на учениците.

**Задачи на излетот:**

-Развивање на позитивен однос кон престој и рекреација во природа;
-Поттикнување на позитивни емоции, другарство и толеранција;
-Развивање еколошка свест за заштита на природата и чување на чиста околина.

**Очекувани исходи:**

-Учениците да се запознат со убавините на природата во нашата околина;
-Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност, точност и грижа за себе и за другите и спортување;
-Стекнување навика за посета и престој во природата;
-Учениците да стекнат интерес за природата и да применуваат еколошки навики.

**Содржини и активности:**

Поаѓање во 8:30 часот од училиште. Од училиште до реката Лепенец се пристигнува со пешачење. По сместувањето на учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето е повторно со пешачење, околу 15,00 часот.

**Обврски на раководителот, наставниците, учениците:**

Раководител на излетот е помошник директорот на училиштето Јусрен Селмани, излетот се реализира во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение.

Наставниците се грижат околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на локалитетот и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на излетот (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). Доколку не се добиени согласности од најмалку 30% од родителите излетот нема да се реализира.

За време на реализација на излетот учениците имаа обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**

Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец септември/ октомври, 2022 година.

**Техничката организација:**

По добивање на согласност за реализација на екскурзијата од БРО, Општина и Совет за родители, програмата се презентира пред Училишен одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата и реализацијата на екскурзијата. По добивање на согласностите од родителите Помошник директорот го организира и реализира излетот во договорениот термин.

**Начин на финансирање:**

Излетот ќе се реализира без финансиски трошоци за учениците, во непосредна близина на училиштето, во локалитет до кој учениците и наставниците ќе дојдат со пешачење од училиште и по завршувањето на излетот ќе се вратат на истиот начин.

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани – Помошник директор
Јованка Костовска – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник

Кире Николовски – наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили– наставник
Бесим Амети – наставник

ПООУ ”Јоаким Крчоски”

Никиштани, Ѓорче Петров

Скопје

Програма
за организирање пролетен излет
за учениците од I до IX одделение
во учебната 2022/2023 година

Скопје, Јули 2022

**Еднодневен излет за учениците од I до IX одделение**

Посета на Спортско - рекреативен центар - Сарај, Скопје.

**Цели на излетот**

Другарување, социјализација и меѓусебно мултикултурно зближување на учениците;
Разгледување на Спортско - рекреативен центар Сарај, запознавање со условите за живот на жителите во овој крај.

**Задачи на излетот:**

-Развивање на позитивен однос и познавање на овој локалитет, начинот како неговите жители живеат, нивната култура и друго;
-Поттикнување на позитивни ставови кон другарство, толеранција и мултикултурализам;
-Развивање еколошка свест за заштита на природните богатства на овој локалитет.

**Содржини и активности:**

Поаѓање во 8:30 часот од училиште. Од училиште до Спортско - рекреативен центар - Сарај, Скопје. Се пристигнува со автобуси. По сместувањето на учениците следува слободно време за одмор и забавно - рекреативни содржини за учениците. Враќањето е околу 15 часот.
Обврски на раководителот, наставниците, учениците:
Раководител на излетот е помошник директорот на училиштето Јусрен Селмани. Излетот се реализира во соработка со наставници кои предаваат во паралелките од I до IX одделение.

Наставниците се грижат околу организацијата, дисциплината и уредноста при посетата на спортскиот локалитет и за безбедноста на учениците од поаѓањето до враќањето.

Учениците ќе бидат писмено информирани околу реализацијата на излетот (значењето и целта) и треба да добијат согласност од родителите како навреме да се реализира и утврди точниот број. Овие активности ќе се реализираат во соработка со Совет на родители (навремено да се утврди точниот број на ученици и нивни специфични потреби). Доколку не се добиени согласности од најмалку 30% од родителите излетот нема да се реализира.

За време на реализација на излетот учениците имаат обврска да ги следат инструкциите дадени од раководителот на екскурзијата и наставниците, треба да внимаваат на хигиената на посетените локалитети, да ги известат наставниците за појава на здравствени и друг вид проблеми и да се движат во група со одделенскиот раководител.

**Времетраење на излетот:**

Излетот се реализира еден ден, време на реализација е во месец април /мај, 2023 година.

**Очекувани исходи:**

-Учениците да се запознаат со Спортско - рекреативниот центар - Сарај, Скопје;

-Социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, грижа за себе и за другите;
-Стекнување навика за посета на локалитетите во Република Северна Македонија.

**Техничката организација:**

По добивање на согласност за реализација на излетот од БРО, Општина и Совет за родители, програмата се презентира пред Училишен одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на агенција и реализацијата на излетот.
Училиштето преку јавен оглас одбира лиценцирана агенција која ги исполнува условите предвидени со правилникот за начинот на известување на ученички екскурзии и други слободни активности во основните училишта. Се доставува барање со јасни и точни предвидени цели без можност да се менуваат.

**Училиштето ќе ги постави следниве критериуми:**

- да е регистрирана соглесно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење соодветна туристичка дејност;
- да има успешно реализирање екскурзии најмалку три години по ред;
- да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилник за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групни деца;
- да биде со најприфатлива цена.

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од правилникот за ученички екскурзии.
Постапката се споведува со одлука на училишниот одбор и комисијата составена од пет члена (три од Совет на родители и два од редот на наставниците). Од најприфатливата понуда со најниска цена, Помошник директорот склучува договор во кој јасно се наведени содржините планирани за реализацијата на излетот. Во договорот се содржани следните елементи:

- Поединачна и вкупната цена на услугата;
- Начин на плаќање;
- Водичи, број на наставници (според број на ученици кои го посетуваат излетот);

-Непосредно пред патувањето Помошник директорот проверува дали се обезбедени доволен број седишта во автобусите, безбедно сместување на сите ученици и навремено ја информира општината и полицијата за времето на поаѓање, број на ангажирани автобуси, бројот на учениците и други лица согласно правилникот за организирање на ученички екскурзии.
Директорот може да не ја одобри реализацијата на излетот доколку некои од наведените барања во избраната понуда не ги задоволуваат критериумите.

**Начин на финансирање:**

Одделенските раководители писмено ги известуваат учениците и родителите за финансискиот износ на излетот (трошоци за превоз на учениците, цена на влезен билет).

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - пом. Директор
Јованка Костовска – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник
Кире Николовски – наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили – наставник
Бесим Амети – наставник

ООУ „Јоаким Крчоски“ – Волково, Скопје

Програма

За организирање и реализација на настава во природа во текот на учебната 2022/2023 година со учениците од V одделение од централното училиште.

Скопје, Јули 2022

# НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Место за изведување: хотелско сместување во објект со три ѕвезди во Охрид / Струга**

**Време на изведување: април-мај, 2023 година**

Врз основа на Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година и Правилник за изведување на екскурзии на учениците, стручниот тим ја изготви следнава Програма за изведување Настава во природа за учениците од V одделение во Охрид/Струга:

**Воспитно образовни цели:**

Повеќедневен престој, едукација, другарување, истражување, спорт, рекреација, забава и социјализација на учениците.

**Задачи**:

Да стекнат нови знаења за природата и нејзините убавини, да се запознаат подобро, да го продлабочат другарството и да развијат позитивни навики за соживот и надминување на националните, социјалните и други разлики кои постојат меѓу нив.

| ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА | | | |
|---|---|---|---|
| Ден | Претпладне | Попладне | По вечера |
| 1. | Тргнување од местото на живеење со попатни посети<br>Течение на реката Вардар со Дервенска Клисура<br>Полошка Котлина<br>Вруток-извор на река Вардар<br>Планина Бистра и Национален парк Маврово, Мавровско Езеро, хидроцентрала<br>Кањон на река Радика и природните убавини на нашите планини<br>ХЕЦ Шпиље, Глобочица, Косоврасти Бањи<br>Посета на Вевчани и Вевчански водопади<br>Пристигнување во хотел во попладневните часови<br>Реализирана настава во конгресна сала | Учениците да се запознаа со природните богатства во западниот регион на Република Северна Македонија<br>Состанок по групи и почеток на работата | Претставување на делот на забавната програма (подготвен во училиштето) |
| 2. | Прошетка и посета на блиската црква „Св. Стефан„ во утринските часови<br>Прошетка покрај Охридско Езеро, запознавање со околината и крајбрежјето на езерото<br>Посета на градот Струга, прошетка, разгледување на архитектурата на стариот град Струга, центарот на градот, чаршијата и дуќаните со старите занаети<br>Посета на детско одмаралиште „Мајски цвет„ во Струга<br>Посета на Спомен куќата на Браќа Миладиновци и Природо-научен музеј „Никола Незлобински„<br>Разгледување на течението на реката Црн Дрим и нејзиното истекување од езерото | Да стекнат навика за посета на верски објекти и обележја во Република Северна Македонија<br>Работа по групи | Ликовната секција ги илустрира посетите на цртеж (во текот на денот) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Реализирана настава во конгресна сала<br>Вечерна прошетка во градот Охрид и забава за децата во диско | | |
| 3. | Прошетка низ градот Охрид<br>Посета на Св. Наум, црква, извори на реката Црн Дрим, ресторан ,,Острово,,<br>Посета на работилница за Охридски бисери<br>Посета на Музејски комплекс ,,Музеј на вода,, и праисториска езерска наколна населба во ,,Заливот на коските,,<br>Реализирана настава во конгресна сала<br>Попладневна прошетка покрај Охридско Езеро | Учениците да ја запознаат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во посетените места и нивниот соживот<br>Работа по групи | Извештај од групите<br>Забавни игри |
| 4. | Еднодневна посета на Охрид<br>Реализирана настава во конгресна сала<br>Посета на фабрика за инокс ,,Братство,,<br>Плоштад на град Охрид<br>Разгледување на стариот дел на градот Охрид<br>Посета на работилница за изработка на хартија<br>Посета на спомен куќата на браќата Робевци<br>Посета на копаничарска работилница<br>Посета на црква ,,Св. Софија,,<br>Посета на Антички амфитеатар<br>Посета на ,,Св. Пантелејмон,,-Плаошник, Музеј на словенска писменост<br>Разгледување на Самоилова тврдина<br>Посета на црква ,,Св. Јован Богослов-Канео,,<br>Разгледување на крајбрежјето и архитектурата на градот Охрид<br>Разгледување на пристаништето на градот Охрид, охридската чаршија и дуќаните со старите занаети<br>Посета на ресторан | Работа по групи | Слободна вечер<br>Спортски и забавни игри |
| 5. | Прошетка покрај езерото, набљудување на растенија и птици кои живеат покрај езерото<br>Реализирана настава во конгресна сала, искажување импресии и доживувања од престојот во градот Охрид<br>Тргнување од хотелот во поладневните часови<br>Разгледување на попатни знаменитости при враќање кон Скопје<br>Кичево и околината<br>Полошка Котлина<br>Дервенска Клисура<br>Пристигнување во Волково во 18 часот | Работа по групи и подготовка за разделба<br>Претставување на работата во училиштето | Враќање во местото на живеење<br>Претставување на резултатите на училиштето |

| Помошни средства за реализација на прогамата | |
|---|---|
| Дидактички помагала и извори | Други помошни средства |
| Дневен печат, ревии, весници<br>Слики, модели, фолии, ТВ емисии<br>Дневник за набљудување на ученикот<br>Учебник од Природни науки и Општество за V одделение<br>Наставни ливчиња<br>Крстозбор<br>Историска читанка | Фломастери<br>налепници<br>ножици<br>лепак<br>темперни бои<br>четки<br>глина<br>листови од блок |
| Соработници | |
| Внатрешни | Надворешни |
| Актив на одделенска настава<br>Психолог<br>Наставник по историја<br>Наставник по географија | Родители |

Опис на активностите по денови

| Ден: | Ученици | Ментор - наставник |
|---|---|---|
| 1 | Ги разгледуваат попатните знаменитости:<br>Течение на реката Вардар со Дервенска Клисура<br>Полошка Котлина<br>Вруток-извор на река Вардар<br>Планина Бистра и Национален парк Маврово, Мавровско Езеро, хидроцентрала<br>Кањон на река Радика и природните убавини на нашите планини<br>ХЕЦ Шпиље, Глобочица, Косоврасти Бањи<br>Посета на Вевчани и Вевчански водопади<br>Пристигнување во хотел во попладневните часови<br>Реализирана настава во конгресна сала | Бара простор за работа, работата тече во творечки дух, советува, помага при потешкотии, ја проверува работата на учениците, ги насочува кон самостојност, творечка работа, снаодливост и спретност, помага при обликувањето и претставувањето на работата во групата. |
| 2 | Прошетка и посета на блиската црква ,,Св. Стефан,,во утринските часови<br>Прошетка покрај Охридското Езеро, запознавање со околината и крајбрежјето на езерото<br>Посета на градот Струга, прошетка, разгледување на архитектурата на стариот град Струга, центарот на градот, чаршијата и дуќаните со старите занаети | Менторот ги известува учениците за планираните посети, ги води и насочува, разговара за животот и работата на луѓето од охридскиот крај, ја подготвува работата на групата, ја помага и |

| | | |
|---|---|---|
| | Посета на Спомен куќата на Браќа Миладиновци и Природо - научен музеј ,,Никола Незлобински,,<br>Разгледување на течението на реката Црн Дрим и нејзиното истекување од езерото<br>Реализирана настава во конгресна сала<br>Вечерна прошетка во градот Охрид и забава за децата во диско | насочува. |
| 3 | Прошетка низ градот Охрид<br>Посета на Св. Наум, црква, Билјанини извори<br>Посета на работилница за Охридски бисери<br>Посета на Музејски комплекс ,,Музеј на вода,, и праисториска езерска наколна населба во ,,Заливот на коските,,<br>Реализирана настава во конгресна сала<br>Попладневна прошетка покрај Охридското Езеро | Однапред се договара за набљудувањето, подготвува материјали, ја подготвува и насочува попладневната работа, дава совети, ја подготвува работата на групата, им помага на учениците. |
| 4 | Еднодневна посета на Охрид<br>Реализирана настава во конгресна сала<br>Посета на фабрика за инокс ,,Братство,,<br>Плоштад на град Охрид<br>Разгледување на стариот дел на градот Охрид<br>Посета на работилница за изработка на хартија<br>Посета на спомен куќата на браќата Робевци<br>Посета на копаничарска работилница<br>Посета на црква ,,Св. Софија,,<br>Посета на Антички амфитеатар<br>Посета на ,,Св. Пантелејмон,,-Плаошник<br>Разгледување на Самоилова тврдина<br>Посета на црква ,,Св. Јован Богослов-Канео,,<br>Разгледување на крајбрежјето и архитектурата на градот Охрид<br>Разгледување на пристаништето на градот Охрид, охридската чаршија и дуќаните со старите занаети<br>Посета на ресторан | Менторот ги известува учениците за планираните посети, ги води и насочува разговара за животот и работата на луѓето од овој крај во минатото, подготвува се што е потребно за работа на групите, соработува и го насочува обликувањето на колективната збирка и подготвува литература. |
| 5 | Прошетка покрај езерото, набљудување на растенија и птици кои живеат покрај езерото<br>Реализирана настава во конгресна сала, искажување импресии и доживувања од престојот во градот Охрид<br>Тргнување од хотелот во поладневните часови<br>Разгледување на попатни знаменитости при враќање кон Скопје<br>Кичево и околината<br>Полошка Котлина<br>Дервенска Клисура<br>Пристигнување во Волково во 18 часот | Ја уредува изложбата (плакат, информативна книга, дневник на набљудување, хербариум, цртежи, макети на стари куќи и на споменици на културата, лични творби) и подготвува награди бара простор за работа, а работата тече во творечки дух, советува, помага при потешкотии, ја проверува работата на учениците, ги насочува кон самостојност, творечка работа, снаодливост и спретност, помага при обликувањето и претставувањето на работата во групата. |

**Резултати**

По темелната претходна подготовка во училиштето, менторот на групата, ги запознава учениците со задачите на истражувањето. Укажува дека секој член на групата мора да соработува при обликувањето на програмата за работа. Заедно ќе побараат што и како ќе набљудуваат и што ќе употребуваат.

Ќе состават задачи од типот:
Кои убавини очекуваат да ги видат за време на наставата во природа?
Какво е влијанието на релјефот, надморската височина и близината на езерата врз климата?
Какво е значењето на реките и езерата за животот и работата на луѓето?
Какво е значењето на спомениците на културата за еден народ?
Од какво значење е ширењето на словенската писменост за македонскиот народ?
Од какво значење се природните богатства за луѓето и државата во која живеат?
Како да се развива еколошката свест кај луѓето во Македонија?
Како да ги негуваме културно-историските споменици и да ги заштитиме од уништување?
Зошто Македонија има извонредни услови за развивање на повеќе видови на туризам?
Предлози за изработка на изложба.

**Учениците треба да изработат:**

<u>Пред поаѓање</u>:
Информативна книга;
Културно - забавна програма;
Ритмичка вежба за песната „Бисер Балкански,,;
На Интернет да најдат и зачуваат податоци за градовите кои ќе ги посетат.

<u>За време на наставата во природа</u>:
Дневник на набљудување;
Збирка од археологија (керамички предмети);
Збирка од собрани лековити растенија;
Албум од фотографии од посетите и прошетките.

<u>Договорени активности</u>:
Да ги набљудуваат спомениците на културата;
Да водат дневник на набљудување;

Да ги посетат предвидените споменици на културата и спомен куќи;
Да направат интервју со кустос, историчар, занаетчии, рибар, пекар и друго;
Да ја претстават својата работа на групите;
Да организираат изложба;
Да организираат забавни игри.

Утврдувања, сознанија заклучоци кои треба да се случат по завршувањето:
Дека постојат различни видови на споменици на културата;
Дека спомениците на културата и предметите од минатото можат да се поделат според времето кога настанале;
Дека спомениците и предметите од минатото се одржуваат на специфичен начин;
Дека секоја религија има свој храм (објект кој го посетуваат верниците);
Човековата негрижа ги уништува спомениците од минатото, а уште повеќе и природните убавини и богатства;
Ја сфаќаат потребата за заштита на спомениците;
Ја сфаќаат загрозеноста на занаетчиството;
Ја воочуваат поврзаноста на туризмот со спомениците на културата и културата на живеењето;
Дека секое поднебје има своја специфична флора и фауна.

Резултати од крстозборот:
Соработуваат поголем број на ученици;
Се очекува поголем број на решенија да бидат точни.

Распоред на задачите во групата:
Задачите во групата се определуваат според интересот на учениците. Се определува точно кој ќе набљудува, кој ќе проучува. Работата треба да тече според дадениот план. Начинот на работа на групата го следи и насочува наставникот – менторот.
**ПРВИОТ ДЕН**: Учениците ќе посетат повеќе места. За време на патувањето и посетите податоците ќе ги прибираат во посебна тетратка и врз основа на забележаните податоци ќе подготвуваат извештај на крајот од денот. Навечер накратко ќе ја претстават работата и ќе разговараат за наградниот крстозбор.
ВТОРИОТ ДЕН: Учениците ќе ги посетат околните места, крајбрежјето на Охридското Езеро. Учениците разговараат и прават интервју со стари граѓани на рибарските населби – рибари и земјоделци. Посета на Градот на вода. Сознанијата ги запишуваат во својот дневник за набљудување. Во одморалиштето ги средуваат впечатоците и прават извештаи од извршената посета. Учениците изработуваат информативна книга, лични творби и плакат за сознанијата на групата.
**ТРЕТИОТ ДЕН**: Учениците го посетуваат градот Охрид и неговите знаменитости. Прават интервју со занаетчии, кустоси, индустриски работници, запишуваат податоци и набљудуваат. Прибираат материјали и го пишуваат дневникот. Учениците треба да водат свој дневник за

набљудување. Во одморалиштето ги средуваат впечатоците и прават извештаи од извршената посета. Според интересот самостојно ги обликуваат собраните податоци.

**ЧЕТВРТИОТ ДЕН**: Учениците ќе го посетат градот Охрид, ќе се запознаат со животот и работата на луѓето од овој град сега и во минатото и ќе набљудуваат одредени споменици на културата. Сознанијата ги запишуваат во својот дневник за набљудување. Во одморалиштето ги средуваат впечатоците и прават извештаи од извршената посета. Поделени во групи, учениците изработуваат икони, архелошки накит и керамика, макети на стари куќи и на споменици на културата, лични творби.

**ПЕТТИОТ ДЕН:** Учениците треба да ја подготват изложбата и да се подготват да ја претставаат својата работа. Потоа се подготвуваат за враќање во местото на живеење. За време на патувањето ќе посетат некои места, ќе ја фотографираат природата, а останатите посети ќе се одбележат со читање реферати за истите.

Очекувани завршни резултати и констатации:

- Учениците да се запознаат со природните богатства во западниот регион на Република Северна Македонија;
-Учениците да дознаат за обележјата и историското минато на пределите кои ќе ги посетат, стекнат научни знаења и формираат критички ставови;
-Социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност, точност и грижа за себе и за другите;
-Учениците да ја запознаат културата, традицијата и животот на луѓето кои живеат во местото и нивниот соживот;
-Стекнување навика за посета на верски објекти и обележја во Република Северна Македонија
-Учениците да стекнат интерес за природата, да развиваат еколошки навики, социјализација на учениците, колективна заштита, одговорност, точност, уредност и грижа за себе.

Збогатување на знаењата за убавините на Република Северна Македонија. Теренската работа треба да овозможи подобро запознавање и разбирање на околината во која живееме. Теренската работа децата ги поставува во нова, неочекувана положба, ги става пред решавање на проблеми и подетално набљудување. Според широчината тоа знаење не мора да биде широко, но сепак е поквалитетно и подлабоко.

Социјализацијата на децата е голема бидејќи начинот на работа децата ги поттикнува кон творечки – тимски начин на работа, пренесување и поврзување на различни сознанија до заедничко решение на проблемот. Таква форма на работа е подобра и ученикот и наставникот се позадоволни. Минатото со своите белези - спомениците на културата исто така и занаетчиството, за учениците од одделението е една од потешките цели. Набљудувањето на „белезите на минатото" им е туѓо, затоа може да се појави и отпор и незадоволство. Меѓутоа, го доближуваат ученикот до истите и може и да предизвика голема љубопитност и учениците да станат вистински мали археолози и историчари на уметноста.

Објектот во кој учениците ќе бидат сместени мора да има најмалку една училница опремена според нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно основно училиште. Дел од реализација на активностите ќе се одвиваат во училницата, а дел во природа. За учениците кои нема да посетуваат Настава во природа ќе се организира настава во училиштето.

**Одговорности на раководителот, наставниците и учениците:**

Раководител на наставата во природа е Јованка Костовска. Одговорни лица за непосредна реализација на Настава во природа се: одделенски раководители на V1 одделение и V2 одделение –Јованка Костовска и Сања Андевска.
Во текот на Наставата во природа ќе има водич кој ќе им објасни на учениците кое е значењето на се што се посетува, од кога датира и сето она што ги интересира. Учениците внимателно следат, учат нови информации, се потсетуваат на што научиле на училиште, а сега имаат можност истото да го видат. Преку директно набљудување и истражување децата ќе дојдат до потрајни и побогати знаења.

**Времетраење**:

Наставата во природа ќе се организира во траење од 5 дена;

**Техничка организација**:

Лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии и други слободни ученички активности, туристички автобус за линиски превоз со клима, микрофон и потребна документација за превоз на деца, полн пансион во објектот во кој ќе бидат сместени, остварување на сите наведени посети, осигурување, организирано присуство на водич и лекар.
Наставата во природа ќе се реализира со најмалку 50% од учениците.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите. Плаќање на рати во договор со агенцијата.

Тим за изготвување на програма за екскурзии:

Слаѓана Гавриловска – Директор
Јусрен Селмани - пом. Директор
Јованка Костовска – наставник
Борјанка Стојчевска – наставник

Кире Николовски - наставник
Себије Мемеди – наставник
Нуран Исмаили – наставник
Бесим Амети – наставни

| Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето. Давање поддршка на учениците по потешкотии при учење | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Наставници, Директор, Родители, Стрручна служба | Евиденција на психологот Разговор /Посета на час/Анализи на успех | Записници од одделенски и наставнички совет |
| Следење и анализа на напредокот и редовноста на учениците. По потреба | Поддршка на учениците за подобрување на училишниот | Во текот на годината | Директор, Стручна служба, | Анализи/ Извештаи /Статистички пресметки/ ППТ/ Записници | Записници од одделенски и наставнички совет. Анализи за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| активности за поддршка и советување на ученици. | успех и редобност во училиште | | Одделенски совет, Наставнички совет | /Разговори/ Советувања | подобрување на состојбата. |
| Процена на подготвеност на идните првачиња за вклучување во образовниот процес, социјализација и напредување во училиштето | Препознавање и работа со ученици со емоционални потешкотии , проблеми во однесувањето и приспособување на средината | 05-07.2023 | Комисија за упис на ученици во прво одделение за 2022/2023 год. | Изработки од ученикот/ Група и Индивидуална работа/ Разговор/ Психолошки инструменти | Извештај за психолошка процена на состојба на идните првачиња. |
| Посета на часови и следење на приспособување н напредок на учениците | | 09-11.2022<br>02-03.2023 | Стручна служба. Инклузивен тим Наставници, Родители | Записници од посета на час./ Разговори/ Набљудување | Записници од разговори со наставници/ родители/ стручна служба. |
| Откривање ученици од I одд со потешкотии во напредокот, консултации со дефектолог, родители и надлежни институции | Поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех | Во текот на годината | Стручна служба Родители Наставници, Директор Инклузивен тим | Евиденција на психологот/ Индивидуална работа/ Разговор /Набљудување/ Психометриски алатки | Записници од активности со учениците.<br>Наоди од психолошки тестови. |
| Идентификување на ученици со ПОП. Следење на напредокот на учениците со посебни образовни потреби и индивидуална работа со учениците | Поддршка на учениците со посебни образовни потреби и помош во подобрување на постигнувањата | Во текот на годината | Наставници, Родители Стручна служба, ученици, Инклузивен тим | Записници од посета на час/Индивидуална работа /Тестирање/ Разговори/ Советување/ Набљудување | Записници од разговори. Наоди од тестирање/ чек листи/евиденција од посета на час. |
| Изработка на план за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуална работа со надарени и талентирани ученици | Препознавање, идентификување и работа со надарени и талентирани ученици | Во текот на годината | Наставници Родители, Директор Стручна служба Стручни активи | Записници од реализирани активности/ Разговори/ Анализи/ Наоди од зададени психолошки алатки | Изработен план за работа со надарени и талентирани ученици. Записници од работа со надарени и таленентирани ученици. |
| Утврдување на лични карактеристики, степен на надареност и образовни потреби и индивидуална работа со надарени/ талентирани | Идентификување и работа со надарени и талентирани ученици. Емоционален развој на учениците | Во текот на годината | Наставници Родители Директор Стручна служба | Наблудување во тек на час /Разговори/ Анализи/<br>Наоди од зададени психолошки тестови | Реализација на план за работа со надарени и талентирани ученици. Записници од работа со надарени и талентирани ученици. |
| Идентификување на ученици со емоционални потешкотии, семејни проблеми и проблеми со однесување и адаптација, ученици со потешкотии на следење на настава од далечина | Поддршка во справување со кризни состојби /Развој на силни страни на учениците<br>Поддршка при учење од далечина | Во текот на годината | Ученици, Наставници Родители, Директор Институции, Стручна служба | Индивидуалнар./ Набљудување Разговор/ советување Консултации | Евиденција на психологот/ Записници од разговори/ извештаи. |
| Интервенции и советодавно – консултативна работа со ученици кои имаат кризни ситуации, емоционални проблеми, несоодветно однесување | Поддршка во надминување на проблемот. Поддршка на учениците за нивен хармоничен развој | Во текот на годината | Наставници Родители, Директор, Стручна служба, Институции | Евиденција на психологот/ Индивидуална/ Разговор/ набљудување/ советување | Записници од активности со ученици/ родители/ наставници/ соработка со разни институции. |
| Посета на наставен час – набљудување на ученици, разговори со ученици | Прибирање податоци за личен и социјален развој на учениците | Во текот на годината | Ученици, Наставници Родители Инклузивен тим | Посета на час – чек листи /Набљудување /Разговори/ Консултации/ Советување | Документација од посета на час, евиденција – работа на психологот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилници за личен развој, свест за права и одговорности | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на на учениците | 10.2022 до 03.2023 | Наставници; Ученици од VII, VIII одделение Психолог | Евиденција на психологот/ Групна работа/ Работилници | Извештаи од спроведени психолошки работилници . |
| Следење на реализација на дополнителна и додатна настава | Поддршка на учениците за подобрување на постигањата | 10.2022 до 05.2023 | Наставници, Директор, Стручни активи | Анализи/ Посети на активности | Извептаи од стручни активи за подобрување на постигнувањата на учениците |
| Поддршка на ученици со ПОП во развој на самодоверба и подобрување на сликата за себе | Поддршка на личен и емоционален раст и развој на на учениците | Во текот на годината | Психолог Родители | Разговор /Психоедукација/ Вежби Советување | Евиденција на психолог. |
| Индивидуална работа со ученици со ПОП (психомоторна реедукација, развој на социјални вештини и комуникација, Brain gym, вежби за надминување на потешкотиите во учење: дискалкулија, диграфија и дислексија) | Подобрување на нивните психомоторни способности Подобар успех во усвојување на наставните содржини | Во текот на учебната година | Специјален едукатор и рехабилитатор Образовни асистенти | Разговор/ Набљудување/ Работилница | Евиденција на специјален едукатор и рехабилитатор. |
| Поддршка во училница на ученици со ПОП и ученици со емоционални потешкотии | Успешно следење и вклучување во воспитно- образовниот процес | Во текот на учебната година | Стручна служба Наставници | Посета на час – чек листи/ Разговори/ Консултации | Евиденција на специјален едукатор и рехабилитатор. |
| Редовно објавување на веб страната на училиптето, социјални мрежи и огласна табла на училиштето на податоци за постигнати успеси на учениците за учество на конкурси, натпревари и смотри | Промоција на постигнувања на учениците. Промоција на првенец на генерација и првенци по одделенија | Во текот на учебната година | Тим за промоција на работата на училиштето | Написи/ Стории/ Видео презентации. Настани за промоција на постигнувањата. | Училишна евиденција. Написи на веб страната на училиштето. |

# ПРИЛОГ 24. Програма за професионална ориентација на учениците

| ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. САМОСПОЗНАВАЊЕ | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активности/ време на реализација** | **Форми/ методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| 1.1.Психолошки работилници за соамозапознавање реализирани со ученици од 8 и 9 одделение | Учениците да изградат реална слика за себе, за свој систем на вредности и капацитети | Психолог, Специјален едукатор и рехабилитатор 10.2022 до 05.2023 | Самостојна работа Бура на идеи Презентација Разговори Дискусија | Работни листи, PPT, PC, Интернет Прашалник Материјал за работилница | Учениците стануваат свесни за своите лични капацитети, јаки и слаби страни, способности, потенцијали, цели, ставови, верувања, вредности, вештини. Саморазвој на учениците – | Голем број ученици креираат објективна слика за себе |
| 1.2.Работилници Животни вештини | Учениците да се оспособат за самопроценка. Саморазвој на учениците | Одделенски раководители на 8 и 9 одд 09.2022 до 06.2023 | Групна работа Индивидуална Разговори Дискусии Советувања | Прирачник ОЖВ Работни листи Прибор за работа | | Голем број од учениците се оспособени за саморпоценка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.Активности за личен раст и развој на часовите Граѓанско образование | Унапредување на капацитетите за личен раст и развој | Наставници Граѓанско образование 09.2022 до 06.2023 | Групна работа Индивидуална Дискусии Презентации | Работни листи, Скали за самопроцена Материјал за работа | идентификување на своето јас и самозапознавање | 35% ученици постигнуваат личен раст и развој |
| 1.4.Проценка на способности и професионални интереси на учениците од 9 одделение | Утврдување на општи и специфични способности и професионални интереси на учениците | Психолог<br><br>03.2022 до 05.2023 | Индивидуална работа Психолошко тестирање | Прибор за работа Психолошки инструменти и скали на проценка | Учениците ги запоснаваат своите способности, професионални интереси и лични карактеристики. | Детектирани општи и специфични способности и професионални интереси на учениците |
| **1. ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ<br>2. ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активности/ време на реализација** | **Форми/ методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| 2.1.Патот од образование до занимање – психолошки работилници за професионално информирање со ученици до 8 и 9 одделение | Професионално информирање на учениците за потребен степен на образование и работни задачи за одредени професии | Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор 09.2022 до 06.2023 | Психолошка работилница Бура на идеи Постер презентација Дискусии Разговори Извлекување на заклучоци | Работни листи Интернет, PPT, PC, Постер презентација Компјутер Прибор за работа | Професионално информирање на учениците за видови професии и можности за натамошно колување и кариерен напредок | Голем број ученици се запознаети со потребно образование, работни задачи и можности за напредок на презентираните професии |
| 2.2.Посета на средни училишта или организирање презентација од претставници од средни училишта за ученици од 9 одд. | Запознавање со условите за школување во средно училиште и натамошен кариерен развој | Директор Одделенски раководители Стручна служба Претставници од средни училишта 05.2023 | Посета на средни училишта Презентации од средни училишта Разговори Работилници | ППТ Брошури Квизови Флаери Информатори Биографии од познати личности | Професионално информирање на учениците за услови и степени на образование, можности за кариерен напредок и развој | 85% ученици се информирани за услови за школување и професионален напредок во посетените училишта |
| 3.1. Истражување на ученици од 9 одд.: Видови професии и можности за школување (<u>пребарување на интернет</u>) | Запознавање со мрежата на средни училишта и мапа на занимања Истражување на занимање кое ученикот го преферира | Стручна служба Одделенски раководители на 8 и 9 одд. Родители 04.2023 | Пребарување на интернет Презентација на проект Дискусија Анализа | Интернет експлорер Компјутер Постер презентација Работни листи на кои работел ученикот | Професионално информирање на учениците за видови професии и можности за школување | Голем број ученици се информирани за видови професии и можности за школување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 06.2023 | Разговор | Анкета | | |
| 3.2. Работилница со ученици од 9 одд: Како да се запишам во посакуваното средно училиште | Запознавање на учениците со начин и услови за аплицирање во средните училишта | Стручна служба<br>Одделенски раководители на 9 одд.<br>04.2023 до 06.2023 | Презентација на оглас<br>Пребарување на интернет<br>Пресметување на бодови за секој ученик од 9 одд.<br>Дискусија | Оглас за упис во средни училишта<br>Интернет експлорер<br>Компјутер<br>Листи за пресметки на бодови | Информирање за термини, потребни документи и начин на аплицирање.<br>Пресметка на бодови според успех и дипломи на учениците | Сите ученици ги знаат своите бодови за аплицирање и услови за аплицирање во средните училишта |
| **3. РЕАЛНИ КОНТАКТИ /СРЕДБИ** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активности/ време на реализација** | **Форми/ методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| 4.1.Средби со ученици и професори од средни училишта. Средби со лица кои успешно завршиле одредено средно училиште и постигнале голем кариерен успех | Запознавање со мрежа на средни училишта, услови за школување и кариерен развој | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Одделенски раководители на 9 одд<br>Претставници од средни училишта<br>03.2023 до 06.2023 | Посета на средни училишта<br>Разговори<br>Советувања<br>Дискусии | Листи со информации и<br>Наставен план и програма за средни училишта<br>Биографии од успешни личности | Учениците се информирани за патот од образование до одреден тип професија и можности за кариерен напредок | Најголем дел ученици се запознаети со патот од образование до професија која ги интересира и можности кариерен за напредок |
| 4.2. Средби со експерти и родители -стручни лица од одредени професии - | Презентација на одрени професии пред учениците од 8 и 9 одделение | Родители експерти од одредени професии<br>Наставници<br>Стручни лица<br>03.2023 до 06.2023 | Усмена презентација<br>Разговор<br>Прашања и одговори<br>Дискусија | Листи со информации<br>Видео материјали | Ученииците се информирани за одредени професии: потребни квалификации, вештини, услови и опрема за работа | Голем број ученици се информирани за различни професии и образовни профили |
| 4.3. Истражувам за професијата која ме интересира | Пребарување информации за професијата за која ученикот се интересира | Стручна служба<br>Одделенски раководители на 9 одд<br>Родители<br>02.2023 до 06.2023 | Посета на саеми и отворени денови во средните училишта<br>Пребарување на интернет | Записи од пребарувања на интернет и од разговори со лица од одредена професија | Учениците се запознаваат со пат од образование до професијата која ги интересира и можности за натамошен кариерен напредок | Најголем дел ученици се запознаети со патот од образование до професија која ги интересира и можности кариерен за напредок |
| **4. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА** | | | | | | |
| **Активности** | **Цели** | **Носители на** | **Форми/ методи** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |

| | | **активности/ време на реализација** | **на работа** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1. Психолошки работилници со учениците од 9 одделение | Градење вештини на учениците за донесување одлуки | Психолог<br>по потреба и<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>09 до 12.2022 | Психолошка работилница<br>Бура на идеи<br>Драматизација<br>Дискусија<br>Заклучоци | Работни листи, прашалници материјал со инструкции за работа | Ученикот стекнува вештини за проверка на можностите и условите и донесување одлуки | 20% од учениците ќе усвојат нови вештини за донесување одлуки |
| 5.2. Пишување CV и мотивациско писмо – психолошка работилница | Оспособување на учениците за презентација на своите успеси, способности, интереси и постигнувања | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>03.2023 до 06.2023 | Индивидуална работа<br>Истражување на интернет<br>Дискусија<br>Усмена презентација | Шема за ЦВ и мотивациско писмо<br>Интернет<br>Компјутер<br>Евалуациски листи | Учениците се запознаваат со начини на презентација на своите постигања, способности, интереси, таленти и личен профил | 50% од учениците се оспособени самостојно да изготват ЦВ и мотивациско писмо |
| 5.3. Работилници за родители за унапредување на родителските компетенции за охрабрување на детето за самостојно носење одлуки | Вклучување на родителите во поддршка на учениците за донесување самостојна одлука за избор на идна професија | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Одделенски раководители на 8 и 9 одд.<br>Родители<br>02-05.2023 | Презентација<br>Разговор<br>Дискусија<br>Вежби<br>Заклучоци<br>Советување<br>Консултации | ППТ<br>Компјутер<br>Евалуациски листи<br>Работни листи | Психоедукација на родителите за зајакнување на родителски компетенции за охрабрување на самостојноста на нивните деца | Голем дел од родителите ги унапределе своите родителските компетенции за охрабрување на детето за самостојно носење одлуки |
| 5.4. Советување на ученици од 9 одд. и нивните родители-старатели за соодветен избор на натамошно училиште и професија | Запознавање на ученикот со неговиот личен профил, способности, таленти и советување за избор на идна професија | Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)<br>05-06.2023 | Насочен разговор<br>Драматизација<br>Бура на идеи<br>Психолошко советување | Резултати од психолошките тестирање на учениците<br>Ученичко портфолио | Ученикот прави споредување и проценка на својот личен профил со барањата кои ги поставува одбраното образование и професионална кариера и носи одлука за избор на соодветно училиште/ занимање | 80% од учениците избираат натамошно образование во склад со лични карактеристики, интереси, таленти и способности на ученикот. |
| 5.5. Мојата одлука е........ (проверувам и донесувам одлука) работилница | Споредба на личен профил и способности на ученикот со барања на избраното училиште/ занимање | Ученици<br>Психолог,Родители<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Одд раководители<br>05- 06.2023 | Дискусија<br>Бура на идеи<br>Индивидуална<br>Бура на идеи<br>Постер презентација<br>Одлучување | Power point презентација<br>Интернет експлорер<br>Ученичко портфолио | | |

# ПРИЛОГ 25. План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Училишниот Тим за намалување на насилството во училиштето е составен од вкупно 5 членови:

- Гордана Несторовска психолог,
- Јусрен Селмани помошник директор,
- Славица Тренкоска предметен наставник ,
- Сања Андевска одделенски наставник,
- Маја Тодоровска оделенски наставник.

Проектот „Заедно за училишта без насилство“ ќе се реализира во соработка со Советот на родители, Заедници на ученици, наставниот кадар и стручната служба, а по потреба ќе се вклучат и надворешни соработници.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилници за разрешување на конфликти, заштита од дискриминација и злоупотреба | 2022/2023 | Психолог | Евиденција на психолог | Групна работа | Намалување на насилството во целните групи ученици |
| Советување на ученици и родители | 2022/2023 | Психолог | Евиденција на психолог | Индивидуално и групно советување | Намалување на насилството |
| Стоп на насилството меѓу децата, реализација на психолошки работилници во паралелки каде има случаи на булинг, вознемирување и насилство | 2022/2023 | Психолог | Евиденција на психолог | Групна работа | Намалување на насилството во целните групи ученици |
| Состаноци со ученичката заедница | 2022/2023 | Директор Одговорни наставници | Записници | Индивидуално и групно советување | Позитивни ефекти кон останатите ученици |
| Примена на протоколот за намалување на насилството | 2022/2023 | Педагошка служба | евиденција | Индивидуално и групно советување | Намалување на насилството |
| Образование за животни вештини Работилница II-6.3 Пасивно, агресивно или манипулативно“ (90) | X-2022 | Љупка Христова Борјанка Стојчевска | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување игра по улоги, набљудување | Да се запознае со начини на реагирање на насилничко однесување и како да реагира |
| Разрешување на конфликти „Извор на конфликтите“ | XI-2022 | Сања Андевска Јованка Костовска | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување играње улоги, набљудување | Разрешување на кофликти и насилничко однесување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Разрешување на конфликти II-8.2 „Како против насилство“(156) | XI-2022 | Валентина Панчевска Слаѓана Смилчевска | Прирачник за животни вештини | Дискусија, дијалошки метод | Разрешување на конфликтите без насилничко однесување |
| Образование за животни вештини Работилница II-6.1:„ Реакции за омаловажување “(86) | XII-2022 | Даниела Кимовска Катица Георгиева | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување набљудување | Да се оспособи да реагира на насилничкко однесување упатено кон другите |
| Образование за животни вештини Работилница II-10.2 „Конфликтите се скалила“ | XII -2022 | Славица Тренкоска Кире Николоски | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување набљудување | Да ги осознава различните видови реакции во конфликтна ситуација и последиците од таквите реакции |
| Образование за животни вештини Работилница ,,Насилство стоп“ | I-2023 | Катерина Петреска Елеонора Трајковска | Прирачник за животни вештини | Дијалог,објаснување играње улоги, набљудување | Намлување на насилството |
| Образование за животни вештини Работилница ,,Притисок“ | II.2023 | Јасмина Стојановска Силвана Миленковиќ | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување, набљудување | Прифакање на позитивното влијание на врсниците |
| Образование за животни вештини Работилница ,,Конфликтни скалила“ | III-2023 | Тања Анѓелкоска Маја Петковска | Прирачник за животни вештини,работен лист | Дијалог, објаснување игра по улоги, набљудување | Да согледа дека решението на конфликтот треба да биде правично за двете страни |
| Разрешување на конфликти „Пријателско и непријателско однесување“ | III-2023 | Даница Милеска Маја Тодоровска | Прирачник за животни вештини | Дијалог, објаснување, играње улоги, набљудување | Разрешување на конфликти и насилничко однесување |

# ПРИЛОГ 26. План за следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа

Воспитно – образовната работа во училиштето ја следат и анализираат директорот, помошникот директор, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор и оваа задача е дел од нивните годишни програми за работа во учебната 2022/2023 година.

| Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на планирање кое се следи** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на следењето** |
| Глобалното и тематско планирање за задолжителната, дополнителната и додатната настава и стручните активи | Во текот на месец август/септември | Увид во квалитетот на планирањата, застапеноста на сите потребни елементи во него и слично | Листа за следење на планирањата | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Дневни планирања за час | Периодично, според изготвена програма | Увид во квалитетот на дневното планирање и застапеноста на сите потребни елементи во него | Листа за следење на дневното планирање | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Годишна програма за работа на училиштето – нејзина реализација | По класификациони периоди | Разгледување на степенот и успешност на реализација | Записници од наставнички совет, извештаи | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Следење и вреднување на задолжителната, дополнителната и додатната настава<br>Следење на реализација на настава од далечина | Според изготвен план | Посета и анализа на наставни часови и активности од дополнителната и додатната настава.<br>Присуство на реализација на настава од далечина, анализа и дискусија за наодите. | Евиденциски лист за посета и анализа на наставен час, дневни подготовки од посетен час, чек листи за следење настава од далечина | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |

| Следење законитост во водење на педагошката евиденција и документација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на документ кој се следи** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Документ за евиденција** | **Носители на следењето** |
| Главна книга на централно и подрачно училиште | 1. На почетокот од учебната година - крајот на септември<br>2. На крајот од учебната година | 1. Проверка на внесените податоци за новите ученици<br>2. Проверка на внесените податоци од успехот на учениците | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Дневник на паралелката | Пред секој класификационен период; октомври, декември, април и јуни | Проверка на внесените податоци за учениците, нивниот успех и друго | Хронолошки листи за следење и регистрирање на недостатоци | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Свидетелствата | На крај од учебната година | Проверка на исправност на демографски податоци за ученик, успех/ постигнувања, редовност и поведение на учениците | Писмен извештај од прегледување на свидетелства | Директор,<br>пом.директор<br>стручна служба,<br>Комисија за прегледување свидетелства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Преведници (запишани и отпишани ученици) | Во тек на учебната година (по потреба) | Проверка на внесените податоци за учениците, издадени и примени преведници и пропратна документација | Евидентен лист за запишани и отпишани ученици | директор пом.директор психолог секретар |

# ПРИЛОГ 27. План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно-образовниот кадар | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цел на посетата** | **Динамика на следењето** | **Начин на следење** | **Инструменти** | **Носители на следењето** |
| Увиди во реализација на Глобалното и тематско планирање за задолжителната, дополнителната и додатната настава и стручните активи | Септември, Декември 2022<br><br>Февруари, Мај 2023 | Увид во динамика и квалитет на реализација на планирањата, споредба на планирањата со дневна подготовка и со записи во дневник на паралелката | Листа за следење на планирањата | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Посета на час од редовна настава - Следење и вреднување на задолжителната настава | Септември, Декември 2022<br><br>Февруари, Мај 2023 | Истакнување цели на посетата и распоред, анализа на дневна подготовка за часот, состанок со наставникот пред часот, посета на час, анализа, евалуација и разговор со наставникот за согледувања од часот. | Чек листа за процена на дневна подготовка<br>Чек листа за следење на часот<br>Евиденција за следење, евалуација и вреднување на посетениот час | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба<br>Стручни активи |
| Увиди во квалитет на изготвените дневни планирања за час | Периодично, според изготвена програма | Увид во квалитет на дневното планирање и застапеноста на сите потребни елементи во него | Листа за следење на дневното планирање | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Посета на час од дополнителна и додатна настава - Следење и вреднување на дополнителна и додатна настава | Септември, Ноември 2022<br>Април, Мај 2023 | Посета и анализа на наставни часови и активности од дополнителната и додатната настава | Евиденциски лист за посета и анализа на наставен час.<br>Дневни подготовки од посетен час<br>Чек листи за следење настава | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |
| Увиди во начини на оценување на наставниците – разгледување портфолио на наставниците со примероци од критериумски тестови | Декември 2022<br>Мај/Јуни 2023 | Разгледување на портфолио на наставниците.<br>Разгледување на примероци од критериумски изготвени и оценети тестови | Портфолио<br>Чек листа за процена на портфолио<br>Чек листи за процена на тестови | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Посета на вонnаставни активности – следење и вреднување на вонnаставните активности реализирани со учениците | Септември 2022<br>до Јуни 2023 | Увиди во квалитет на реализација на вонnставните активности реализирани со учениците од I до IX одделение | Чек листа за процена на посетената активност<br>Чек листа за следење на дневното планирање | Директор<br>помошник директор<br>стручна служба |

## ПРИЛОГ 28. Програма за самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование, училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.Членови на училишната комисија за спроведување на самоевалуација се: Гордана Несторовска-психолог, Симона Лекоска-специјален едукатор и рехабилитатор, Маја Тодоровска-одделенски наставник, Сања Андевска – одделенски наставник, Љупка Христова – наставник по историја, Славица Тренкоска – наставник по француски јазик, Валентина Ивановска –одделенски наставник.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставнички совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да доставаат забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација). Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

Во месец мај/јуни 2022 год. реализирана е анкета со ученици, родители и наставници. Обработените податоци се дел од самоевалуација за 2022 учебна година.

# ПРИЛОГ 29. Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ресурси | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за планирање | 2 | Тим за заштита и спасување | Стручна литература, скица | Консултации | Успешна реализација и размена на искуства |
| Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација | 2 | Тим за заштита и спасување | Училишно ѕвоно, систем за nабљудување (камери) | Демонстрација | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарна непогода |
| Предавање на вработените за активностите на тимовите | 2 | Тим за заштита и спасување | Материјал за презентација | Консултации | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 2 | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош (санитетски материјал) | Демонстрација | Правилно и навремено реагирање во случај на незгода |
| Евалуација на спроведените активности во првото полугодие | 3 | Тим за заштита и спасување | Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди | Консултации, стручни активи, записници | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | 3 | Тим за заштита и спасување | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Експедитивност и ефикасност на тимот за прва помош во случај на елеметарна непогода |
| Вежбовна активност и евакуација-предметна настава | 3 | Тим за планирање вработени и ученици | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност и евакуација-одделенска настава | 3 | Тим за заштита и спасување вработени и ученици | Средства за прва помош екипа за медицинска помош | Практична вежба | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Евалуација на спроведените активности | 3 | Тим за заштита и спасување вработени и ученици | Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди | Консултации, стручни активи, записници | Реализирање на програмата и активностите за заштита и спасување |

# ПРИЛОГ 30. Распоред за дежурни наставници

## Дежурство Одделенска настава 2022-2023

| Ден | Наставници | |
|---|---|---|
| Понеделник | Елеонора Трајковска | Марија Петреска |
| Вторник | Даница Милеска | Маја Тодоровска |
| Среда | Валентина Панчевска | Слаѓана Смилчевска |
| Четврток | Маја Петковска | Тања Анѓелкоска |
| Петок | Сања Андевска | Јованка Костовска |

## Дежурство Предметна настава 2022-2023

| Ден | Наставници | | |
|---|---|---|---|
| Понеделник | Љупка Христова | Маријана Дејкоска | Кире Николоски |
| Вторник | Гордана Костовска | Валентина Пешевска | Славица Тренкоска |
| Среда | Катица Георгиева | Јасмина Стојановска | Силвана Миленковиќ |
| Четврток | Ана Настова | Марија Ставреска | Слаѓана Н. Трајковска |
| Петок | Борјанка Стојчевска | Соња Лазороска | Даниела Кимовска |

## Дежурство Одделенска настава за учебна 2022-2023 година

| **Ден** | **Наставник** |
|---|---|
| Понеделник | Себије Мемеди |
| Вторник | Имране Селмани |
| Среда | Локман Мемеди |
| Четврток | Јашар Исмаили |
| Петок | Емел Селмани |

## Дежурство Предметна настава за учебна 2022-2023 година

| **Ден** | **Наставник** |
|---|---|
| Понеделник | Љуљзиме Јусуфи Бауш- Пантелеј Кондартјук |
| Вторник | Бесим Амети - Рабије Мифтари |
| Среда | Наставник по Математика – Насер Азизи |
| Четврток | Нуран Исмаили – Бурим Латифи |
| Петок | Арјета Мемеди - Слаѓана Новевеска |

# ПРИЛОГ 31: План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружување на училиштето

Убаво уредениот училишен простор, двор е резултат на заедничка работа и залагање на сите инволвирани во училиштето. Во убаво уреден и организиран простор, секој ученик и вработен се чувствува убаво, при што создаваат креативни идеи. Учениците треба да имаат одговорен однос кон просториите во кои се реализираат активностите на училиштето, кон инвентарот, средствата и наставните материјали. Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредување и одржување на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, тековно одржување на хигиената во училишниот двор и чување на училишниот инвентар. Низ активности за меѓутеничка интеграција во образованието училиштето ќе посвети внимание на уредување на ходници и заеднички простории во училиштата со балансиран приод, водејќи сметка за мултикултурализмот во централното и подрачното училиште.

Наставниот кадар успешно ја користи пофалбата како начин на мотивирање на учениците Училиштето има изграден начин на успешно промовирање на постигнувањата на сите ученици како во рамки на училиштето, така и во пошироката локална средина. Училиштето има позитивен систем на вредности кон постигнување успех во учењето и промовирање на личните постигнувања на сите ученици. Креативните изработки од учениците, пофалници, дипломи и признанија се изложени во училиштето. Во училиштето се поттикнува креативност, логичко мислење и се стимулираат потенцијалите на учениците преку настава, работа на секции, вонаставни активности и психолошки работилници.

Училишниот тим од вработени и претставници на ученичкиот парламент ќе дадат целосен допринос во естетско и функционално уредување на просторот.

Тим за училишна клима, работи на естетско и функционално уредување на просторот во училиштето: Валентина Ивановска, Марија Ставреска, Емел Селмани, Јасмина Турмакоска, Јована Јовановска и Алма Алими.

| **План за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори, ресурси** | **Методи, постапки** | **Очекувани ефекти** |
| Креирање на ЕКО - училница | октомври 2022 год. | Родители, вработени во училиштето | Рециклирани материјали од училиштето | Уредување ЕКО училница | Функционална училница на отворено |
| Уредување на училишен хол | декември 2022 год. | Ученици, наставници | Ученички изработки | Изложба со ученички изработки | Уреден училишен хол |
| Еколошка работилница | март 2023 год. | Родители, наставници, вработени во училиштето | Цветни и зимзелени насади | Работа во училишниот двор | Збогатување на цветните површини и формирање на еколошка свест кај учениците |
| Креативна работилница | април 2023 год. | Ученици, родители, вработени во училиштето | Декоративни трајни бои, четки, заштитни ракавици | Цртаме на подот во училишен двор | Развивање на креативност на учениците и подигање еко свест |

## ПРИЛОГ 32. Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите

(во училиштето и училишниот двор)

Врз основа на Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр.103/2008) и законите за изменување и дополнување на законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр.33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012), Училишниот одбор на ООУ „Јоаким Крчоски"–Волково донесе: Правила за однесување во училиштето. Донесениот правилник е во согласност со новинот Закон за основно образовнаие (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019) и со тоа истиот останува во сила.

### ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**ЧЛЕН 1.**

Со правилата на однесување во училиштето се утврдува однесувањето на вработените, учениците, родителите на учениците и на трети лица кои се присутни во училиштето.

**ЧЛЕН 2.**

Со почитување на правилата се обезбедува успешно одвивање на работата во училиштето, реализирање на воспитно-образовниот процес, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот, личните работи на учениците, вработените, родителите на учениците и на трети лица. Со тоа се зголемува и угледот на училиштето.

**ЧЛЕН 3.**

Во училиштето се негуваат меѓусебните односи, разбирањето, се почитува личноста на ученикот, вработените и родителите на учениците.

**ЧЛЕН 4.**

Во училиштето се забрануваат активности со кои се загрозуваат, омаловажуваат, дискриминираат или издвојуваат лица или групи на лица по основ на расна, национална, етничка, јазична, верска или полова припадност, личности со пречки во развојот и инвалидитет, возраст, социјално и културно потекло, имотна состојба, политичка определеност и поттикнување и неспречување на такви активности како и по други основи со кои се утврдува законот со кој се пропишани забраните за дискриминација.

Под дискриминација на лица или група на лица се смета секое непосредно или посредно, на отворен или прикриен начин, исклучување или ограничување на правата и слободите, нерамноправно однесување, односно неоправдано правење на разлика. За дискриминација не се сметаат посебни мерки воведени заради постигнување на полна рамноправност, заштита и напредок на лица, односно групи на лица кои се наоѓаат во нееднаква положба.

Препознавње на обликот на дискриминација од страна на вработениот, ученикот или трето лице во училиштето се врши по основ на критериуми пропишани од министерството за образование и наука.

**ЧЛЕН 5.**

Во училиштето се забранува:

- физичко и психичко насилство;
- злоупотреба и занемарување на учениците;
- физичко казнување и навредување, сексуална злоупотреба на ученикот или на вработените.

**ЧЛЕН 6.**

Под насилство и злоупотреба се подразбира секаков облик на вербално или невербално однесување од кое може да се загрози здравјето, развојот и достоинството на ученикот или вработениот.

Училиштето е должно веднаш да поднесе пријава до надлежниот орган доколку кај ученикот се забележат знаци на насилство, злоупотреба или занемарување.

**ЧЛЕН 7.**

Под физичко насилство во однос на правилата се сметаат:

– физичко казнување на ученикот од страна на вработените или пак од друга возрасна личност;
– секое однесување кое може да доведе до вистинска или потенцијална повреда на ученикот или вработениот;
– насилното однесување на вработените кон учениците или другите вработени како и насилното однесување меѓу учениците или вработените лица;

Под психичко насилство се смета и однесувањето кое доведува до моментално или трајно психичко и емоционално загрозување и повреда на достоинството;

Под социјално насилство се смета исклучувањето на ученикот од групата на врсници и друг облик на социјална активност на институцијата.

**ЧЛЕН 8.**

Во училиштето е забранет секаков облик на насилство и злоупотреба пропишани со правилата, од страна на учениците или нивните родители врз наставниците, стручните соработници и другите вработени лица во училиштето.

Во случај на прекршување на овие правила, се поведува прекршочна, т.е. кривична постапка, против родителот или старателот на ученикот.

**ЧЛЕН 9.**

Постапката во училиштето, како одговор на насилството и злоупотребата се спроведува според протокол кој ги утврдува содржината и начините на спроведување превентивни и интервентни активности, услови и начини за проценка на ризиците, начини за заштита од насилство, злоупотреба и занемарување, а ги носи министерот за образовние и наука.

Препознавање на невербални облици на злоупотреба на ученикот од страна на вработено лице за време на настава, одмор и рекреација и други облици на воспитно-образовна работа се врши врз основа на условите пропишани од министерот за образование и наука.

**ЧЛЕН 10.**

Врз учениците кои што ја прекршуваат забраната за дискриминација, насилство и злоупотреба, можат да се применат само оние мерки кои се утврдени со закон или со општ акт на училиштето.

**ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

**ЧЛЕН 12.**

Вработените имаат обврска со својата работа, однесување и изглед да допринесуваат за угледот на училиштето и развивањето на позитивна атмосфера.

**ЧЛЕН 13.**

Сите вработени се обврзани:

1. Редовно и на време да доаѓаат на работа;
2. Совесно да ги извршуваат работните задачи;
3. Навремено да го информираат директорот или неговиот заменик за евентуална спреченост во работата;
4. Да се воздржуваат од активности со кои се кршат правата на ученикот;
5. Да се заложуваат за остварување на правата, обврските и одговорностите на ученикот;
6. Да го пријавуваат кршењето на правата на ученикот кај директорот или училишниот одбор;
7. Да доаѓаат на работа пристојно облечени;
8. Да не конзумираат алкохол или други средства кои можат лошо да влијаат на нивната работа;
9. Да не внесуваат оружје во училиштето и училишниот двор, со што можат да ги загрозат животот и безбедноста на учениците и вработените;
10. За време на наставата да не користат мобилен телефон или други средства со кои се попречува наставата;
11. Да не ги оштетуваат личните работи и средства на училиштето, учениците, вработените итн.;
12. Потрошниот материјал од училиштето да го користат само во службени цели;
13. Да не ја изнесуваат училишната евиденција, други документи и потрошен материјал без претходно одобрение од директорот или неговиот заменик;

**ЧЛЕН 14.**

Наставникот е обврзан да дојде во училиште најмалку 30 минути пред почетокот на училишниот час. Главниот дежурен наставник е обврзан да дојде во училиште најмалку 60 минути пред почетокот на наставата во таа смена.

**ЧЛЕН 15.**

Дежурниот наставник го извршува дежурството пред почетокот на смената и за време на одморите.

**ЧЛЕН 16.**

Дежурниот наставник:

- се грижи за одржувањето на редот и безбедноста во училишната зграда и училишниот двор;

- презема мерки во случај на нарушување на редот или загрозување на безбедноста;
- дава задачи на дежурните ученици и им помага во работата;
- заради извршување на своите задачи, соработува со директорот или неговиот заменик и други лица вработени во училиштето.

**ЧЛЕН 17.**

Дежурниот наставник го утврдува и евидентира присуството на наставниците, ја координира работа во смената (замена на отсутни наставници, распоред на часови и сл.) и работата на дежурните ученици, изготвува извештај за работата во смената.

**ЧЛЕН 18.**

Работникот за одржување на хигиената е обврзан пред и по извршувањето на своите обврски, да дежура во холот на училиштето или пред просториите во кои ја одржува хигиената. Во случај на отсуство неговите обврски ги презема друг работник согласно распоредот кој го утврдува директорот.

**ЧЛЕН 19.**

Ложачот и работниците за одржување на хигиена се обврзани да го известат дежурниот наставник, директорот, заменикот директор или секретарот за секоја промена која може да доведе до нарушување на редот и безбедноста во училиштето.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**ЧЛЕН 20.**

Учениците се обврзани:

- да се придржуваат на правилата за однесување во училишните простории, училишниот двор и на други места каде се изведува настава, како и на патот од домот до училиштето;
- да се придржуваат на одлуките на органите во училиштето;
- да постапуваат по наредбите на директорот или неговиот заменик и наставникот;
- за решавање на проблемите во односите со другите ученици, наставниците или родителите на учениците, да се обраќаат на дежурниот наставник;
- редовно да ја посетуваат наставата и уредно да ги извршуваат своите обврски;
- отсуството од настава да го оправдаат со лекарско или родителско оправдание во рок од пет дена по враќањето во училиште;
- да не доцнат на настава;
- совесно да работат на усвојување на знаења и вештини пропишани со училишната програма;
- да го следат сопствениот напредок и да ги известуваат за тоа наставниците и родителите;
- во постапката на оценување на знаењето да го користат само сопственото знаење без користење на недозволени средства;
- да не ја попречуваат наставата и да не го напуштаат часот без претходно одобрение од наставникот;
- пристојно да се однесуваат и да ги почитуваат другите ученици, наставниците и другите вработени во училиштето;
- да се облекуваат пристојно (да носат училишни униформи);
- да го чуваат имотот на училиштето;

- да се залагаат за чување на животната средина и да се однесуваат според правилата за еколошка етика;
- за време на воспитно-образовниот процес да ја почитуваат забраната за користење на мобилен телефон или други апарати со кои може да се попречи наставата;
- да не носат оружје или други средства со кои може да се загрози животот на учениците, наставниците, родителите итн;
- да не користат алкохол, цигари и наркотични средства;
- да не предизвикуваат и учествуваат во тепачки, национална, расна и верска нетрпеливост.

**ЧЛЕН 21.**

Учениците се обврзани да бидат во училиштето најмалку 10 минути пред почетокот на наставата.

**ЧЛЕН 22.**

За време на огласувањето на ѕвончето за почеток на часот, учениците треба да бидат во училница, а оние кои задоцниле не треба да се задржуваат во ходниците туку дежурниот ученик треба да ги спроведе до училница.

**ЧЛЕН 23.**

Дежурниот ученик е ослободен од настава на денот кога го извршува дежурството.

Дежурниот ученик:

- ги евидентира родителите на учениците или други лица кои влегуваат во училиштето така што ги запишува нивните податоци и целта на посетата;
- учениците кои доцнат на настава ги спроведува до училница;
- ѕвони за почеток и крај на часот;
- ги воочува сите промени кои можат да доведат до нарушување на редот и безбедноста во училиштето и ги известува вработените од техничкиот персонал и/или дежурниот наставник и/или директорот за истите.

За дежурен ученик не може да биде предложен ученик кој има несоодветно однесување.

